# ВТОР ПРЕОДЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА АКТИВНОСТИТЕ И ПРЕДМЕТИТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

# RAPORTI I DYTË I PËRKOHSHËM

PËR AKTIVITETET DHE RASTET QË JANË NË KOMPETENCË TË PROKURORISË SPECIALE PUBLIKE

# SECOND INTERIM REPORT

ON THE ACTIVITIES AND THE CASES UNDER THE COMPETENCE OF THE SPECIAL PROSECUTOR'S OFFICE

Organization for Security and Co-operation in Europe
**Mission to Skopje**

# ВТОР ПРЕОДЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ И ПРЕДМЕТИТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## Набљудување судски процеси: Анализа на избрани прашања

ОБСЕ

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Овој извештај е подготвен од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Проектот е финансиран преку дополнителни буџетски придонеси доделени од Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија и Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите на Стејт Департментот на Соединетите Американски Држави (INL). Изразените наоди и заклучоци на авторите на извештајот не ги одразуваат гледиштата на донаторите.

ВТОР ПРЕОДЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ
И ПРЕДМЕТИТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА
СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО (СЈО)

Набљудување судски процеси: Анализа на избрани прашања


**1. Вовед ... 9**
1.1. Опфат ... 9
1.2. Методологија ... 10
1.3. Преглед на завршени предмети ... 11

**2. Право на судење во присуство ... 14**
2.1. Меѓународна правна рамка ... 14
2.2. Национална правна рамка ... 16
2.2.1. Судење во отсуство ... 17
2.3. Отсуство на обвинетите во предметите на СЈО ... 18
2.4. Судења во отсуство во предметите на СЈО ... 21
2.4.1. Горан Грујевски и Никола Бошкоски ... 21
2.4.2. Никола Груевски ... 24
2.4.3. Контроверзното прашање за одговорноста за бегството на Груевски ... 24
2.5. Заклучок ... 27

**3. Разумно времетраење на постапките, практики на управување со судските процеси и процесна ефикасност ... 30**
3.1. Меѓународна правна рамка ... 30
3.2. Национална правна рамка за прекин и одлагање на судските расправи ... 31
3.2.1. Одлагање на главната расправа поради отсуство на еден од учесниците во судската постапка ... 33
3.3. Причини за одлагање и пролонгирање на постапките во предметите на СЈО ... 34
3.3.1. Процесни прашања и приговори на одбраната ... 40
3.3.2. Отсуство на адвокатите на одбраната или промени во составот на бранителите ... 40
3.3.3. Отсуство на еден од судиите или промени во составот на судечкиот совет ... 40
3.4. Вообичаена динамика на одвивање на судските процеси на СЈО ... 41
3.5. Практики на управување со судскиот процес во предметите на СЈО ... 42
3.5.1. Меѓународна и компаративна правна рамка во однос на подготовките за главната расправа ... 42
3.5.2. Национална правна рамка во однос на улогата на Претседателот на судечкиот совет ... 43
3.5.3. Национална правна рамка во однос на правилата на доказната постапка ... 44
3.5.4. Прашања во врска со претходната постапка во предметите на СЈО ... 46
3.5.5. Доказна постапка во предметите на СЈО ... 47
3.5.5.1.Пресретнати комуникации 47
3.5.5.2. Материјални докази ... 48
3.5.5.3. Искази на сведоци ... 50
3.6. Заклучок ... 52

**4. Постигнување рамнотежа помеѓу ефикасноста и правичноста ... 53**
4.1. Право на соодветно време и услови за подготовка на одбраната ... 53
4.1.1. соодветни услови: Пристап до списите во судскиот предмет ... 53
4.1.2. Соодветно време ... 55
4.2. Национална правна рамка во однос на пристапот до списите во судскиот предмет ... 55
4.3. Процес на споделување на доказите во предметите на СЈО ... 57
4.4. Приговори на одбраната во предметите на СЈО ... 58

4.4.1. Отсуство на опрема за тонско или визуелно-тонско снимање во судниците ........................ 58
4.4.2. Барања за изземање на членови на судечките совети ............ 59
4.5. Динамиката на судските расправи на СЈО и правата на одбраната ..................... 60
4.6. Заклучок ................................................ 62

**5. Право на судење пред независен и непристрасен суд** ..................................... 64
5.1. Начело на неменливост на судиите . 64
5.2. Национална законска рамка во однос на неменливоста на судиите ......... 65
5.3. Прераспределба на судиите во предметите на СЈО ..................................... 66
5.4. Измени во составот на судечките совети во текот на самото судење ........... 68
5.5. Заклучок ................................................ 69

**6. Заклучок и препораки** ....................... 71

## СПИСОК НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ЕКЧП – Европска конвенција за човекови права
ЕСЧП – Европски суд за човекови права
СИС – Судија за извршување на санкциите
ЗКП – Закон за кривичната постапка
ЗС – Закон за судовите
ЗИС – Закон за извршување на санкциите
МВР – Министерство за внатрешни работи
ПС – Пратеник во Собранието
ПСС – Претседател на судечки совет
ЈО – Јавно обвинителство
ЗД – застареност на делото
СЈО – Специјално јавно обвинителство
УБК – Управа за безбедност и контраразузнавање

# РЕЗИМЕ

Вториот преоден извештај на Мисијата на ОБСЕ во Скопје за активностите и предметите во надлежност на Специјалното јавно обвинителство (СЈО), следи по објавувањето на првиот преоден извештај во август 2018 година, кој се однесуваше на првичната фаза од активностите на СЈО. Овој втор преоден извештај содржи анализа на набљудуваните судски предмети во периодот помеѓу **ноември 2016 и ноември 2018 година**, односно во двете години од почетокот на првиот судски процес на СЈО.

По самиот вовед, во кој се посочени опфатот и користената методологија, во второто поглавје од извештајот се анализираат законските одредби и праксата во однос на присуството на обвинетите на судењата. Иако стапката на отсуство на обвинетите не е прекумерно висока (14%), истото е главната причина за одлагање на расправите. Во поглавјето е посочено дека постојната законска рамка не предвидува соодветни алатки за постапување на судот, во околности кога обвинетите самоволно одлучуваат да не се појават на сопственото судење. Освен тоа, во поглавјето се говори и за обвинетите во предметите на СЈО, кои ја избегнаа правдата бегајќи во други држави. Согласно постојните законски одредби, може да помине значителен временски период, од моментот на носењето на правосилната пресуда, до моментот кога осуденото лице е должно самото да се пријави за отслужување на затворската казна (или до моментот кога истото ќе биде лишено од слобода од надлежните органи), во текот на кој осуденикот може да избега.

Во третото поглавје се разгледуваат прашањата на ефикасност и експедитивност. Иако се бележи значителен напредок во однос на динамиката на судењата во периодот помеѓу 2017 и 2018 година, како и општата стапка на одлагање на судските расправи (33%) која не е прекумерно висока, во поглавјето се говори и за другите причини за одлагање на судските постапки во кои учествува СЈО. Првата од нив, е неподготвеноста на судиите да преземат активна улога во управувањето со предметите и нивниот неуспех во адресирањето и разрешувањето на процесните прашања во претходната постапка, пред почетокот на самиот судски процес, што води кон долги дебати во судниците и одлагање на почетокот на доказната постапка во судскиот процес. Втората причина е несоодветниот избор на сведоци и материјални докази од страна на странките, како и неефективната презентација на нивната аргументација во текот на судењето, кои, дополнети со недоволната контрола и корекции од страна на судот, водат кон изведување на докази, кои се чинат излишни или чија поврзаност со обвинителниот акт не е секогаш јасна.

Во четвртото поглавје се говори за некои од приговорите што одбраната ги има вложувано во предметите на СЈО, со посебен акцент врз оние, поврзани со споделувањето на доказите по завршетокот на истрагата. СЈО ја исполнуваше својата обврска за овозможување пристап до предметните списи за одбраната, а на адвокатите на одбраната им обезбедуваше и компакт дискови со собраните докази кои одат во прилог на обвиненијата. Меѓутоа, СЈО, за потребите на одбраната не обезбедуваше и копии од прислушуваните разговори, од причини кои и понатаму остануваат неразјаснети. Освен тоа, судот ја поддржа таквата одлука на СЈО, без да даде соодветно образложение за

сопствената одлука. Во ова поглавје се говори и за поплаките на одбраната, во однос на динамиката со која се одвиваат судските процеси на СЈО. Според адвокатите на одбраната, поради бројните расправи за предметите на СЈО, кои се закажуваат во текот на една седмица, одбраната нема доволно време соодветно да се подготви за судењето. Изведениот заклучок е дека, имајќи ги предвид меѓународните стандарди за фер и правично судење, се чини дека ваквите поплаки не се основани, затоа што проблемот не е поврзан со динамиката на одвивање на поединечните предмети, туку со фактот што некои од адвокатите постапуваат пред судот во повеќе предмети истовремено.

Во петтото поглавје повторно се навраќаме на процесот на распоредување на судиите за постапување по предметите на СЈО од страна на Претседателот на судот. Во периодот од декември 2016 година, до јануари 2018 година, организационата поставеност на Основниот суд Скопје 1 се менуваше три пати, по основ на донесените одлуки од тројца различни Претседатели на судот (двајца од нив беа вршители на должност Претседател на судот). Ова беше причина за појава на негативни оценки во јавноста, во однос на независноста и непристрасноста на судството. Изведениот заклучок во поглавјето, е дека леснотијата со која судиите можат да се преместуваат од еден во друг оддел во судовите преставува причина за загриженост и истото не е во согласност со најдобрата меѓународна практика/минималните стандарди за неменливост на судиите и распределба на судските предмети. На крајот на извештајот се дадени неколку препораки за учесниците во судските процеси, како и за законодавната и за извршната власт. Препораките се насочени кон изнаоѓање решенија за идентификуваните прашања во извештајот, со цел да се подобри ефикасноста и правичноста на судските постапки во кои учествува СЈО, како и на сите останати судски постапки.

# 1. Вовед

## 1.1. Опфат

Вториот преоден извештај на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, за активностите и предметите во надлежност на Специјалното јавно обвинителство (СЈО), следи по објавувањето на првиот преоден извештај во август 2018 година, кој се однесуваше на првичната фаза од активностите на СЈО, сè до моментот на потврдување на подигнатите обвиненија.[1] Овој извештај продолжува со анализата на набљудуваните судења. Набљудувањето на судските процеси е широко прифатена моќна и повеќенаменска алатка, со чија помош може да се зајакне правичноста, ефективноста и транспарентноста на судските системи, преку оценка на нивната усогласеност со владеењето на правото и меѓународните стандарди за правично судење, без притоа да се даваат коментари во однос на основаноста на индивидуалните случаи.[2]

Во моментот на изработка на овој извештај, најголемиот број од судењата на СЈО беа сè уште во тек.[3] Овој преоден извештај го опфаќа периодот помеѓу **ноември 2016 и ноември 2018 година**, односно двете години од почетокот на првиот судски процес на СЈО на 28 ноември 2016 година (предметот *Тврдина 2*). Извештајот врши анализа на почитувањето на одреден број права, поврзани со правичното судење во текот на постапките, во согласност со толкувањето на истите од страна на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), адресирајќи само одреден број на прашања, за кои беше оценето дека заслужуваат итно внимание. Акцентот во овој извештај е ставен врз 20-те предмети за кои СЈО поднесе обвинителни акти, а беа поврзани со скандалот со прислушувањето (односно, поведените предмети по иницијатива на СЈО). Од тие причини, извештајот не ги опфаќа предметите што беа преземени од Јавното Обвинителство (ЈО).[4] Постапувањето по овие предмети започна многу порано, пред формирањето на СЈО и истото траеше со години, пред преземањето на овие предмети од страна на СЈО. По сите овие предмети се постапува согласно стариот Закон за кривичната постапка (ЗКП), односно поранешниот ЗКП, кој се засноваше на континенталниот/инквизиторски модел, кој беше во сила до 2013 година. Имајќи предвид дека овие предмети во значителна мерка се разликуваат од предметите што ги иницираше СЈО, истите ќе бидат предмет на разгледување во конечниот извештај. Конечно, сегашниот извештај не ги опфаќа



[1] Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Прв преоден извештај за активностите и предметите во надлежност на Специјалното јавно обвинителство* (понатаму во текстот именуван како „Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Прв преоден извештај за СЈО*“) од 28 август 2018 година, достапен на следнава интернет адреса: https://www.osce.org/mission-to-skopje/391745.

[2] ОБСЕ-ОДИХР, *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичари,* 2012, стр. 16. Погледнете и Maria Alcidi, *Набљудување судски процеси: Методологии на ОБСЕ,* Европски годишник за човекови права, 2014, стр. 406.

[3] Таргет–*Тврдина, Трезор, Тврдина 2, Титаник 1, Титаник 2, Титаник 3, Општина Центар (понатаму во текстот именуван како „Центар“), Тортура, ТНТ, Топлик, Тендери, Тенк, Триста, Траекторија, Труст, Транспортер, Тарифа, Тотал, Тревник и Тифани. До ноември 2018 година, пет од вкупно 20 предмети веќе беа пресудени во прв степен (Тврдина 2, Тифани, Триста, Тенк и Труст*). За повеќе информации погледнете ја точката 1.3.

[4] *Сопот, Шпион, Монструм, Маџар Телеком.*

истрагите што СЈО ги отвори по истекот на крајниот рок, предвиден во Законот за СЈО (јуни 2017 година).[5]

Овој извештај, исто како и првиот преоден извештај, е изготвен во контекст на проектот за „набљудување на активностите и судските предмети во надлежност на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите" (понатаму во текстот именуван како „Проектот СЈО"). Проектот СЈО е финансиран преку дополнителни буџетски придонеси, обезбедени за потребите на Мисијата од страна на Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија и Стејт Департмент на САД, Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите (INL), на Соединетите Американски Држави.

### 1.2. Методологија



Следењето на судските процеси од страна на набљудувачите на ОБСЕ во судниците, го претставува основниот извор на информациите што беа употребени за составување на овој извештај. Во периодот помеѓу ноември 2016 година и ноември 2018 година, вработените од ОБСЕ беа вклучени во набљудувањето на 20 предмети на СЈО и присуствуваа на 316 расправи што се одвиваа пред Основниот суд Скопје 1. После секоја одржана расправа, набљудувачите изготвуваа стандардизирани извештаи, со детали за нивните забележувања, врз основа на кои беа дефинирани наодите во овој извештај. Освен врз набљудуваните судски процеси, овој извештај, исто така, се потпира и на јавно достапните информации од медиумите и научните трудови и написи. Освен доколку не е конкретно посочено, овој извештај не содржи анализи на поединечни судски документи (односно, судски одлуки или писмени поднесоци од странките). Во текот на временскиот период опфатен со овој извештај, Основниот суд донесе само пет првостепени пресуди (погледнете ја точката 1.3. подолу во текстот), за кои жалбените постапки се сè уште во тек. Од тие причини, конечниот извештај на Мисијата ќе содржи сеопфатна анализа на судските пресуди донесени во предметите на СЈО.

Проектот СЈО стриктно се придржува кон начелата на неинтервенирање, објективност и согласност, на начин на кој истите се дефинирани во публикацијата под наслов *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичари* [6] на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ-ОДИХР). Начелото на неинтервенирање или немешање, произлегува директно од начелото на независност на судството.[7] Како такво, истото забранува било каков „контакт или интеракција со судот, во однос на основаноста на индивидуалните случаи", како и било какви „обиди за вршење индиректно влијание врз исходот на поединечните предмети преку неформални канали".[8] Начелото на објективност „произлегува од користа на следењето на судските процеси како дијагностичка алатка и потребата за обезбедување прецизни и веродостојни

[5] Погледнете го *Првиот преоден извештај за СЈО* на Мисијата на ОБСЕ во Скопје од 2018 година, стр. 49.
[6] ОБСЕ-ОДИХР, *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичари,* 2012 година, стр. 18-20.
[7] М. Алциди (M.Alcidi) (види фуснота 2) стр. 415.
[8] ОБСЕ-ОДИХР, *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичари,* 2012 година, стр. 18.

информации, во врска со функционирањето на правосудниот систем“.[9] Како такво, од програмите за следење на судските процеси бара прецизно и непристрасно известување за правосудните постапки, со употреба на јасно дефинирани и прифатени стандарди.[10] Конечно, начелото на согласност значи дека националните власти се согласиле да го дозволат набљудувањето на судските постапки, како дел од нивната посветеност и почитување на правилата и начелата воспоставени од страна на ОБСЕ во правосудната сфера.[11]

Во моментот на изработка на овој извештај, првостепените или жалбените постапки за овие 20 предмети беа сè уште во тек. Придржувајќи се кон гореспоменатото начело на неинтервенирање, наодите содржани во овој извештај се однесуваат само на процесната правичност и ефикасност на судењата (што се оценува како наспроти меѓународните, така и наспроти националните стандарди за фер и правично судење), а не на основаноста на индивидуалните случаи. Преку вклучувањето на судската ефикасност во рамки на опфатот на извршената анализа, овој извештај го надминува традиционалниот пристап на програмите за следење на судските процеси, кои вообичаено се ориентирани кон контролата на почитувањето на правата на обвинетите. Судската ефикасност секогаш не коинцидира со правата и интересите на обвинетите. Затоа, судовите мораат да постигнат соодветна рамнотежа меѓу нив. Изборот за вклучување на ефикасноста на постапките, како еден од ценетите елементи при набљудувањето на судските процеси, се должи на високиот степен на интерес на јавноста за предметите, во кои станува збор за сериозни повреди на владеењето на правото, сторени од страна на високи државни функционери и во однос на кои, јавноста има значителни очекувања за брзо утврдување на законската одговорност, со целосно почитување на правата на обвинетите лица.



### 1.3. Преглед на завршени предмети

За време на законски предвидениот период за поднесување обвиненија согласно Законот за СЈО,[12] Специјалното јавно обвинителство поднесе вкупно 20 обвинителни акти.[13] До крајот на јануари 2018 година, сите обвиненија беа потврдени (а само едно од нив беше делумно потврдено).[14] Првите отпочнати судења беа оние за кои обвиненијата беа поднесени порано: *Тврдина 2,* кое започна на 28 ноември 2016 година, *Центар,* кое започна на 16 декември 2016 година и *Транспортер,* кое започна на 28 септември 2017 година. Останатите 17 судски процеси започнаа во периодот помеѓу ноември 2017 година и април 2018 година. До ноември 2018 година беа донесени првостепени пресуди во пет од овие

---

[9] Истиот извор, стр. 19.
[10] Истиот извор.
[11] Истиот извор, стр. 20.
[12] Согласно Членот 22 од Законот за СЈО, СЈО „може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражна постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност“. На 30 декември 2015 година, Заев ги предаде снимките на СЈО. Така, до 30 јуни 2017 година, СЈО требаше да заврши со поднесување на сите обвиненија поврзани со тие пресретнати разговори.
[13] На 14 септември 2016 година, СЈО ги поднесе првите две обвиненија во случаите *Тврдина 2* и *Центар.* На 5 април 2017 година, СЈО го поднесе своето трето обвинение за случајот *Транспортер.* Останатите 17 обвинителни акти, СЈО ги поднесе во периодот меѓу 29 и 30 јуни 2017 година.
[14] *Титаник 2.*

предмети (*Тврдина 2, Тифани, Триста, Тенк, Труст*); три од нив беа обжалени, а постапката пред Апелациониот суд беше исто така целосно завршена (*Тврдина 2, Тифани и главниот предмет во случајот Тенк*). Беа донесени осудителни пресуди против вкупно 16 обвинети лица (4 од нив ја признаа вината за стореното дело). Во продолжение на текстот е даден преглед на завршените предмети. Описите на останатите предмети можете да ги пронајдете во Поглавјето 3 од првиот преоден извештај на Мисијата за случаите по кои постапува СЈО.

i) Постапката во прв степен за предметот *Тврдина 2*, поврзан со уништувањето на документацијата за опремата што се користела за пресретнување на комуникациите, беше завршена на 8 ноември 2017 година. Сите 7 обвинети лица беа прогласени за виновни, како сторители на кривичното дело Фалсификување службена исправа согласно Член 361, став 2, алинеја 1 од Кривичниот законик. Првообвинетиот Горан Грујевски (понатаму во текстот именуван како Грујевски) беше осуден во отсуство[15] на затворска казна од 1 година и 6 месеци. Пет обвинети беа условно осудени на затворска казна од 1 година (со период на условна осуда од 3 години), а на еден од обвинетите му беше изречена условна затворска казна во времетраење од 9 месеци (со период на условна осуда од 2 години). Само двајца од обвинетите ја обжалија ваквата судска пресуда – Грујевски и Валентина Симоновска (понатаму во текстот Симоновска). На 10 април 2018 година, Апелациониот суд ја потврди пресудата за Симоновска. Од друга страна, судот ја укина осудителната пресуда за Грујевски и го врати предметот на повторно судење, со образложение дека во конкретниот случај, не биле исполнети законски предвидените услови за судење во отсуство. Повторениот судски процес против Грујевски, кому и понатаму му се суди во отсуство, започна на 19 септември 2018 година и е сè уште во тек.



ii) Судскиот предмет *Тифани*, во кој се обвинети една комуникациска и консалтинг компанија и нејзината сопственичка Ивона Талевска (понатаму во текстот именувана како Талевска) за кривичното дело Даночно затајување, согласно Член 279, став 2, алинеја 1 од Кривичниот законик, се заврши со признание на вината од страна на Талевска, на која, на 19 февруари 2018 година, ѝ беше изречена условна казна од 2 години затвор (со период на условна осуда од 4 години). По основ на парични казни и надомест на штета, Талевска и нејзиното претпријатие беа задолжени, во полза на државата, да уплатат вкупен износ од 3.700.000 денари. На 18 јули 2018 година, Апелациониот суд ја потврди ваквата пресуда.

iii) Првостепената постапка во судскиот предмет *Триста*, поврзан со изигрување на постапката за доделување договор за јавна набавка на 300 моторни возила за потребите на Министерството за внатрешни работи (МВР), беше завршена на 22 мај 2018 година. Поранешниот помошник министер за општи работи во МВР Ѓоко Поповски (понатаму во текстот именуван како Поповски), беше осуден за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување, согласно Член 353, став 5, алинеја 1 од Кривичниот законик и му беше изречена затворска казна од 9 години. Освен тоа, Поповски беше задолжен да уплати и речиси 28 милиони денари во полза на буџетот на МВР. Во

[15] Во јули 2017 година, со цел, да го избегне притворот изречен во претходната постапка за поврзаниот случај Таргет-*Тврдина*, Грујевски избега во Грција, заедно со сообвинетиот Никола Бошкоски (понатаму во текстот именуван како Бошкоски). На 18 мај 2018 година, Врховниот суд во Грција го одби барањето за нивна екстрадиција.

декември 2018 година, по истекот на временскиот период опфатен со овој извештај, Апелациониот суд ја укина првостепената осудителна пресуда и го врати случајот на повторно судење пред првостепениот суд.

iv) Првостепената постапка во предметот *Тенк*, во врска со набавката на едно луксузно возило за потребите на поранешниот премиер Никола Груевски (понатаму во текстот именуван како Груевски), заврши на 23 мај 2018 година. Груевски беше прогласен за виновен поради Примање награда за извршено незаконско влијание, согласно Член 359, став 2 од Кривичниот законик и осуден на затворска казна од 2 години. Поранешниот помошник министер за општи работи во МВР Ѓоко Поповски (понатаму во текстот именуван како Поповски) беше осуден за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување, согласно Член 353, став 5, алинеја 1 од Кривичниот законик и му беше изречена затворска казна од 6 години и 6 месеци. На 5 октомври 2018 година, Апелациониот суд ја потврди осудителната пресуда за Груевски, а казната на Поповски ја намали на 4 години и 6 месеци. На поранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкуловска (понатаму во текстот именувана како Јанкуловска) ѝ беше судено во одвоена постапка. На 8 октомври 2018 година, таа беше прогласена за виновна за сторено дело Злоупотреба на службената положба и овластување, согласно Член 353, став 5, алинеја 1 од Кривичниот законик и осудена на 6 години затвор. На барање на СЈО, судот на Јанкуловска ѝ изрече забрана за напуштање на живеалиштето, поради постоење на опасност од нејзино можно бегство, согласно Член 163 од Законот за кривичната постапка. На 28 март 2019 година, по истекот на временскиот период опфатен со овој извештај, Апелациониот суд ја намали казната на Јанкуловска на 4 години.



v) Првостепената постапка во предметот *Труст*, поврзан со изигрувањето на тендерската постапка за експлоатација на јагленокопот во Битола, беше завршена на 20 јули 2018 година. Двајцата обвинети, односно Сеад Кочан (понатаму во текстот именуван како Кочан) и Василије Авировиќ (понатаму во текстот именуван како Авировиќ), беа прогласени за виновни за злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно - приватно партнерство, согласно Член 275–в, став 3, алинеја 1 од Кривичниот законик. Кочан доби казна од шест години, а Авировиќ три годишна затворска казна. Двете претпријатија во сопственост на обвинетите, против кои, исто така, беше поднесено обвинение, беа прогласени за виновни за истото кривично дело и им беа изречени парични казни од по два милиони денари, како и забрана за учество во постапки за јавни набавки во период од три години. Судот изрече и наредба за конфискација на имот во сопственост на претпријатијата во вкупна вредност од 1.063 милијарди денари. Трето обвинетиот Сафет Ватиќ доби ослободителна пресуда. Кочан и Авировиќ ја обжалија судската пресуда и по истекот на временскиот период опфатен со овој извештај, на 11 март 2019 година, Апелациониот суд му изрече на Кочан затворска казна од 4 години и 8 месеци, а на Авировиќ затворска казна од 2 години (условна казна со период на условна осуда од 5 години).

Кога станува збор за предметите на СЈО, освен обвинетата Талевска во предметот *Тифани*, вината ја признаа уште три обвинети лица. Во предметот *Центар*, обвинетите Томислав Лазаров (понатаму во текстот именуван како Лазаров) и Јордан Ристески (понатаму во

текстот именуван како Ристески) го признаа делото Насилство, согласно Член 386, став 2, алинеја 1 од Кривичниот законик и на 24 и 30 ноември 2017 година им беа изречени условни затворски казни од по 6 месеци (со период на условна осуда од 2 години); во предметот *Таргет-Тврдина*, на 22 ноември 2017 година, на обвинетата Елена Циланова (понатаму во текстот именувана како Циланова) ѝ беше изречена истата казна, откако го призна делото Помагање на сторител во извршено кривично дело, согласно Член 365, став 2, алинеја 1 од Кривичниот законик.

## 2. Право на судење во присуство

### 2.1. Меѓународна правна рамка



Иако правото на учество во сопственото судење не е посебно спомнато во Членот 6 од Европската конвенција за човекови права, кој говори за правото на правична судска постапка[16] – според Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), постоењето на ова право се „одразува во севкупната цел и намената на овој Член“.[17] Од тие причини, должноста за гарантирање на правото на сите кривично обвинети лица, да бидат присутни во судница, се смета како едно од суштинските барања предвидени во Членот 6.[18] Всушност, само доколку обвинетото лице е присутно во судницата, ќе биде во состојба на разумен начин да ги ужива правата, кои се предвидени во потточките (в), (г) и (д) од Членот 6, став 3, односно, правата на „лична одбрана во присуство“, „лично сослушување или барање за испитување на сведоците“ и „користење бесплатна помош од преведувач, доколку обвинетиот не го разбира или не го зборува јазикот на кој се одвива судењето“.

Надлежните државни органи имаат обврска навреме да го повикаат обвинетиот и да го информираат за обвинението. Според ЕСЧП, „информирањето на одредено лице за подигнатите обвиненија против него или неа, претставува законски чин од највисока важност и истиот мора да се изврши во согласност со предвидените процесни и материјални услови и барања, кои мораат да гарантираат ефективна заштита на правата на обвинетиот; неодреденото и неформално објаснување не може да се смета за доволно“.[19]

Сепак, правото да се биде присутен на сопственото судење не е апсолутно право и поради тоа, обвинетиот има право да се откаже од него. Во случај на откажување, судењето во отсуство постои како можност и тоа може да се оправда со потребата за избегнување на застарување на делото, односно можноста за кривично гонење, како и поради потребата да се донесе пресуда, додека доказите се сè уште на располагање, доколку постои опасност истите повеќе да не бидат на располагање поради изминувањето на долг временски

[16] Од друга страна, гаранцијата на ова право е директно предвидена во Членот 14, став 3, точка г од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП), како имплицитна карактеристика на правото на одбрана и правото на јавно судење; погледнете го документот на ОБСЕ-ОДИХР насловен како *Правен преглед на меѓународните права за фер и правично судење*, стр. 133.
[17] ЕСЧП, *Колоца против Италија*, Тужба број 9024/80, став 27 (од 12 февруари 1985 година);
[18] ЕСЧП, *Херми против Италија*, Тужба број 18114/02, ставови 58-59 (од 18 октомври 2006 година); ЕСЧП, *Сејдовиќ против Италија*, Тужба број 56581/00, ставови 81 и 84 (од 1 март 2006 година); ЕСЧП, *Арпс против Хрватска,* Тужба број 234444/12, став 28 (од 25 октомври 2016 година).
[19] ЕСЧП, *Т. против Италија*, Тужба број 14104/88, став 28 (од 12 октомври 1992 година);

период.[20] Од тие причини, кога зборуваме за судењата во отсуство, од суштинска важност е да се утврди дали обвинетиот по сопствена волја се откажал од своето фундаментално право на присуство. Откажувањето од ова право може да биде експлицитно или пак имплицитно вградено во самото однесување, на пример, кога обвинетиот постојано се обидува да го избегне судењето.[21] Во секој случај, истото мора да биде утврдено на „недвосмислен начин“.[22]

ЕКЧП прави разлика помеѓу случаите во кои обвинетиот намерно одлучил да не биде присутен на судењето и оние случаи, каде обвинетиот не бил свесен за одржувањето на судскиот процес, од причини што се вон негова или нејзина контрола.[23] Само во вториот случај постои обврска, на лицето што било осудено во отсуство да му се даде можност да бара повторно утврдување на основаноста на обвиненијата против него или неа, од страна на судот кој му судел и претходно.[24] Со други зборови, обвинетиот има право на повторно судење во негово или нејзино присуство, само доколку не може да се утврди дека обвинетиот самиот се откажал од таквото право или дека тој или таа се обидува да го избегне судењето. Во предметот *Меденица против Швајцарија*,[25] Судот утврди дека фактот, што националните власти одбиле да му овозможат повторно судење на обвинетиот, не може да се оцени како несразмерна казна, затоа што судските списи во предметот не содржеле ништо, што би можело да води кон заклучок дека неговото отсуство се должело на околности вон негова контрола. Освен тоа, земајќи ги предвид сите околности во конкретниот предмет во целост, „самиот тужител во голема мерка и самиот придонел кон настанување на ситуацијата, која го спречила да се појави“ пред судот.[26]



Товарот на докажување им припаѓа на судските органи. На обвинетиот не смее да му се префрли обврската за докажување, дека тој не се обидувал да ја избегне правдата или пак дека неговото или нејзиното отсуство било резултат на Виша сила.[27] Во еден од случаите кога обвинетиот не бил лично известен, Судот оценил дека „самиот „бегалски“ статус на едно лице, заснован врз претпоставки и без доволно цврста фактичка основа, не може да биде единствениот елемент, врз кој ќе се заклучи дека лицето се откажало од правото да се појави во судница и да даде сопствена одбрана“.[28] Сепак, дури и во отсуство на официјална покана која би ја примил обвинетиот, „одредени утврдени факти би можеле да послужат како недвосмислена индикација за тоа, дека обвинетиот е свесен и знае дека против него или неа се води кривична постапка и е запознаен со природата и причината за обвинението и нема намера да учествува во судскиот процес или пак сака да го избегне

[20] Елизабета Ивичевиќ Карас, *Повторување на постапките во случаите на судење во отсуство: Европски правни стандарди и законодавството во Хрватска*, од Серијата на ЕУ и компаративните правни прашања и предизвици, Правен факултет Јосип Јурај Штросмајер при Универзитетот во Осијек, 2018 година, стр. 293; Трексел С., *Човекови права во кривичните постапки*, Издаваштво на Оксфордскиот универзитет, 2005 година, стр. 253.
[21] ЕСЧП, *Лена Атанасова против Бугарија*, Тужба број 53009/07, став 52 (од 26 јануари 2017 година);
[22] ЕСЧП, *Салдуз против Турција*, Тужба број 36391/02, став 59 (од 27 ноември 2008 година);
[23] Е. Ивичевиќ Карас (погледнете фуснота 20), стр. 293.
[24] ЕСЧП, *Сејдовиќ против Италија*, Тужба број 56581/00, став 82 (од 1 март 2006 година);
[25] ЕСЧП, *Меденица против Швајцарија*, Тужба број 20491/92 (од 14 јуни 2001 година);
[26] ЕСЧП, *Меденица против Швајцарија*, Тужба број 20491/92, ставови 57-59 (од 14 јуни 2001 година);
[27] ЕСЧП, *Колаца против Италија*, Тужба број 9024/30 (од 12 февруари 1985 година);
[28] ЕСЧП, *Сејдовиќ против Италија*, Тужба број 56581/00, став 87 (од 1 март 2006 година);

кривичниот прогон".[29] Примерите што ги посочува Судот, вклучуваат и случаи во кои „обвинетиот јавно изјавува (...) дека нема намера да одговори на судските покани и повици (...), или пак успева да ги избегне обидите за негово или нејзино лишување од слобода или кога надлежните органи располагаат со доволно материјални докази, кои укажуваат на фактот дека тој или таа знае за постапката која се води против него или неа и е свесен/на за обвиненијата со кои се соочува". [30] Истовремено, се препушта на националните надлежни органи да оценат, дали обвинетиот бил во состојба да понуди соодветно оправдување за неговото или нејзиното отсуство или пак дали постои било што во списите од судскиот предмет, што би можело да послужи како доказ дека обвинетиот бил отсутен поради причини што се вон негова или нејзина контрола.[31]

## 2.2. Национална правна рамка



Правото на судење во присуство е загарантирано со Членот 70 од Законот за кривичната постапка, кој ги дефинира процесните права на обвинетите лица. Со цел, да се обезбеди присуство на обвинетиот, судот е должен навремено и соодветно да го информира обвинетиот за постапката. Согласно Членот 127 од ЗКП, писмената се доставуваат по пошта, по електронски пат, преку службено лице на судот или може да биде предадено во просториите на судот. Писменото се доставува до лицето за кое е испратено, на адресата на неговото живеалиште или престојувалиште или на адресата каде што работи, а може да се испрати и на друга адреса на која примателот може да се затекне.[32] Согласно Членот 130, став 1 од ЗКП, ако органот што ја води постапката не може да му го достави писменото на обвинетиот, затоа што не ја пријавил промената на адресата или очигледно на друг начин избегнува да го прими писменото, истото ќе се истакне на огласната табла на судот, а по истекот на осум дена од денот на истакнувањето, ќе се смета дека е извршена уредна достава.

Обвинетиот мора да биде присутен на сопственото судење, освен во околностите и ситуациите во кои се исполнети барањата и предвидените услови за судење во отсуство (погледнете ја точката 2.2.1. подолу во текстот). Генералното правило е дека доколку обвинетиот е отсутен, расправата мора да се одложи.[33] Согласно Членот 157, став 1 и Членот 365, став 1 од ЗКП, судот може да издаде наредба за присилно доведување на обвинетиот во две ситуации: 1) кога и покрај тоа што бил уредно поканет, обвинетиот не се појави пред судот без да даде соодветно оправдување за својот изостанок; и 2) кога обвинетиот не може да биде уредно поканет, а од околностите очигледно произлегува дека обвинетиот намерно го одбегнува приемот на поканата. Во обата случаи, судот може на обвинетиот да му определи мерка притвор, повикувајќи се на одредбите во Членот 165, став 1, точка 4. Во првиот случај, мора да се докаже дека обвинетиот намерно избегнува да

[29] ЕСЧП, *Сејдовиќ против Италија*, Тужба број 56581/00, став 99 (од 1 март 2006 година);
[30] ЕСЧП, *Сејдовиќ против Италија*, Тужба број 56581/00, став 99 (од 1 март 2006 година); ЕСЧП, *Стојанов против Бугарија*, Тужба број 25714/05 (од 25 март 2014 година).
[31] ЕСЧП, *Меденица против Швајцарија*, Тужба број 20491/92, став 57 (од 14 јуни 2001 година).
[32] ЗКП, Член 128, став 1.
[33] Според Членот 367 од ЗКП, единствената ситуација во која може да се одржи главната расправа во отсуство на обвинетиот (или на неговиот или нејзиниот бранител), е кога според доказите што се наоѓаат во списите е очигледно дека би морала да се донесе пресуда со која се одбива обвинението.

се појави пред судот; во вториот случај, претходно мора да се направени два неуспешни обиди за уредна достава на судската покана за обвинетиот. Согласно Членот 165, став 4 од ЗКП, „притворот трае до објавувањето на пресудата, а најдолго 30 дена".

Како што може да се забележи, намерата на ЗКП е на судот да му ги понуди неопходните алатки што му се потребни да обезбеди одвивање на судскиот процес без никакви одлагања. Сепак, се чини дека ваквата цел се негира поради отсуството на јасни индикатори за тоа, кога отсуството на обвинетиот може да послужи како оправдување за одлагање на расправата. ЗКП не пропишува, ниту пак содржи дефиниција за концептот на „валидно оправдување". Напротив, се чини дека законот им дава можност на обвинетите да се повикаат на било какви причини, како оправдување за нивната неможност да присуствуваат на судењето. Како последица на ова, ЗКП на судиите им дава широки дискрециони овластувања при носењето на одлуката, дали ќе ги прифатат таквите оправдувања и ќе ја одложат расправата, или ќе издадат наредба за присилно доведување на обвинетиот пред судот. Сепак, дури и во случаите кога се издава наредба за присилно доведување на обвинетиот, шансите дека надлежните органи ќе бидат во состојба навреме да го лишат од слобода и да го доведат обвинетото лице пред судот се мали. Од тие причини, ЗКП предвидува дека, ако доведувањето на обвинетиот не може да се изврши веднаш, тогаш судот ќе ја одложи главната расправа и ќе нареди обвинетиот да се доведе присилно на идната расправа. [34] Ако до приведувањето, обвинетиот го оправда изостанокот, Претседателот на советот ќе ја отповика наредбата за присилно доведување.[35] Како што ќе можете да прочитате и понатаму во текстот, во предметите на СЈО, судиите беа многу сочувствителни кон отсутните обвинети и во сите вакви случаи, носеа одлуки за одлагање на расправата.



### 2.2.1. Судење во отсуство

Генералното правило предвидено во ЗКП, е дека судењето мора да се одвива во присуство на обвинетиот, освен ако не се исполнети барањата и условите за судење во отсуство. Согласно Членот 365, став 3 од ЗКП, на обвинетиот може да му се суди во отсуство само ако е во бегство или ако не им е достапен на државните органи, а постојат неодредени „особено важни причини" да му се суди, иако е отсутен. Согласно Членот 365, став 4 од ЗКП, судот може да донесе решение за судење во отсуство на обвинетиот по предлог од тужителот; евентуалната жалба не го задржува извршувањето на решението за судење во отсуство.

Согласно Членот 456, став 1 од ЗКП, секое лице осудено во отсуство има право да бара повторување на постапката, доколку настапила можност повторно да му се суди во негово присуство и тоа во рок од една година од денот кога осудениот дознал за пресудата со која е осуден во отсуство. Согласно оваа законска одредба, доколку биде поднесено такво барање, кривичната постапка „ќе се повтори". Тоа подразбира дека лицето што било осудено во отсуство, има право на повторно судење во негово или нејзино присуство,

[34] Член 365, став 1 од ЗКП.
[35] Член 365, став 1 од ЗКП.

штом истото стане можно, без разлика на причините поради кои лицето претходно не било присутно во текот на постапката. Од овој аспект, се чини дека националната правна рамка нуди повеќе гаранции дури и од ЕКЧП, која не пропишува обврска за националните надлежни органи за повторно судење на обвинетите, кои своеволно се откажале од правото да бидат присутни во текот на судењето (на пример, со давање во бегство).

Конечно, би било корисно да се разгледа и поврзаноста на институтот на судење во отсуство, со одредбите од Кривичниот законик (КЗ) во врска со застарувањето на извршувањето на кривичните санкции. Слично како и кај одредбите за застарување на кривичното гонење од аспект на отпочнувањето и завршувањето на кривичната постапка, кои се поврзани со извршувањето на делото (или со последиците предизвикани од истото) и законски пропишаната казна,[36] Кривичниот законик предвидува „релативно“ и „апсолутно“ застарување за извршувањето на кривичните санкции, кое е поврзано со датумот на правосилноста на пресудата со која е изречена казната. Релативното застарување на извршувањето на казните е дефинирано во Членот 109 од КЗ и според него, изречената казна не може да се изврши кога ќе поминат: 1) 30 години од осуда на доживотен затвор; 2) 20 години од осуда на затвор над десет години; 3) десет години од осуда на затвор над пет години; 4) пет години од осуда на затвор над три години; 5) три години од осуда на затвор над една година; и 6) две години од осуда на затвор до една година или на парична казна. Иако ваквите рокови на застарување се прекинуваат „со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради извршување на казната“[37], Кривичниот законик предвидува апсолутен, несовладлив краен рок, по истекот на кој изречената казна повеќе воопшто не може да се изврши, а истиот се смета за истечен, откако ќе помине двојно повеќе време од законски предвиденото време за релативно застарување на извршувањето на казната. Како последица на ова, доколку е истечен апсолутниот рок за застарување на извршувањето на казната, повеќе не е можно повторно да им се суди на лицата кои претходно биле осудени во отсуство.



### 2.3. Отсуство на обвинетите во предметите на СЈО

Отсуството на обвинетите беше главната причина за одлагање на расправите во предметите на СЈО. Во текот на вкупно 316 набљудувани расправи, 46 пати беше регистрирано отсуство на најмалку еден од обвинетите (14%).[38] Од вкупно 104 одложени расправи, 44 од нив беа поради отсуство на обвинетиот.
Во продолжение е прикажана процентуалната стапка, односно бројот на расправи на кои обвинетите биле отсутни во поединечните предмети, за временскиот период што е предмет на разгледување во овој извештај (ноември 2016 – ноември 2018 година).[39]

---

[36] Кривичен законик, Членови 107 и 108. Погледнете го и *Првиот преоден извештај за работата на СЈО* на Мисијата на ОБСЕ во Скопје од 2018 година, стр. 78.
[37] Член 111, став 3 од Кривичниот законик.
[38] Во три случаи, судот ја одвои постапката против отсутниот обвинет и судскиот процес продолжи понатаму.
[39] Во овие податоци не се вклучени и двете постапки што беа одвоени од оригиналните главни судски предмети, поради редовните отсуства на еден/на од обвинетите. Поконкретно, тоа се однесува на одвоените

- *Трезор*: 40%, односно 4 пати во вкупно 10 расправи
- *Таргет-Тврдина*: 40%, односно 4 пати[40] во вкупно 10 расправи
- *Тотал*: 33%, односно 4 пати во вкупно 12 расправи
- *Тортура*: 28%, односно 3 пати во вкупно 11 расправи
- *Центар*: 28%, односно 8 пати во вкупно 28 расправи
- *Титаник 3*: 19%, односно 3 пати во вкупно 16 расправи
- *Транспортер*: 18%, односно 3 пати во вкупно 17 расправи
- *Тврдина 2*: 18%, односно 2 пати во вкупно 11 расправи
- *Титаник 1*: 17%, односно 4 пати во вкупно 23 расправи
- *ТНТ*: 12%, односно 2 пати во вкупно 17 расправи
- *Триста*: 12%, односно 2 пати во вкупно 16 расправи
- *Труст*: 10%, односно 3 пати во вкупно 29 расправи
- *Тревник*: 8%, односно еднаш во вкупно 12 расправи
- *Топлик*: 7%, односно еднаш во вкупно 14 расправи
- *Тенк:* 6%, односно еднаш во вкупно 16 расправи



Во постапките по пет предмети (*Тарифа, Траекторија, Тендери, Тифани и Титаник 2*) обвинетите не отсуствуваа ниту еднаш.

Во три ситуации, судот ја одвои кривичната постапка против еден од обвинетите, поради постојаната отсутност на обвинетиот. Поконкретно, во случајот *Центар*, судот ја одвои постапката против обвинетите Димче Крстев (на 20 ноември 2017 година) и Митко Пецев (на 10 октомври 2018 година); во случајот *Тенк*, судот ја одвои постапката против поранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкулоска (на 18 април 2018 година).[41] По одвојувањето на постапките, нивните судења продолжија да се одвиваат независно од главните судски процеси, кои, исто така, можеа да продолжат понатаму непречено.

Во речиси сите предмети, обвинетите го оправдуваа своето отсуство и во најголем број од предметите, тоа го правеа со доставување на соодветна медицинска документација (27 пати). На самиот ден на закажаната расправа, во нивно име, адвокатите на одбраната доставуваа медицински потврди, барајќи од судот одлагање на расправата и закажување на истата за друг ден. Во неколку ситуации, ваквите медицински потврди беа поднесувани подоцна (односно, пред или на следната закажана расправа). Во сите овие случаи, судиите веднаш ги прифаќаа оправдувањата и ги одлагаа расправите без понатамошни распрашувања. Во другите случаи, отсуството на обвинетите се должеше на други работни обврски, воглавно поврзани со политичката функција на обвинетите (во шест случаи).

постапки против Димче Крстев во предметот *Центар* и одвоената постапка против Гордана Јанкулоска во предметот *Тенк*.

[40] Во една ситуација, надлежните органи не успеаја обвинетиот (Сашо Мијалков) да го доведат од затворот, откако претходно му беше изречена мерката притвор.

[41] Постапката против Јанкулоска беше исто така одвоена и во предметот *Таргет-Тврдина* (на 19 јуни 2018 година). Сепак, откако нејзината здравствена состојба се подобри, постапките повторно беа споени на 8 октомври 2018 година.

Расправите во случајот *Титаник 3* беа одлагани три пати,[42] затоа што обвинетиот Ејуп Алими (понатаму во текстот именуван како Алими), инаку пратеник во Собранието (ПС), не беше присутен во земјата поради политичка ангажираност или пак мораше да присуствува на собраниските седници.[43] Слично на ова, на 15 октомври 2018 година, расправата по предметот *ТНТ* беше одложена затоа што еден од обвинетите, односно поранешниот премиер и собраниски пратеник Никола Груевски, мораше да присуствува на собраниска седница. На 1 јуни 2018 година и на 16 октомври 2018 година, расправата по предметот *Центар* беше одложена поради работните обврски на еден од обвинетите,[44] инаку советник во општината Гази Баба.[45]

Сè на сè, во текот на периодот на известување, процентот на отсутни обвинети во предметите на СЈО не е прекумерно висок (14%). Сепак, отсуството на најмалку еден од обвинетите, беше најчестата причина за одлагање на расправите во предметите на СЈО во 2017 и 2018 година (погледнете го графичкиот приказ на стр.30-31, каде може да се забележи процент од 40% на отсутни обвинети во обете години).



Набљудувачите на ОБСЕ можеа да забележат дека судиите вообичаено и на пасивен начин ги прифаќаат оправдувањата на обвинетите, наместо да извршат подлабока анализа за причините за нивното отсуство. Како што можевте да видите во точката 2.2., истото е возможно поради постоењето на законска рамка, која дава јасни индикации за тоа кога отсуството на обвинетиот може да послужи како оправдување за одлагање на расправата. Судот треба да ги практикува своите дискрециони права за одлагање на расправите само кога истото му оди во прилог на обвинетиот кој навистина не е во состојба да присуствува. Така, при поднесувањето медицински потврди, судот не треба автоматски да ги прифаќа истите туку треба да испита дали таквото оправдување е навистина доволен доказ дека обвинетиот не е во состојба да го следи судскиот процес. Во еден систем каде присуството на обвинетиот на судењето е задолжително, особено е важно да не се злоупотребува правото на обвинетиот да присуствува на сопственото судење во обид да се одложи расправата и да се продолжи постапката. Ова е особено точно ако го земеме предвид фактот дека доколку судењето се одложи за повеќе од 90 дена потоа истото мора да започне од почеток.[46] Во оваа смисла, би било корисно во ЗКП да се вметне посебна одредба, согласно која судијата ќе може да издаде наредба за посебно независно медицинско вештачење, во сите оние ситуации кога судијата има причини да се сомнева во неможноста на обвинетиот да присуствува на судењето.

По истата оваа логика, генерално, работните обврски или деловните патувања на обвинетите, не би требало да се прифаќаат како легитимна причина за одлагање на расправите. Ситуацијата е поинаква кога работните обврски на обвинетиот произлегуваат од неговата или нејзината официјална функција предвидена со Уставот (на пример, кога

[42] На 16 март 2018; на 19 јуни 2018; и на 20 септември 2018 година.
[43] Освен тоа, на 28 јуни 2018 година, расправата беше прекината, а подоцна и одложена, затоа што Алими мораше да присуствува на настан во Брисел.
[44] Општина во источниот дел на градот Скопје
[45] На 1 јуни 2018 година, обвинетиот беше на службено патување во странство. На 16 октомври 2018 година, тој мораше да присуствува на седницата на Советот на општина Гази Баба.
[46] Член 371, став 3 од ЗКП; погледнете ја и точката 3.2. во Поглавје 3.

станува збор за обвинет пратеник, кој мора да присуствува на собраниска седница). Интересите на правдата и оние на законодавната власт се подеднакво заштитени со Уставот. Токму затоа, судот треба да постигне правична рамнотежа помеѓу ефикасноста на постапката и извршувањето на официјалните функции во интерес на државата. Иако, ваквата рамнотежа може да бара прекинување на расправата, судот е должен да го примени критериумот на легитимни цели и пропорционалност,[47] одлагајќи ја расправата само во оние случаи кога постојат соодветно документирани причини за тоа. Кога обвинетиот е пратеник во Собранието, од суштинска важност е распоредот на судските расправи да се дефинира однапред, притоа водејќи сметка за распоредот на седниците и работата на Собранието, со цел, да се избегне преклопување помеѓу судските расправи и собраниските седници.

## 2.4. Судења во отсуство во предметите на СЈО

Три од вкупно 135 обвинети лица во предметите на СЈО, станаа недостапни за надлежните органи во текот на постапката. Горан Грујевски (во понатамошниот текст именуван како Грујевски), инаку поранешен Началник на 5-тата Управа во УБК[48] и обвинет во предметите *Тврдина 2, Трезор и Таргет-Тврдина;* Никола Бошкоски (во понатамошниот текст именуван како Бошкоски), инаку поранешен вработен во УБК и обвинет во предметот *Таргет-Тврдина*; и поранешниот премиер Никола Груевски (во понатамошниот текст именуван како Груевски), обвинет во предметите *Тенк, Центар, ТНТ, Траекторија и Титаник 1.*



### 2.4.1. Горан Грујевски и Никола Бошкоски

Набргу по подигнатото обвинение од страна на СЈО[49] во јули 2017 година, Грујевски и Бошкоски ја напуштија земјата, со цел, да го избегнат притворот во претходна постапка што им беше одреден од Апелациониот суд во предметот *Таргет-Тврдина*.[50]

Во моментот на нивното бегство, судскиот процес против Грујевски (и уште шест други сообвинети лица) за предметот *Тврдина 2* беше сè уште во тек.[51] На 2 Октомври 2017 година, Основниот суд го прифати барањето на СЈО, на Грујевски да му се суди во отсуство согласно Членот 365, став 3 од ЗКП („само ако е во бегство или ако не им е достапен на органите на прогонот“). Треба да се посочи дека Основниот суд не го посочи

[47] Овие критериуми беа развиени од страна на ЕСЧП, во однос на прашањата за собраниски имунитет. Согласно функционалниот пристап на ЕСЧП кон прашањето на собраниски имунитет, „во ситуациите кога истиот всушност служи за заштита на слободната реализација на уставните задолженија на Собранието, имунитетот претставува оправдано ограничување на пристапот до правдата. Кога истиот ја надминува ваквата неопходна заштита, неговата примена значи повреда на Конвенцијата“; погледнете Саша Хард, *Собраниски имунитет во европски контекст*, Одделение за граѓански права и уставни прашања на Европскиот парламент, 2015, стр. 9, достапно на следнава интернет адреса: http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/IDAN/2015/536461/IPOL_IDA(2015)536461_EN.pdf.
[48] Управа за безбедност и контраразузнавање.
[49] На 29 и 30 јуни 2017 година.
[50] На 17 јули 2017 година, Апелациониот суд им одреди притвор, поради опасност од бегство и можно влијание врз сведоците. На 26 јули 2017 година, Врховниот суд ја потврди одлуката на Апелациониот суд.
[51] Судењето започна во ноември 2016 година.

бегството на обвинетиот како причина за неговото судење во отсуство, туку само фактот, дека тој не им е достапен на државните органи.[52] Според мислењето на Основниот суд, недостапноста на обвинетиот била утврдена недвосмислено преку увидот во два службени документи на МВР.[53] Од тие причини, судењето во отсуство било оправдано, затоа што „не било јасно кога Груевски ќе биде достапен за државните органи и имајќи предвид дека во постапката има повеќе сообвинети, важно е да се донесе пресуда во разумен временски рок“.[54] Семејството на Груевски имаше назначено три адвокати на одбрана (Љупчо Шврговски, Миле Петровски и Петар Василев), кои требаше да го застапуваат во отсуство, така што судењето можеше да продолжи.

Во меѓувреме, на 19 октомври 2017 година, Груевски и Бошкоски беа уапсени на аеродромот во Солун (Грција), при нивниот обид да отпатуваат во Унгарија, користејќи фалсификувани бугарски пасоши.[55] Надлежните државни органи испратија барање за нивна екстрадиција. Сепак, на 18 мај 2018 година, Врховниот суд на Грција го одби барањето.[56]



На 8 ноември 2017 година, во судењето на предметот *Тврдина 2*, Основниот суд го осуди Груевски во отсуство и му изрече затворска казна од 1 година и 6 месеци за кривичното дело Фалсификување службена исправа, согласно Членот 361, став 2, алинеја 1 од Кривичниот законик. Одбраната на Груевски ја обжали пресудата. На 10 април 2018 година, Апелациониот суд ја укина осудителната пресуда за Груевски и го врати предметот на повторно судење пред Основниот суд, со образложение дека не биле исполнети законските услови за судење во отсуство.[57] Според Апелациониот суд, Основниот суд постапил погрешно кога одлучил да му суди на Груевски во отсуство, во моментот кога постапката за неговата екстрадиција била сè уште во тек, затоа што „кога постапката за екстрадиција на обвинетиот е во тек, судот може да му суди на лицето во отсуство, само доколку замолената држава одбие да изврши екстрадиција на обвинетото лице“.[58] Од тие причини, Апелациониот суд нареди да се повтори судењето на Груевски, поради „суштинска повреда на одредбите на кривичната постапка“ согласно Членот 436, став 1 од ЗКП.[59] Во текот на повтореното судење, „мораат повторно да бидат изведени сите материјални и усмени докази, со цел, фактичката состојба да биде утврдена на

[52] *Тврдина* 2, пресуда на Основниот суд, стр. 14.
[53] Истиот извор.
[54] Истиот извор.
[55] Мета.мк, *Груевски и Бошкоски лишени од слобода во Солун*, 19 октомври 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://meta.mk/en/grujovski-and-boskovski-have-been-arrested-in-thessaloniki/.
[56] Мета.мк, *Врховниот суд во Атина донесе одлука против екстрадицијата на Груевски и Бошкоски*, 18 мај 2018 година, достапно на следнава интернет адреса: https://meta.mk/en/supreme-court-in-athens-rules-against-extradition-of-grujevski-and-boskovski; Гласот на Америка (VOA), *Грчкиот Врховен Суд го одби барањето за екстрадиција на Груевски и Бошкоски,* 18 мај 2018 година, достапно на следнава интернет адреса: https://mk.voanews.com/a/4399583.html.
[57] Член 415, став 1, точка 3 од ЗКП, „ако главната расправа е одржана без лице чие присуство на главната расправа е задолжително според законот“ и Член 436, став 1 од ЗКП, „Второстепениот суд, уважувајќи ја жалбата или по службена должност, со решение ќе ја укине првостепената пресуда и ќе го врати предметот на повторно судење, ако утврди дека постои суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка, освен ако не одлучи да одржи расправа пред второстепениот суд“.
[58] *Тврдина 2*, пресуда на Апелациониот суд, стр. 11-12.
[59] Согласно оваа одредба, Апелациониот суд ќе ја укине првостепената пресуда и ќе го врати предметот на повторно судење, ако утврди дека постои суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка.

соодветен начин и преку точна примена на законот, судот да донесе правична и законска одлука“.[60] Повтореното судење на Груевски започна на 19 септември 2018 година и истото е сè уште во тек. Треба да се посочи дека истото се одвива во негово отсуство, затоа што тој сè уште не е вратен во земјата.

Одлуката на Апелациониот суд, дава важни гаранции за обвинетите кои недвосмислено и своеволно се откажале од правото да присуствуваат на судењето против нив. Како што можеше да се забележи во точка 2.1., стандардите за човекови права, на осудените лица во отсуство им нудат можност за повторно судење, само во оние случаи кога нивната подготвеност да се откажат од сопственото право на присуство или избегнувањето да се присуствува на истото, не биле утврдени на јасен и недвосмислен начин. Очигледно е дека случајот на Груевски не е таков. Груевски избега од земјата додека судењето по предметот *Тврдина 2* беше сè уште во тек, а откако претходно присуствуваше на шест одржани расправи.[61] Токму затоа, воопшто не е спорно дека Груевски знаел дека против него се води кривична постапка. Предвидените услови во ЗКП - согласно кои на обвинетиот може да му се суди во отсуство во случај на бегство или кога не е достапен на државните органи, беа исто така исполнети. Со изречената забрана за судење во отсуство, пред да биде донесена конечна одлука во однос на барањето за екстрадиција, Апелациониот суд наметнал уште еден услов, кој инаку не е предвиден со законот. Всушност, ниту ЗКП, ниту пак Законот за меѓународна соработка во кривичната материја,[62] не го спомнуваат исходот од екстрадициската постапка како фактор, кој влијае врз можноста да му се суди на обвинетиот во отсуство. Уште повеќе, се чини дека наредбата за второ судење во отсуство против обвинетиот, чија екстрадиција била одбиена и кој не покажал никаква намера да се врати во земјата, претставува залудно трошење на расположливите ресурси, особено имајќи го предвид фактот дека согласно одредбите од ЗКП, Груевски има право да бара повторно да му се суди, доколку тој се врати во земјата.[63]

Одлуката на Апелациониот суд имаше реперкусии и врз други два значајни предмети, во кои Груевски е еден од обвинетите, поврзани со одговорноста за скандалот со прислушувањето, односно *Таргет-Тврдина* (каде судењето започна на 22 декември 2017 година) и *Трезор* (каде судењето започна на 5 февруари 2018 година). Во првиот од овие два предмети, обвинет е и Никола Бошкоски, кој избега заедно со Груевски во јули 2017 година. Во обата случаи, судот ја почитуваше одлуката на Апелациониот суд во однос на предметот *Тврдина 2* и во неколку наврати ја одлагаше главната расправа, во очекување на одлуката на Врховниот суд на Грција.[64] Судот нареди судењето да се одржи во отсуство на



---

[60] *Тврдина 2,* пресуда на Апелациониот суд, стр. 11-12.
[61] Последната расправа во предметот *Тврдина* 2 на која беше присутен Груевски се одржа на 3 јули 2017 година.
[62] Службен Весник бр. 124/2010.
[63] Член 456, став 1 од ЗКП, погледнете ја и точката 2.2.1. погоре во текстот.
[64] Расправите во постапката по предметот *Таргет- Тврдина* беа одложувани четири пати, а во *Трезор* три пати.

обвинетиот, дури откако грчкиот Врховен суд донесе одлука за одбивање на екстрадицијата.[65]

2.4.2. Никола Груевски

Поранешниот премиер Никола Груевски (понатаму во текстот именуван како Груевски) избега од земјата помеѓу 8 и 11 ноември 2018 година, [66] со цел, да го избегне отслужувањето на затворската казна што му беше изречена во предметот *Тенк*, во кој, на 5 октомври 2018 година, Апелациониот суд ја потврди осудителната пресуда и изречената затворска казна од 2 години, за делото Примање награда за извршено противзаконито влијание од Член 359, став 2 од Кривичниот законик. На 20 ноември 2018 година, Владата издаде соопштение за јавноста во кое наведе дека до надлежните органи во Унгарија е испратено барање за екстрадиција на Груевски.[67] Ова соопштение следеше веднаш по објавата од самиот Груевски на Фејсбук, со која тој ја информира јавноста дека Унгарија му додели политички азил.[68] На 21 ноември 2018 година, унгарските власти јавно соопштија дека немаат намера да го екстрадираат Груевски.[69] Од друга страна, до ден денешен, унгарските власти сè уште немаат дадено официјален одговор на доставеното барање за негова екстрадиција.



Во моментот на неговото бегство, против Груевски се водеа уште четири други судски постапки: *Титаник 1, Центар, Траекторија и ТНТ.* Во сите овие предмети, судот отстапи од упатството на Апелациониот суд содржано во пресудата за предметот *Тврдина 2* и нареди на Груевски да му се суди во отсуство, дури и пред унгарските власти да го одбијат поднесеното барање за негова екстрадиција.

Во предметот *Титаник 1*, на 14 ноември 2018 година, судот, пред да одлучи дали на Груевски ќе му се суди во отсуство, донесе одлука за издавање наредба за негово присилно доведување во судот, согласно Член 365, став 1 од ЗКП. Одлуката да му се суди во отсуство беше донесена на следната судска расправа, одржана на 23 ноември 2018 година. Спротивно на ова, во предметите *Центар, Траекторија и ТНТ*, судот веднаш одлучи да му суди на Груевски во отсуство и тоа на 15, 16 и 22 ноември.

2.4.3. Контроверзното прашање за одговорноста за бегството на Груевски

Бегството на Груевски предизвика голема контроверзија и разочараност низ целата држава. Имено, Груевски не се наоѓаше во притвор и избега после повеќе од еден месец,

[65] Во предметот *Трезор,* на 28 јуни 2018 година, судот одлучи на Грујевски да му се суди во отсуство; Во предметот *Таргет- Тврдина,* на 8 октомври 2018 година, судот одлучи на Грујевски и Бошкоски да им се суди во отсуство.
[66] На 13 ноември 2018 година, преку коментар објавен на Фејсбук, Груевски ја информираше јавноста дека се наоѓа во Унгарија, со намера да бара политички азил.
[67] Владино соопштение за јавноста достапно на следнава интернет адреса: //vlada.mk/node/15841.
[68] Коментарот на Груевски на Фејсбук е достапен на следнава интернет адреса: https://www.facebook.com/NGruevski/posts/10156958775747716?__tn__=K-R.
[69] Погледнете Нова ТВ, *Унгарската влада најави дека нема да го екстрадира Груевски,* 21 ноември 2018 година, достапно на следнава интернет адреса: https://novatv.mk/ungarskata-vlada-najavi-deka-nema-da-go-ekstradira-gruevski/.

откако претходно му беше изречена осудителна пресуда на 5 октомври 2018 година. Прашањата што произлегоа во однос на институционалната одговорност за неговото бегство беа неизбежни, по што следеше доста хаотична дискусија помеѓу СЈО, Основниот суд и МВР, кои меѓусебно се обвинуваа во јавноста.[70] Поконкретно, МВР го критикуваше судот затоа што не донесе решение за притвор за Груевски, како обвинет од голем интерес за јавноста, а од друга страна, со леснотија носеше вакви решенија во помалку сериозни предмети.[71] Претседателот на Основниот суд го впери прстот кон СЈО, појаснувајќи дека согласно законот судот не можел да донесе решение за притвор за Груевски без поднесено барање од Јавното обвинителство, кое не поднело такво барање во ниту една фаза од постапката.[72] Во оваа смисла, Претседателот на судот посочи дека, за разлика од случајот на Груевски, СЈО поднело барање за одредување притвор за Ѓоко Поповски (понатаму во текстот именуван како Поповски) поради можноста за негово бегство, откако тој претходно беше првостепено осуден за злоупотреба на службена должност во предметот *Триста*.[73] Одговорот на СЈО во однос на ваквите критики беше дека во неколку претходни ситуации тие поднесувале барања за одредување притвор за Груевски во еден друг случај (*Титаник 1*), во кој Груевски бил обвинет за потешко кривично дело,[74] меѓутоа судот секојпат ги одбивал барањата. Освен тоа, СЈО посочи дека Груевски, кому му беа одземени приватниот и дипломатскиот пасош, секогаш ја исполнувал својата обврска да се јавува во судот еднаш месечно[75] и не отсуствувал од ниту една судска расправа.[76]



Согласно ЗКП, јавното обвинителство е овластениот надлежен орган што има право да бара определување притвор од судот, во текот на целата истрага и за време на судењето, сè до изрекувањето на првостепената пресуда.[77] По изрекувањето на пресудата, за ваквите

---

[70] Фросина Факова-Серафиновиќ, *Кој му дозволи на Груевски да избега?*, Независен, 14 ноември 2018 година, достапно на следнава интернет адреса: https://nezavisen.mk/en/news/2018/11/103951/. Погледнете ја и дебатата одржана на телевизија Телма под наслов *Кој ќе преземе одговорност за бегството на Груевски,* достапно на следнава интернет адреса: https://telma.com.mk/top-tema-nvs-koj-ke-prezeme-odgovornost-za-begstvoto-na-gruevski-14-11-2018/.

[71] Сакам да кажам, *Одговорни се оние кои не му одредија притвор и го пуштија слободно да се движи низ државата, кажа Спасовски за бегството на Груевски*, 13 ноември 2018 година, достапно на следнава интернет адреса: https://sdk.mk/index.php/makedonija/odgovorni-se-onie-koi-ne-mu-odredija-pritvor-i-go-pushtija-slobodno-da-se-dvizhi-niz-drzhavata-kazha-spasovski-za-begstvoto-na-gruevski/.

[72] Телма, *Џолев: Нема одговорност кај судот за бегството на* Груевски, 13 ноември 2018 година, достапно на следнава интернет адреса https://telma.com.mk/dholev-nema-odgovornost-kaj-sudot-za-begstvoto-na-gruevski/.

[73] Факова-Серафиновиќ, види погоре фуснота 70, на 22 мај 2018 година, Поповски беше осуден на девет години затвор, само еден ден од првостепената осудителна пресуда на Груевски. За разлика од Груевски, Поповски остана во притвор во текот на целиот период додека се одвиваше апелационата постапка по жалба.

[74] Во *Титаник* 1, Груевски е обвинет за делата Злосторничко здружување од Член 394, став 1 од Кривичниот законик, Злоупотреба на средства наменети за финансирање на изборна кампања од Член 165-а, став 1 и Повреда на избирачкото право од Член 159, став 1, точка 1 од Кривичниот законик.

[75] Во предметот *Титаник* 1, притворот беше заменет со безбедносните мерки на одземање патна исправа и обврска за редовно пријавување во судот.

[76] Радио Слободна Европа, *СЈО ја отфрла одговорноста за бегството на Груевски*, од 14 ноември 2018 година, достапно на следнава интернет адреса: https://www.slobodnaevropa.mk/a/29600124.html; Нет Прес, *Јанева објаснува зошто не бил баран притвор за Груевски*, 13 ноември 2018 година, достапно на следнава интернет адреса https://netpress.com.mk/janeva-objasnuva-zasto-ne-bil-baran-pritvor-za-gruevski/.

[77] Членови 171 и 172 од ЗКП. Јавното обвинителство е должно да бара определување притвор врз основите наведени во Членот 165 од ЗКП: опасност од бегство, сокривање, фалсификување или уништување докази и повторување на кривичното дело.

прашања одлучува судот и може да определи притвор за осуденото лице, дури и во случај кога јавното обвинителство нема поднесено такво барање.[78] Причината за ваквото префрлање на одговорноста лежи во различните основи по кои на едно лице може да му биде определен притвор пред и откако ќе биде осудено. Во текот на истрагата и целокупниот судски процес, осомничениот/обвинетиот се смета за невин и товарот за докажување на неговата или нејзината вина пред судот му припаѓа на јавното обвинителство. Од тие причини, пред евентуалната осудителна пресуда, притворот може да биде определен само на барање на обвинителството, како последна и најсериозна мерка за спречување на евентуалното бегство, евентуалното влијаење врз доказите или повторување на делото.[79] По донесувањето на првостепената осудителна пресуда, степенот на пресумпција на невиност се намалува. Сепак, имајќи предвид дека осудителната пресуда сè уште не е правосилна и извршна, притворот во текот на жалбената постапка може да се определува врз истите основи (при што, најголемиот ризик е оној од евентуално бегство, во очекување на одлуката во жалбената постапка). Како што можеше да се забележи, ЗКП му дава законска можност на судот да определува притвор и во оваа фаза, со или без претходно поднесено барање од страна на јавното обвинителство. По правосилноста на осудителната пресуда, пресумпцијата на невиност повеќе не постои. Затоа во оваа фаза притворот има за цел да го овозможи извршувањето на кривичната санкција и повеќе не претставува мерка за обезбедување на присуство. Постапката за извршување на кривичните санкции е дефинирана во Законот за извршување на санкциите (ЗИС)[80] и во Судскиот деловник,[81] согласно кои Апелациониот суд треба да ја достави конечната пресуда до Основниот суд,[82] кој пак треба да изработи наредба за извршување и заедно со пресудата да ја достави до Судијата за извршување на санкциите (СИС).[83] Треба да се посочи дека законот не предвидува конкретен временски рок во кој треба да се заврши овој процес. Од тие причини, од моментот на изреката на конечната пресуда од страна на Апелациониот суд и отпочнувањето на постапката за извршување на казната можат да поминат и неколку недели. Откако СИС ќе ја добие наредбата за извршување од основниот суд, „судијата за извршување на санкциите е должен да ги преземе потребните дејствија заради извршување на казната затвор, веднаш по приемот на извршната одлука, а најдоцна во рок од осум дена по нејзиниот прием“.[84] Поконкретно, повикувањето за извршување на казната затвор на осуденото лице се врши на начин што лично му се доставува упатен акт.[85] Осуденото лице е должно да се јави во установата во рок од најмалку осум, а најмногу 13 дена од денот на приемот на упатниот акт, со предупредување дека доколку не се јави во определениот ден во установата ќе биде присилно спроведено од страна на полицијата.[86]



78 Сепак, судот е должен да побара мислење од јавниот обвинител; погледнете го Членот 174, ставови 1-3 од ЗКП. Погледнете и Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Коментар за Законот за кривична* постапка, 2018 година, стр. 429-430.
79 Член 165 од ЗКП.
80 Службен Весник бр. 2/2006 (последни измени и дополнувања бр. 209/2018).
81 Службен Весник бр. 66/2013 (последни измени и дополнувања бр. 114/2014).
82 Односно, до истиот Судски совет кој ја донел првостепената пресуда.
83 Член 84 од ЗИС; Членови 234 и 307 од Судскиот деловник.
84 Член 85 од ЗИС.
85 Член 86, став 1 од ЗИС. Дополнително, според Членот 89, став 1 од ЗИС, осуденото лице може да побара одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор, во ситуациите пропишани во самиот член.
86 Член 86, ставови 2 и 3 од ЗИС. Погледнете го и Членот 309 од Судскиот деловник.

Апелациониот суд ја објави пресудата на 5 октомври 2018 година. Меѓутоа, Основниот суд ја доби 14 дена подоцна, односно на 19 октомври 2018 година.[87] Упатниот акт СИС му го предаде на Груевски лично дури на 26 октомври 2018 година, повикувајќи го да се јави на извршување на затворската казна во затворот Шутка најдоцна до 8 ноември 2018 година.[88] На 2 ноември, СИС го одби барањето на Груевски за одлагање на извршувањето на казната[89] согласно Членот 89, став 1, алинеја 4 од ЗИС.[90] Ваквата одлука беше потврдена од страна на Кривичниот совет на 9 ноември.[91] Според еден од написите во медиумите, Груевски за последен пат бил виден со неговите телохранители вечерта на 8 ноември 2018 година.[92]

Како што може да се забележи, од изреката на пресудата до доставувањето на упатниот акт минале повеќе од 20 дена. Иако овој период е вообичаен, кога станува збор за практиката на извршување на санкциите во земјата, сепак, се чини дека истиот е прекумерен, имајќи предвид дека станувате збор за предмет од голем интерес за јавноста и знаејќи дека јавноста беше заинтересирана да види брзо утврдување на одговорност, за делата кои произлегуваат од скандалот со прислушуваните разговори. Се чини дека ваквите одлагања се системски вградени поради фактот што ниту ЗКП, ниту ЗИС не предвидуваат јасни рокови за извршување на кривичните санкции. Поконкретно, тие не предвидуваат никаков рок во кој Апелациониот суд е должен да ја прати пресудата назад до Основниот суд ниту пак рок, во кој Основниот суд мора да го испорача упатниот акт до СИЗ. ЗИС содржи рок само во однос на стриктната фаза на извршување на казната, односно откако упатниот акт ќе биде предаден на СИС.



### 2.5. Заклучок

Процентот на отсутни обвинети во предметите на СЈО не е прекумерно висок (14%). Сепак, отсуството на најмалку еден од обвинетите беше главната причина за одлагањето на расправите во предметите на СЈО во 2017 и 2018 година. Судовите секогаш го

---

[87] Соопштение за јавноста од веб страницата на Основниот суд, достапно на следнава интернет адреса: http://www.sud.mk/wps/poc/osskopje1/!ut/p/wcm/oid:5ef28c1f-626a-44ad-89eb-7016613a4017.

[88] Михајло Видимилски, *До 8 ноември, поранешниот премиер Никола Груевски треба да се јави во затворот Шутка, каде треба да ја издржува двегодишната затворска казна поради набавката на луксузното возило Мерцедес*, Канал 5 телевизија, 26 октомври 2018 година, достапно на следнава интернет адреса https://kanal5.com.mk/articЗИС/353341/gruevski-do-8-noemvri-treba-da-se-javi-vo-zatvorot-shutka.

[89] Соопштение за јавноста од веб страницата на Основниот суд, достапно на следнава интернет адреса: http://www.sud.mk/wps/poc/osskopje1/!ut/p/wcm/oid:91ad4a90-8db6-4571-a8f6-40bda937c456.

[90] Согласно оваа одредба, осуденото лице може да бара одлагање на почетокот на извршувањето на затворската казна, заради потребите на завршување на одредена работа што веќе ја започнало, а поради неизвршувањето на таа работа би настапила позначителна штета. Според медиумите, ваквото барање беше резултат на работните обврски на Груевски во својство на пратеник и фактот што тој во моментот работеше на својата книга заснована врз неговата докторска дисертација. Погледнете Елена Ивановска Мукоска, *„Груевски бара одлагање на затворската казна поради незавршени обврски"*, Телма, 20 октомври 2018 година, достапно на следнава интернет адреса https://telma.com.mk/gruevski-bara-odlozhuvane-na-zatvorskata-kazna-poradi-nezavrsheni-obvrski/; Фадиљ Весели, *Груевски бара одлагање на затворот бидејќи пишувал книга*, АлсатМ, 31 октомври 2018 година, достапно на следнава интернет адреса https://bit.ly/2UB54Py.

[91] Соопштение за јавноста од веб страницата на Основниот суд, достапно на следнава интернет адреса: http://www.sud.mk/wps/poc/osskopje1/!ut/p/wcm/oid:c9e56bcb-cc15-4197-a06c-193a70ad98df.

[92] Дојче Веле, *Груевски само се преправаше дека се подготвува за издржување на затворската казна,* 25 ноември 2018 година, достапно на следнава интернет адреса: https://p.dw.com/p/38r5A.

почитуваа правото на обвинетите да присуствуваат на сопственото судење. Во три ситуации, судиите ја одвоија постапката против обвинетите, кои по неколку пати не се појавуваа во судница во обид да го спречат и забават судскиот процес во однос на другите обвинети лица. Меѓутоа, севкупната правна рамка која го регулира прашањето на присуството на обвинетите не содржи соодветни алатки за судот во ситуациите кога обвинетите сами ќе одлучат да не присуствуваат на судењето (особено кога ќе се дадат во бегство).

Во ова поглавје разгледуваме две можни сценарија. Првото сценарио е она во кое обвинетиот што бил редовно информиран за одржувањето на расправите и е присутен во земјата, но не се појавува во судница. Во таков случај, законот ја дава можноста за одлагање на расправата на неодреден период, под услов преку адвокатот на одбраната обвинетиот да достави до судот соодветно оправдување за своето отсуство. ЗКП треба да содржи укажувања за тоа кои видови оправдувања се прифатливи, а кои не. Поконкретно, би било корисно неможноста на обвинетите да присуствуваат да биде оценувана како „легитимна" и „апсолутна" и на тој начин да се ограничи дискреционото право на судот за одлагање на расправите. Судот треба да го користи своето дискреционо право за прекинување на главните расправи, само во полза на оние обвинети, кои навистина не се во состојба да присуствуваат, на пример, поради сериозно влошена здравствена состојба или поради причини кои се вон нивна контрола. Во оваа смисла, италијанскиот Закон за кривична постапка (ЗКП) може да послужи како добра споредбена основа, имајќи предвид дека во него се наведува дека судијата ќе ја одложи расправата, само доколку биде убеден дека отсуството на обвинетиот се должи на „апсолутната неможност да присуствува поради непредвидливи околности, Виша сила, или други легитимни пречки". [93] Дополнително, би било корисно во ЗКП да се воведе и одредба, со која на судиите ќе им се даде овластување да наредат и независен медицински преглед, секогаш кога имаат некаков сомнеж во однос на способноста на обвинетиот да присуствува на судењето.

Второто сценарио се однесува на обвинетите што ја напуштиле земјата со цел да го избегнат притворот во претходна постапка или притворот по добиена осудителна пресуда. Во текот на периодот на известување тројца обвинети избегаа пред лицето на правдата. На овие обвинети националната законска рамка им нуди дури и повеќе гаранции од оние што се предвидени со меѓународните стандарди, имајќи предвид дека истата им ја дава можноста за повторно судење, веднаш откако ќе им станат достапни на надлежните државни органи. Оваа одредба му дава приоритет на правото на обвинетиот да му се суди во присуство, на штета на ефикасноста на постапката. Уште повеќе, може да се каже дека судското толкување на законската рамка во делот на судењата во отсуство е недоследно. Во предметот *Тврдина 2*, Апелациониот суд посочи дека наредба за судење во отсуство на обвинет кој избегал во друга земја (Горан Груевски) може да се издаде само откако барањето за екстрадиција ќе биде официјално одбиено. Со изречената забрана за судење во отсуство, пред да биде донесена конечна одлука во однос на барањето за екстрадиција, Апелациониот суд наметнал уште еден услов, кој инаку не е предвиден со законот. Во моментов пред Основниот суд се одвива и второто судење на Груевски во негово

[93] Член 420 од италијанскиот ЗКП.

отсуство, што може да биде оценето како залудно трошење на време и ресурси. Одлуката на Апелациониот суд во овој дел, во предметот *Тврдина 2,* не беше испочитувана од страна на судечките совети во Основниот суд кои постапуваат по четирите предмети во кои е обвинет поранешниот премиер Груевски. По бегството на Груевски во Унгарија, судот донесе наредба за негово судење во отсуство пред воопшто да биде добиена официјална потврда од унгарските власти за одбивањето на неговата екстрадиција. Не е јасно дали одлуката на Апелациониот суд во предметот *Тврдина 2* ќе има било каков ефект врз четирите тековни судски постапки што се водат против Груевски.

Бегството на поранешниот премиер Груевски остава сериозна дамка врз процесот за утврдување на одговорноста за сторените кривични дела, кој е резултат на скандалот со прислушувањето. Треба да се знае дека во однос на апсолутното застарување на извршувањето на неговата затворска казна (погледнете ја и точката 2.2.1. погоре во текстот), повторното судење на Груевски не е можно после месец октомври 2024 година. Исто така, имајќи предвид дека Груевски е обвинет и во четири други тековни предмети (*Центар, Траекторија, ТНТ и Титаник 1),* веќе е започнат да истекува и апсолутниот период на застарување за кривичното гонење и на делата во овие предмети.[94] Ова поглавје упати на релевантните слабости во законската рамка во однос извршувањето на кривичните санкции. Поконкретно, со самиот факт што законот не утврдува прецизни рокови за извршување на правосилните пресуди и изречените казни, тој овозможува да мине премногу време помеѓу изреката на осудителната пресуда и извршувањето на истата, што им дава шанса на осудените лица да избегаат.



[94] Во предметот Центар, каде Груевски е обвинет за Насилство од Член 386, став 2, точка 1 од Кривичниот законик, одредбите за застарување стануваат применливи на 10 јуни 2019 година. Во предметот *Траекторија*, во кој Груевски е обвинет за Примање награда со искористување на својата службена или општествена положба и влијание од Член 359, став 2 од Кривичниот законик, одредбите за застарување започнуваат да важат од 31 октомври 2019 година. Во предметот *ТНТ*, во кој Груевски е обвинет за Злоупотреба на службена положба и овластувања од Член 353, став 3, точка 1 од Кривичниот законик, одредбите за застарување стануваат применливи во декември 2022 година. Во предметот *Титаник 1*, во кој Груевски, покрај останатите дела е обвинет и за Злосторничко здружување од Член 394, став 1 од Кривичниот законик, одредбите за застарување започнуваат да важат од 2034 година. Овие пресметки се направени согласно членовите 107 и 108 од Кривичниот законик.
Во отсуство на експлицитно објаснување во Кривичниот законик, истите се засноваат врз претпоставката дека одредбите за застарување се поврзани со датумот на наводното извршување на кривичното дело наведен во обвинителниот акт, а не со моментот кога за првпат се идентификувани последиците од стореното кривично дело.

## 3. Разумно времетраење на постапките, практики на управување со судските процеси и процесна ефикасност

### 3.1. Меѓународна правна рамка

Согласно Член 6, став 1 од ЕКЧП, „Секој има право на правично и јавно судење, во разумен рок, при какви било кривични обвиненија против него“. Сличен текст ќе пронајдете и во другите конвенции за човековите права – како на пример, во Меѓународниот пакт за граѓанските и политички права (МПГПП)[95] – како и во Статутите на меѓународните трибунали,[96] каде се говори за „правото на судење без неоправдано одлагање“. Главната цел на ваквата гаранција е да се „обезбеди дека нема потреба обвинетите долго време да бидат оптоварени со обвинението и дека истото ќе биде утврдено.“[97] Дополнително, процедуралните одлагања и прекини на постапката, можат да ги загрозат ефективноста и кредибилитетот на правосудниот процес.[98] Оваа гаранција е применлива во сите фази на постапката, од формалното подигање обвинение против обвинетиот, па сè до носењето на правосилната пресуда на крајот на жалбената постапка.[99] Концептот и времетраењето на разумниот период, мора да се цени поединечно во секој предмет. Меѓу другото, факторите што треба да се земат предвид ја вклучуваат и сложеноста на предметот, однесувањето на обвинетиот и постапките на релевантните надлежни органи.[100]



Сложеноста на предметот може да биде резултат на бројот на кривични дела за кои се товари обвинетиот, бројот на обвинети лица и сведоци или меѓународната димензија на случајот. Во однос на однесувањето на обвинетиот,[101] Европскиот суд за човекови права (понатаму во текстот именуван како ЕСЧП или Европски суд), „смета дека лицата обвинети за сторено кривично дело, не се должни активно да соработуваат со правосудните органи“.[102] Всушност, обвинетите лица имаат право „во своја одбрана, во целост да ги искористат сите ресурси што им стојат на располагање преку националното

[95] Член 14, став 3, точка в) од МПГПП.
[96] Членови 20, став 4, точка в) и Член 21, став 4, точка в) од Статутите на Меѓународните кривични судови за Руанда и поранешна Југославија; Член 67, став в) од Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд.
[97] ЕСЧП, *Вемхоф против Германија*, Тужба бр. 2122/64, став 18 (од 25 април 1968 година); ЕСЧП, *Карт против Турција* [ГСС], Тужба бр. 8917/05, став 68 (од 3 декември 2009 година); Погледнете и Комитет за човекови права на ОН, *Општ коментар на МПГПП број 32* (од 2007 година), став 35.
[98] ЕСЧП, *Х. против Франција*, Тужба бр. *10073*/82, став 58 (од 24 октомври 1989 година); ЕСЧП, *Ботаци против Италија*, Тужба бр. 34884/97, став 22 (од 28 јули 1999 година); Погледнете и ОБСЕ-ОДИХР*, Правна ревија за меѓународните права за фер и правично судење*, 2012, стр. 126, Комитет за човекови права на ОН, *Општ коментар на МПГПП број 32* (од 2007 година), став 35.
[99] Комитет за човекови права на ОН, *Општ коментар на МПГПП број 32* (од 2007 година), став 35.
[100] ЕСЧП, *Кониг против Германија*, Тужба бр. 6232/73, став 99 (од 28 јуни 1978 година); ЕСЧП, *Нојмајстер против Австрија*, Тужба бр. 1936/63, став 21 (од 27 јуни 1968 година), стр.38; ЕСЧП, *Рингајсен против Австрија*, Тужба бр. 2614/65, став 110 (од 16 јули 1971 година); ЕСЧП, *Пелисие и Саси против Франција [ГСС*], Тужба бр. 25444/94, став 67 (од 25 март 1999 година); ЕСЧП, *Педерсен и Бадсгард против Данска*, Тужба бр. 49017/99, став 45 (од 19 јуни 2003 година). Комитет за човекови права на ОН, *Општ коментар на МПГПП број 32* (од 2007 година), став 35.
[101] Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации (OHCHR), Ч*овековите права при спроведување на правдата: Прирачник за човековите права за судиите, јавните обвинители и адвокатите*, 2003, стр. 270.
[102] ЕСЧП, *Јагчи и Саргин против Турција, Тужба* бр. 16419/90 и 16426/90, став 66 (од 8 јуни 1995 година).

право.“[103] Во еден предмет, Европскиот суд наведе дека „дури и кога големиот број бранители присутни на расправите и нивниот став и однесување во однос на безбедносните мерки, во одреден степен ја забавуваат постапката, тоа не се фактори кои самите по себе можат да дадат објаснување за оспореното времетраење на постапката“.[104] Сепак, ситуацијата е различна кога постојат докази со кои се потврдува дека обвинетиот и неговиот бранител демонстрираат очигледна „решеност да делуваат опструктивно“,[105] а особено кога обвинетиот сè почесто се однесува на начин кој значи одлагање на процесот, на пример преку постојано предизвикување и оспорување на одлуките на судиите.[106]

Што се однесува до судската власт,[107] во еден случај со Турција, ЕСЧП сметаше дека тамошните надлежни органи биле одговорни за неразумното одлагање на судската постапка, затоа што, спротивно на домашните закони, судовите во просек држеле по една расправа месечно и чекале по речиси шест месеци за да ги отфрлат обвиненијата против обвинетите лица, врз основа на неодамна поништените членови на Кривичниот законик врз кои се темелеле кривичните обвиненија против нив.[108] Слично на ова, ЕСЧП оценил дека домашните судови во Русија се одговорни за отсуствата на сведоци и обвинети лица, поради кои биле одлагани судските постапки, затоа што тие имале право и овластување да ги дисциплинираат.[109] Во истиот предмет, судот утврдил одговорност на тамошните судски власти, затоа што судењето четири пати морало да започнува од почеток, поради измени во составот на судечкиот совет „што резултирало во севкупно и невообичаено одлагање на постапката од четири години“.[110]



## 3.2. Национална правна рамка за прекин и одлагање на судските расправи

Согласно Членот 359, став 1 од ЗКП, главната расправа се одржува непрекинато. Во случаите кога не е можно главната расправа да се заврши на едно рочиште, Претседателот на советот одлучува главната расправа да продолжи наредниот работен ден. Овој член го гарантира начелото на „концентрација“ на постапката во ограничен временски период. Целта е да се избегнат долги паузи во процесот на изведување докази, давањето завршни зборови и одлучувањето за пресудата, со цел, да се обезбеди дека крајната пресуда претставува точен одраз на утврдените наоди во текот на судењето. Со други зборови, начелото е насочено кон спречување на негативниот ефект што времето го има врз сеќавањата на учесниците во постапката (особено на сведоците) и судиите. Сепак, во пракса, оптовареноста на судот (односно, многуте паралелни судења што се закажуваат

[103] Истиот извор.
[104] Истиот извор.
[105] Истиот извор.
[106] ЕСЧП, *Екле против Германија*, Тужба бр. 8130/78, став 82 (од 15 јули 1982 година); *Sociedade de Construções Martins & Vieira, Lda., и останати проти Португалија*, Тужба бр. 56637/10, 59856/10, 72525/10, 7646/11 и 12592/11, став 48 (од 30 октомври 2014 година).
[107] Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации (OHCHR), *Човековите права при спроведување на правдата: Прирачник за човековите права за судиите, јавните обвинители и адвокатите*, 2003, стр. 270.
[108] ЕСЧП, *Јагчи и Саргин против Турција, Тужба* бр. 16419/90 и 16426/90, став 68 (од 8 јуни 1995 година).
[109] Што се однесува до обвинетото лице, имајќи предвид дека тој се наоѓаше во притвор за време на најголемиот дел од судењето, неговото присуство зависеше од способноста на домашните надлежни органи задолжени за неговиот транспорт од притворското одделение до судот; Погледнете ЕСЧП, *Тичко против Русија*, Тужба бр. 56097/07, став 68 (од 11 јуни 2015 година).
[110] ЕСЧП, *Тичко против Русија*, Тужба бр. 56097/07, став 68 (од 11 јуни 2015 година).

секојдневно), не овозможува таков брз ритам на одвивање на судските процеси. Токму од тие причини, доста често, судот ги прекинува и презакажува расправите за друг датум кој понекогаш може да биде многу подоцна.

ЗКП прави разлика помеѓу прекин и одлагање на судските расправи. Говорејќи општо, прекините на расправите се дел од севкупната физиологија на кривичниот судски процес. Кога судската расправа се прекинува, тоа значи дека расправата се одржала, меѓутоа, како што и најчесто се случува, судењето не можело да биде завршено истиот ден. Од таа причина, судот го закажува нејзиното продолжување за некој друг ден. Согласно Членот 372, став 1 од ЗКП, Претседателот на советот може да ја прекине главната расправа поради одмор или поради истек на работното време, или поради прибавување на определени докази за кратко време или поради подготвување на обвинението или на одбраната. Во секој случај, прекинот на главната расправа не може да трае подолго од осум дена, а главната расправа мора да продолжи пред истиот судија.[111]



Спротивно на ова, кога судската расправа се одлага, тоа значи дека расправата воопшто не се одржала, поради „патолошки“ причини. Одлагањето се случува во сите ситуации во кои не се задоволени основните услови за одржување на главната расправа. На пример, поради отсуство на еден од клучните учесници во постапката (погледнете ја следната точка 3.2.1.) или поради една од причините наведени во Членот 370, став 2 од ЗКП.[112] Претседателот на советот ќе ја одложи расправата само за време колку што трае пречката. Уште повеќе, Претседателот на советот е должен редовно да го известува Претседателот на судот, за тоа дали сè уште постојат причините за одлагањето, за тој или таа да ги преземе потребните мерки за забрзување на постапката.[113] Против решението за одлагање на главната расправа не е дозволена жалба.[114]

Членот 371 од ЗКП ги регулира ситуациите до кои може да дојде по одлагање на расправата. Поконкретно, во овој член се дефинира дека расправата ќе почне одново (односно дека судењето започнува од почеток) во две ситуации: i) доколку се изменил составот на советот или судијата поединец;[115] или ii) доколку одлагањето траело подолго од 90 дена од датумот на одржување на последната расправа.[116] Првата одредба има за цел да се увери дека судиите пред кои се изведуваат доказите и оние што ја носат пресудата по предметот ќе бидат истите.[117] Втората одредба има за цел, да спречи од една до друга расправа да мине премногу долго време, имајќи го предвид претходно посоченото начело на „концентрација“ на постапката. Појавата на кое било од овие сценарија може да има

[111] Член 372, став 2, точка 3 од ЗКП.
[112] Поконкретно: i) ако е потребно подолго време за прибавување на нови докази, ii) ако во текот на главната расправа се утврди дека кај обвинетиот по стореното кривично дело настапило душевно заболување или душевно растројство, или iii) ако постојат други сериозни пречки за одржување на главната расправа.
[113] Член 370, став 2 од ЗКП. Со истото решение, Претседателот на советот може да нареди да се обезбедат доказите кои може да се изгубат или уништат поради одлагањето на главната расправа; погледнете го Членот 370, став 4.
[114] Член 370, став 5 од ЗКП.
[115] Член 371, став 2 од ЗКП.
[116] Член 371, став 3 од ЗКП.
[117] Во Членот 415 од ЗКП, како една од суштествените повреди на одредбите на кривичната постапка се наведува и ситуацијата, во која во изрекувањето на пресудата учествувал судија или судија - поротник кој не учествувал на главната расправа.

сериозни последици во однос на правото на судење во разумен рок и севкупната ефикасност на постапката. Од таа причина ЗКП предвидува дека, во обата случаи, странките можат да се согласат одредени сведоци и вештаци да не се сослушуваат повторно туку само да се прочитаат нивните искази внесени во записниците од претходната главна расправа.[118]

### 3.2.1. Одлагање на главната расправа поради отсуство на еден од учесниците во судската постапка

За одржувањето на главната расправа, покрај присуството на обвинетиот,[119] од клучна важност е и присуството на надлежниот јавен обвинител и судечкиот судија. Согласно Членот 479, став 1 од ЗКП, „главната расправа се одржува во присуство на јавниот обвинител (...) и на обвинетиот". Согласно Членот 357, став 1 од ЗКП, претседателот и членовите на советот задолжително непрекинато присуствуваат на главната расправа. Што се однесува до адвокатот на одбраната, во Членот 74 од ЗКП се наведени ситуациите во кои е задолжително неговото или нејзиното учество во постапката.[120] Отсуството на судијата и јавниот обвинител е доволна причина за одлагање на расправата во сите можни ситуации, додека пак отсуството на адвокатот на одбраната е причина за одлагање на расправата само во ситуациите кога неговото/нејзиното присуство е задолжително.[121]



Доколку јавниот обвинител или адвокатот на одбраната не се во состојба да присуствуваат на расправата, тие се должни за истото да го известат судот, како и за причините за својата спреченост.[122] Во однос на адвокатот на одбраната, во Членот 366 од ЗКП е предвидено дека тој е должен да го извести судот за причините на својата спреченост, „кога за таа причина сознал". Ако бранителот без причина не дојде на главната расправа или пред време ја напушти главната расправа, Претседателот на советот веднаш ќе го задолжи обвинетиот да определи друг бранител и ќе му постави рок од најмалку 15 дена за подготвување на одбраната.[123] Истата процедура се следи и во ситуациите во кои обвинетиот во текот на главната расправа ќе одлучи да го отповика полномошното на

---

[118] Член 371, став 2 и Член 371, став 3 од ЗКП.

[119] Погледнете го поглавјето 2 од овој извештај.

[120] Поконкретно, i) ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, ii) ако против него е определен притвор за времето додека трае притворот, iii) по поднесениот обвинителен акт поради кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од минимум десет години, iv) во текот на постапката за преговарање и спогодување со обвинителот за признавање на вината, v) веднаш по донесеното решение за судење во отсуство. Во сите овие наведени случаи, ако обвинетиот не земе бранител сам, Претседателот на судот ќе му постави бранител по службена должност за натамошниот тек на кривичната постапка. Погледнете го Членот 74, ставови 1-6 од ЗКП.

[121] Погледнете го Членот 354, став 1 од ЗКП, кој го регулира недоаѓањето на тужителот на главната расправа, како и Членот 366 од ЗКП, кој го регулира недоаѓањето на бранителот на главната расправа. Погледнете го и Членот 348, став 2 од ЗКП, во врска со повикувањето лица на главната расправа. Согласно оваа одредба, кога одбраната не е задолжителна, обвинетиот во поканата ќе се поучи дека има право да земе бранител, но, дека главната расправа не ќе мора да се одложи поради тоа што бранителот не дошол на главната расправа.

[122] Член 364, став 1 и Член 366 од ЗКП.

[123] Член 371, став 4 од ЗКП.

бранителот (или кога самиот бранител ќе го откаже полномошното).[124] Во сите останати ситуации на отповикување на полномошното или доброволното откажување од истото од страна на бранителот (кога таквата одлука е донесена вон судница помеѓу расправите), главната расправа ќе продолжи без одлагање.[125]

Со цел одвраќање на какво било несовесно однесување на учесниците во постапката (обвинителство и одбрана), ЗКП предвидува одредени санкции, доколку тие не го известат судот за причините на нивното отсуство. Поконкретно, судот може да ги казни за негово непочитување согласно Членот 88, став 1 од ЗКП и да им изрече парична казна во износ од 200 до 1.200 евра.[126] Дополнително, адвокатот на одбраната може да биде задолжен и „да ги поднесе трошоците што настанале поради одложувањето, ако тоа може да се препише на негова или нејзина вина".[127]

Конечно, присуството на сведоците и вештите лица повикани од страна на учесниците во постапката е исто така потребно (иако, стриктно говорејќи, не е неопходно) за нормално одвивање на главната расправа. Согласно Членот 368, став 1 од ЗКП, ако сведок или вештак неоправдано изостане и покрај уредната покана, советот може да нареди веднаш да се доведе присилно од страна на полицијата. Согласно вториот став од истата одредба, иако главната расправа може да почне и без присуство на повикан сведок или вештак, во тој случај, советот може да одлучи дали главната расправа треба да се прекине или одложи. Слично како и во случајот на учесниците во постапката, поради недоаѓање на расправата, судот може да им изрече парични казни и на сведоците во износ од 200 до 1.200 евра.[128] Кога станува збор за вешти лица, во Членот 237, став 3 од ЗКП е пропишано дека казните за нив изнесуваат од 500 до 1.500 евра, а во случајот на „стручни установи", казната може да изнесува од 1.000 до 3.000 евра.



### 3.3. Причини за одлагање и пролонгирање на постапките во предметите на СЈО

Од вкупно 316 набљудувани главни расправи во периодот помеѓу ноември 2016 и ноември 2018 година, 104 беа одложени. Тоа значи дека просечната стапка на одлагање на расправите изнесува 33%. Бројот на одложени судски расправи во периодот помеѓу 2017 и 2018 година се намали. Стапката на одлагање во 2017 година изнесуваше 56,5% (за десет тековни предмети), додека во периодот помеѓу јануари и ноември 2018 година таа изнесуваше 29% (за 19 тековни предмети).[129]

Како што можеше да се забележи во Поглавјето 2 од овој извештај, отсуството на еден од обвинетите беше главната причина за одлагање на расправите во предметите на СЈО (во

---

124 Член 371, став 4 од ЗКП. Оваа одредба посочува и дека „во натамошниот тек на главната расправа, повторното отповикување или откажување на полномошното може да се дозволи само со одлука на судечкиот совет, ако тоа не е сторено со цел на одолжување на постапката".
125 Член 371, став 5 од ЗКП.
126 Член 364, став 1 и Член 366 од ЗКП.
127 Член 366 од ЗКП.
128 Член 368, став 3, Член 224 и Член 88, став 1 од ЗКП.
129 Во 2016 година се судеше само во два предмети (*Центар* и *Тврдина* 2) и во обата случаи беше одржана само по една расправа, при што ниту една од нив не беше одложена.

44 наврати). Другите главни причини за одлагањата беа следниве: i) процедурални прашања и приговори на одбраната (во 24 наврати); ii) отсуство на адвокатите на одбрана или промени во составот на тимот на одбраната (во 16 наврати); iii) отсуство на еден од судиите или промена во составот на судечкиот совет (во 14 наврати); други причини, како на пример, отсуството на еден или повеќе сведоци (во 4 наврати) или немањето соодветна судница на располагање (во 2 наврати). Отсуствата на обвинетите лица во предметите на СЈО беа тема на разгледување во Поглавјето 2 од овој извештај. Следните поглавја се фокусираат на најважните останати причини што беа веќе наведени погоре во текстот.

# ОДЛОЖУВАЊЕ НА РАСПРАВИТЕ ВО ПРЕДМЕТИТЕ НА СЈО
## ноември 2016 – ноември 2018

**Број на предмети:** 20[1]
**Вкупен број на расправи (во прв степен):** 316
**Вкупен број на одложувања**: 104
**Стапка на одложување:** 33%






**Стапка на одложени расправи по поединечни предмети**

1. ТОТАЛ (75%)
2. ТАРГЕТ-ТВРДИНА (60%)
3. ЦЕНТАР (48%)
4. ТЕНДЕРИ (46%)
5. ТВРДИНА 2 (45%)
6. ТОПЛИК (43%)
7. ТИТАНИК 3 (37.5%)
8. ТИТАНИК 1 (35%)
9. ТОРТУРА (36%)
10. ТНТ (35%)
11. ТИТАНИК 1 (35%)
12. ТРАНСПОРТЕР (35%)
13. ТРИСТА (25%)
14. ТРЕВНИК (25%)
15. ТРУСТ (24%)
16. ТРАЕКТОРИЈА (22%)
17. ТИТАНИК 2 (22%)
18. ТАРИФА (9%)
19. ТЕНК (6%)
20. ТИФАНИ (0%)

[1] Овие податоци се однесуваат на предметите поведени од страна на СЈО (тука не се вклучени предметите што беа преземени од ЈО и одвоените постапки) и истите се однесуваат само на првостепените постапки.


Причини за одложување на расправите
Приговори од страна на одбраната 7%
Друго 6 %
Процедурални причини 13%
Отсуство на најмалку еден од обвинетите 43%
Отсуство на бранителот / промена на адвокатот на одбраната 16%
Отсуство на судијата / промени во составот на судечкиот совет 15%

# ОДЛОЖУВАЊЕ НА РАСПРАВИТЕ ВО ПРЕДМЕТИТЕ НА СЈО (2018)

**Број на предмети:** 19[1]
**Вкупен број на расправи:** 268
**Вкупен број на одложени расправи:** 78
**Стапка на одложување**: 29%









[1] Овие податоци се однесуваат на предметите поведени од страна на СЈО (тука не се вклучени предметите што беа преземени од ЈО и одвоените постапки) и истите се однесуваат само на првостепените постапки.

# ОДЛОЖУВАЊЕ НА РАСПРАВИТЕ ВО ПРЕДМЕТИТЕ НА СЈО (2017)

**Број на предмети:** 10[1]
**Вкупен број на расправи:** 46
**Вкупен број на одложени расправи:** 26
**Стапка на одложување:** 56,5%

Расправи во 2017 година






Причини за одложување на расправите




[1] Овие податоци се однесуваат на предметите поведени од страна на СЈО (тука не се вклучени предметите што беа преземени од ЈО и одвоените постапки) и истите се однесуваат само на првостепените постапки.

### 3.3.1. Процесни прашања и приговори на одбраната

Во 17 наврати расправите беа одлагани поради процедурални прашања. Поконкретно, процедурални прашања, како на пример, кога предметните списи не се на располагање затоа што некој од повисоките судови треба да донесе одлука по основ на поднесено споредно барање (во 8 наврати), проблеми во однос на меѓусебното споделување докази (во 5 наврати), прашања поврзани со записникот од судските расправи (во 2 наврати), доцнење во декласификацијата на документација од страна на Министерството за внатрешни работи (МВР) (во 1 случај) и измени на обвинителниот акт во текот на самиот судски процес (во 1 случај). Во седум наврати расправите беа одлагани поради приговори на одбраната, а како три најспорни прашања што беа карактеристика на сите судски процеси во кои учествуваше СЈО беа: i) отсуство на техничка опрема за аудио и видео снимање во судниците (во 3 наврати); ii) барања за изземање на судии и/или обвинители од СЈО (во 3 наврати); и iii) оспорување на законитоста и дозволеноста на вештакот повикан од СЈО (во 1 случај). И покрај тоа што бројот на одложени расправи поради овие причини не е многу голем, горе посочените приговори беа вложени речиси во сите поединечни предмети, што предизвикуваше долги дискусии во судниците и одлагање на постапката.



### 3.3.2. Отсуство на адвокатите на одбраната или промени во составот на бранителите

Во 16 наврати расправите беа одлагани поради отсуство на еден или повеќе адвокати на одбраната (во 14 наврати) или пак поради промени во тимот на одбраната (два пати). Во девет наврати, отсуството на адвокатите на одбраната се должеше на фактот што тие мораа да бидат присутни и на друго судење, закажано за истиот ден и во истото време. Од оваа причина, во четири наврати претседателите на судечките совети им изрекуваа парични казни во износ од по 1.000 евра во денарска противвредност поради навреда на судот, согласно Членот 88, став 1 од ЗКП.[130]

### 3.3.3. Отсуство на еден од судиите или промени во составот на судечкиот совет

Претседателот на советот беше отсутен во 11 наврати. Речиси во сите тие случаи, отсуството беше поради здравствени причини.[131] Сепак, во три наврати главната расправа беше одложена поради променетиот состав на судечкиот совет.[132] Овие промени мора да се разгледуваат од аспект на реорганизацијата на Основниот суд Скопје 1, воведена од страна на новоназначениот Претседател на судот. Иако ефектите од новиот годишен распоред врз одлагањето на расправите беа минимални (само три расправи беа одложени во предметите чии главни расправи беа закажани веднаш по стапувањето во сила на

[130] Во предметот *Центар* на 5 ноември 2018 година; во предметот *Топлик* на 21 септември 2018 година; во предметот *Титаник 3* на 27 април 2018 година; а во предметот *ТНТ* на 29 август 2018 година.
[131] Во предметот *Тендери*, Претседателот на судечкиот совет отсуствуваше само два пати поради други работни обврски.
[132] Во предметот *Центар* на 27 декември 2017 година, во предметот *Траекторија* на 26 декември 2017 година и во предметот *Таргет-Тврдина* на 17 јануари 2018 година.

новата организациска поставеност), овој процес е повторно предмет на разгледување во Поглавјето 5 од овој извештај, имајќи предвид дека начелото за неменливост на судиите и процесот на распоредување на предметите се од суштинско значење за гаранциите за независност и непристрасност на судството.

### 3.4. Вообичаена динамика на одвивање на судските процеси на СЈО

Најголемиот број од обвиненијата на СЈО (17 од 20) беа поднесени помеѓу 29 и 30 јуни 2017 година.[133] До крајот на јануари 2018 година, сите 20 обвинителни акти на СЈО беа потврдени.[134] Поголемиот број судски процеси на СЈО започнаа помеѓу декември 2017 и април 2018 година.[135] Просечниот изминат временски период помеѓу поднесувањето на обвиненијата и почетокот на судските процеси изнесуваше 194 дена (повеќе од шест месеци). Како што е посочено во првиот преоден извештај на Мисијата во врска со предметите на СЈО,[136] се чини дека овој период е предолг. За жал, ЗКП не предвидува прецизен рок во кој судовите треба да ги потврдат обвинителните акти.[137] Просечниот изминат временски период помеѓу потврдувањето на обвинителните акти и почетокот на судските процеси изнесуваше 68.5 дена (над два месеци). Предметот во кој измина најдолго време од потврдата на обвинителниот акт до почетокот на судењето беше *Титаник 2* (144 дена), а по него следуваат *Транспортер* (100 дена), *Титаник 1* и *Титаник 3* (95 дена); од друга страна, во предметот *Топлик* измина најмалку време од моментот на потврдување на обвинителниот акт до започнувањето на судскиот процес (30 дена). Со исклучок на еден, во сите останати предмети на СЈО, изминатиот временски период од потврдата на обвинителниот акт до почетокот на судскиот процес го надминува рокот што е предвиден во Членот 345, став 2 од ЗКП, согласно кој Претседателот на советот е должен да ја закаже главната расправа најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на обвинителниот акт во судот (60 дена за дела од организираниот криминал).[138]

До март 2018 година, речиси сите 20 судења беа сè уште во тек. Расправите во секој од предметите генерално беа закажувани со големи меѓусебни паузи. Во текот на периодот на известување, најголем број закажани расправи во еден месец беа регистрирани во предметите *Тенк* (шест расправи закажани во текот на април 2018 година) и *Титаник 1* (шест расправи закажани во текот на ноември 2018 година). Во сите други предмети, многу ретко беа закажувани повеќе од три расправи во текот на еден календарски месец. Во просек, во предметите на СЈО, секој месец се одржуваше по една расправа (по

---

133 Преостанатите три беа подигнати на 14 септември 2016 година (*Тврдина 2* и *Центар*) и на 5 април 2017 година (*Транспортер*).

134 Со само еден делумно потврден (односно *Титаник 2*).

135 Судските процеси во пет предмети започнаа пред декември 2017 година; имено, *Тврдина 2* (во ноември 2016 година), *Центар* (во декември 2016 година), *Транспортер* (во септември 2017 година), *Труст* и *Триста* (во ноември 2017 година).

136 *Прв преоден извештај за работата на СЈО* на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 2018 година, стр. 80.

137 Членовите 331 и 332 од ЗКП предвидуваат дека судот може да закаже седница или рочиште за оцена на обвинителниот акт, во рок од 8 и 15 дена од приемот на приговорот против обвинителниот акт. Од друга страна, тие не го препишуваат рокот во кој обвинителниот треба да биде потврден или одбиен.

138 Ако Претседателот на советот не ја закаже главната расправа во овој рок, за истото е должен или должна да го извести Претседателот на судот, кој потоа треба да ги преземе неопходните мерки за закажување на главната расправа.

предмет). Во предметот *Тендери,* се случи да изминат повеќе од 90 дена помеѓу две закажани расправи. Од таа причина, на 29 октомври 2018 година, судскиот процес започна од почеток согласно одредбите во Членот 371, став 3 од ЗКП. Имајќи предвид дека учесниците во постапката се согласија да не ги повторуваат воведните зборови и претходно изведуваните материјални докази туку истите да бидат директно внесени во записникот од новата главна расправа, повторното отпочнување на судењето не предизвика значително одлагање.

## 3.5. Практики на управување со судскиот процес во предметите на СЈО

### 3.5.1 Меѓународна и компаративна правна рамка во однос на подготовките за главната расправа



Подготвителните активности за почеток и раководење со главната расправа се од суштинска важност за да се обезбеди дека судењето ќе се одвива на најправичен и најефикасен начин. Ова е особено точно за сложените предмети каде има големо количество докази и голем број сведоци повикани од обете страни. Важноста на подготовката за главната расправа е добро објаснета во Прирачникот за развиени практики на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСПЈ), каде се наведува дека „без обемни активности за почеток и раководење со главната расправа, судските процеси би биле непотребно долги, сведоците би се повикувале непотребно и голем дел од драгоценото време на судот би се трошело на процедурални прашања, наместо на изведување докази“.[139]

Основната алатка за соодветно раководење со предметите, вообичаена за земјите со англосаксонски правосуден систем, е таканаречената „статусна конференција“ (или „пред судска конференција/подготвително рочиште“). Статусната конференција претставува средба меѓу двете спротивставени страни и судијата, пред започнувањето на судскиот процес, која треба да послужи за договарање за начинот на кој ќе се одвива главната расправа, како и за да се дефинираат роковите за исполнување на взаемните обврски за споделување на доказите во текот на судскиот процес.[140] Еден од многу важните делови на статусната конференција е оној во кој се утврдува кои докази ќе бидат дозволени во текот на главната расправа, отфрлајќи ги доказите и изјавите што се ирелевантни или биле обезбедени на незаконски начин. Преку ваквите статусни конференции судот го следи напредокот во поединечните предмети и ги дава неопходните упатства, потребни за обезбедување правична, ефикасна и економична постапка.[141]

---

139 МКСПЈ, *Прирачник за развиени практики*, 2009, стр. 53, достапен на следнава интернет адреса: http://www.icty.org/x/file/About/Reports%20and%20Publications/manual_developed_practices/icty_manual_on_developed_practices.pdf.

140 Погледнете го сајтот на US Legal достапен на следнава интернет адреса: https://definitions.uslegal.com/s/status-conference/.

141 Статусните конференции не треба да се мешаат со рочиштата за оцена на обвинителниот акт, каде судот проценува дали обвинителството презентирало доволно докази за упатување на предметот на судење. Целта на оценувањето на солидноста на обвинителниот акт пред започнување на судскиот процес, е да се обезбеди дека постојат доволно докази против обвинетиот што го оправдуваат судењето.

Периодичните статусни конференции претставуваат суштински алатки за соодветно раководење со предметите во МКСПЈ,[142] со помош на кои судиите, задолжени за подготвителната постапка[143] (понатаму во текстот именувани само како „судии"), можеа да се уверат дека предметот е „подготвен" за судење. За таа цел, судијата дефинира работен план за конкретниот предмет, со посочување на конкретните обврски на странките и роковите што треба да се почитуваат за исполнување на предвидените обврски.[144]

Следејќи го примерот на МКСПЈ, судовите во Босна и Херцеговина (БиХ) воведоа сличен систем за раководење со судските предмети.[145] Членот 233-а од Законот за кривична постапка на БиХ пропишува дека во текот на подготовката за главната расправа судот може да одржи рочиште со странките со цел, да „се разгледаат прашањата што се важни за главната расправа". Значењето на оваа одредба беше постепено проширено преку судската пракса и подоцна истото послужи како законска основа за одржување на статусните конференции, кои сега претставуваат долго воспоставена традиционална пракса на судовите во БиХ.[146]

### 3.5.2 Национална правна рамка во однос на улогата на Претседателот на судечкиот совет



Во текот на главната расправа, ЗКП предвидува широки раководни овластувања за Претседателот на советот. Согласно Членот 358, став 1 од ЗКП, „Претседателот на советот (...) раководи со главната расправа". Должност на Претседателот на советот е и „отстранување на сè она што ја оддолжува постапката, а не служи за разјаснување на работите".[147] По истата логика, ако конкретниот случај е особено сложен, на пример, поради бројот на обвинети лица или големото количество докази, „Претседателот на советот може да определи да се отстапи од редовниот тек на главната расправа".[148] На пример, ова значи дека Претседателот на советот може да го одвои изведувањето докази во однос на одредени кривични дела или обвинети лица. Со други зборови,

[142] Правила 65-*bis* и 65-*ter* од Деловникот и правилникот за доказната постапка (ДПДП) на МКСПЈ. Погледнете и МКСПЈ, *Прирачник за развиени практики* (фуснота 139 погоре во текстот), стр. 56-60.

[143] Судија на подготвителна постапка е еден од судечките судии во Кривичниот совет, именуван од страна на Претседателот на Кривичниот совет.

[144] Правило 65-*ter* (D)(ii) ДПДП на МКСПЈ. Согласно Правилото 65-*ter* (E)(i), една таква обврска е поднесувањето на пред кривичните поднесоци и листите на докази, чија содржина е регулирана во најситни детали. Меѓу другото, конечната верзија на пред кривичниот поднесок на обвинителството, за секоја точка на обвинителниот акт содржи резиме на доказите кои има намера да ги изведува обвинителството, како и опис на формата на одговорност на обвинетиот. Согласно Правилото 65-*ter* (E)(ii), списокот на сведоци содржи и резиме на фактите за кои ќе сведочи сведокот, како и опис на релевантните елементи од обвинението за кои ќе сведочи. Важно е да се посочи дека списокот на сведоци треба да содржи и проценка на времето што е потребно за сведочење на секој од сведоците, како и вкупното време што ќе биде потребно за изведување на доказите на обвинителството (погледнете Правило 65-*ter* (E)(ii)(f)). Согласно Правилото 65-*ter* (F), пред кривичните поднесоци на одбраната вклучуваат и писмена изјава со општ опис на природата на одбраната на обвинетиот, како и информација за прашањата содржани во пред кривичниот поднесок на обвинителството, кои обвинетиот ги оспорува.

[145] Судија Минка Крехо, *Есеј за праксата на раководењето со судските процеси во* БиХ; примерок од истиот може да се најде во Мисијата.

[146] Истиот извор.

[147] Член 358, став 2 од ЗКП.

[148] Член 359, став 2 од ЗКП.

Претседателот на советот има право да го адаптира редоследот на процесните дејствија, во зависност од потребите во конкретниот предмет.[149]

Согласно Членот 347 од ЗКП, Претседателот на советот има многу значајна улога и од аспект на прифаќањето на доказите во текот на главната расправа. Покрај овластувањето за одбивање на незаконски обезбедените докази,[150] ЗКП пропишува и експлицитна можност за Претседателот на советот да ги одбие и сите докази што ќе ги оцени како „нејасни, нецелосни или очигледно се насочени кон значително одложување на постапката“ или се насочени кон докажување факти што не се релевантни за предметот.[151] Треба посебно да се посочи дека Членот 347, став 2 од ЗКП му дава на Претседателот на советот една важна алатка за управување со главната расправа, затоа што тој или таа има можност да ги повика странките да дојдат во определен ден во судот, „за да ги образложат своите предлози, односно приговори во однос на предложените докази“.[152]
Опфатот на оваа одредба е доста ограничен, затоа што се чини дека нејзината цел е единствено насочена кон одлучувањето за можното одбивање докази.[153] Сепак, следејќи го примерот на БиХ (погледнете ја точката 3.5.1. погоре во текстот), толкувањето на Членот 347, став 2 би можело да се прошири, така што ќе дава и законска основа за воведување на статусните конференции како клучна алатка за управување со главните расправи, насочена кон усредоточување на постапката и избегнување на евентуалните одлагања и неефикасност. Поконкретно, статусните конференции би биле мошне корисни за следново: i) утврдување на прашањата што е најдобро да бидат разгледани и разрешени пред почетокот на главната расправа, како на пример, било какви оспорувања на надлежноста на судијата или надлежниот јавен обвинител; конфликти на интереси помеѓу судовите и јавното обвинителство или пак прашања во врска со дозволеноста на доказите (односно, тврдењата дека одредени докази треба да бидат одбиени или пак дека одредени лица мораат или не можат да сведочат); планирање на неопходното време за читање на обвинението и воведните зборови на странките; ii) утврдување/проценка на бројот на сведоци, кои се потребни за докажување на сите елементи од кривичните дела содржани во обвинението, како и потребното време за нивните сведочења; iii) проценка на времето што ќе биде потребно за изведување на материјалните докази.



### 3.5.3. Национална правна рамка во однос на правилата на доказната постапка

Со реформираниот ЗКП беше воведен еден хибриден правосуден систем кој е делумно инквизиторски, а делумно акузаторен.[154] Што се однесува до правилата на доказната постапка, ЗКП дефинира постапка која е придвижувана преку две спротивставени страни,

[149] Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Коментари на Законот за кривичната* постапка, 2018, стр. 734.
[150] Член 347, став 1, точка 1 од ЗКП, кој му дава овластување на Претседателот на советот да ги одбие незаконски обезбедените докази, доказите чијашто употреба со закон не е дозволена или оние што се однесуваат на факти, кои според законот, не можат да бидат докажани. Имено, незаконски обезбедените докази треба да бидат одбиени уште порано, односно во фазата на оценка и потврдување на обвинителниот акт, согласно Членот 336, став 4 од ЗКП.
[151] Член 347, ставови 1, 2 и 3 од ЗКП.
[152] Член 347, став 2 од ЗКП.
[153] Ова се потврдува и преку самиот наслов на членот: „Одбивање на предложените докази“.
[154] Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Прв преоден извештај за работата на СЈО,* 2018. стр. 11.

кои самите собираат докази и го презентираат случајот пред судот.[155] Доказната постапка започнува со изведувањето на доказите од страна на јавното обвинителство (повикување сведоци и изведување материјални докази), по што следи изведувањето на доказите на одбраната. Во текот на оваа фаза, од странките се очекува да ги изведуваат доказите преку поставување прашања.[156] ЗКП пропишува одредени начела за доказната постапка, кои се типични за акузаторните системи. Согласно Членот 383 од ЗКП, „при изведување на доказите дозволено е директно, вкрстено и дополнително испитување".

Директното испитување подразбира испитување на сведокот од странката што го/ја повикала. Тоа е првото испитување на сведокот во врска со одредено прашање кое не било предмет на разгледување во некое претходно испитување на сведокот. Целта на директното испитување е да се извлечат докази со кои се потврдува фактичката состојба која се обидува да ја докаже странката што го повикала сведокот. Прашањата што се користат при директното испитување се од отворен тип и му даваат можност на сведокот да ја раскаже својата приказна пред судот.[157] При директното испитување, сведокот е обично „пријателски расположен" кон странката што го/ја повикала. Од таа причина, наведувачките прашања (односно, прашањата со кои, странката што го врши испитувањето му ги сугерира одговорите на сведокот[158]) не се дозволени.[159]



Целта на вкрстеното испитување е да се дискредитира сведочењето на сведокот пред судиите.[160] Токму затоа, прашањата што се користат при вкрстеното испитување се директно насочени и конкретни и сугерираат одговарање со едно кратко „да" или „не". Тие се ограничени само на темите што биле опфатени при директното испитување или прашања што се релевантни за оценка на кредибилитетот на сведокот. Уште поважно, при вкрстеното испитување странките можат да употребуваат наведувачки прашања со кои им е дозволено да им го сугерираат одговорот на сведоците.

Во текот на доказната постапка Претседателот на советот и понатаму ја има задачата да ја следи и да управува со расправата. Согласно Членот 385, став 1 од ЗКП, Претседателот на советот „ќе го контролира начинот и редоследот на испитување на сведоците (...) водејќи сметка за ефикасност, економичност на постапката и по потреба за утврдување на вистината." Уште поважно, Претседателот на советот по приговор од странките одлучува и за дозволеноста на прашањата.[161] Поконкретно, по приговор Претседателот на советот

155 Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Докази и приговори: Домашни и меѓународни стандарди*, достапно на следнава интернет адреса: https://www.osce.org/mission-to-skopje/315111?download=true, 2017, Стр.7-9.
156 Истиот извор.
157 Меѓу примерите за прифатливи прашања при директното испитување се и следниве: „Каде живеете? Колку деца имате? Каде работите?"
158 Пример за наведувачко прашање: „Зарем не е точно дека му кажавте на Мирко Мирковски дека автомобилот бил украден?", наместо прашањето: „Дали му рековте нешто на Мирко Мирковски?", кое не е од наведувачки карактер.
159 Член 384, став 2 и Член 385, став 4 од ЗКП.
160 Во правосудниот систем на земјата нема порота.
161 Член 385, став 8 од ЗКП, „за приговорите изнесени усно на главна расправа во процесот на испитување на сведоците, вештаците и оштетениот, судијата одлучува веднаш со решение". Уште повеќе, според Членот 385, став 7 од ЗКП, „во текот на целата доказна постапка, Претседателот на советот се грижи за дозволеноста на прашањата, валидноста на одговорите, праведно испитување и оправданоста на приговорите".

„ќе забрани прашање и одговор на прашање кое веќе е поставено, ако го оцени како недопустливо или ирелевантно за предметот“.[162] Конечно, Претседателот на советот се грижи за економичноста на постапката со тоа што „ќе одбие изведување на доказ, за кој смета дека е непотребен и без значење за предметот и за тоа ќе даде кратко образложение“.[163]

### 3.5.4. Прашања во врска со претходната постапка во предметите на СЈО

Тимовите на одбраната во предметите на СЈО поднесуваа бројни предлози во однос на прашања поврзани со претходната постапка. Покрај приговорите поврзани со отсуството на техничка опрема за аудио и видео снимање во судниците (погледнете ја точката 4.5.1. во Поглавјето 4 од овој извештај), во голем број случаи адвокатите на одбраната вложуваа приговори оспорувајќи ја надлежноста на СЈО и законитоста на одредени докази, а особено прислушуваните разговори. Дури и по донесената одлука на Апелациониот суд за дозволеноста на снимките од прислушуваните разговори, за целите на потврдување на обвинителните акти, одбраната и понатаму продолжи да ги оспорува истите на самиот почеток од речиси сите главни расправи, во сите предмети.[164] Уште повеќе, адвокатите на одбраната ги осудија слабостите во процесот на споделување на доказите и приговараа кон законитоста и дозволеноста на сведочењата од страна на некои од вештаците повикани од СЈО. Иако за содржината на некои од овие приговори ќе се говори понатаму во извештајот, во оваа точка го разгледуваме начинот на кој беа поднесувани предлозите и приговорите од страна на странките и како судот се справуваше со нив.



Се чини дека Претседателите на советите во ниту еден момент не ја искористија алатката која им ја нуди Членот 347, став 2 од ЗКП. Со други зборови, тие никогаш не ги повикаа странките да се појават пред судот, пред почетокот на главните расправи, со цел да се разрешат одредени прелиминарни прашања во врска со доказите што би требало да се одбијат. Во еден од предметите, судот без размислување го одби таквото барање на одбраната.[165] Како последица на тоа, во сите останати предмети одбраната ги вложуваше своите приговори за прв пат на самата главна расправа. Затоа значителен дел од првите расправи во секој од предметите беше потрошен за дискусија на прашања поврзани со претходната постапка, на тој начин одложувајќи го отпочнувањето на доказните постапки. Во текот на овие дискусии за различни прелиминарни прашања, претседателите на советите во целост ги почитуваа правата на странките за презентирање на нивната аргументација, овозможувајќи ѝ на одбраната сосема доволно време за доставување на нивните предлози и барања до судот и доволно време за СЈО да одговори по нив. Сепак, сето ова често резултираше со доста долги дебати со многу повторување, каде адвокатите

[162] Член 385, став 2 од ЗКП.
[163] Член 385, став 3 од ЗКП.
[164] Одлуките на Апелациониот суд, кои уследија по одлуката на истиот суд во август 2017 година, за прифаќање на снимките од прислушуваните разговори како докази во предметот *Центар*, веднаш ја отворија можноста за одбраната повторно да ја оспори дозволеноста на снимките од прислушуваните разговори, како докази по отпочнувањето на судскиот процес. За повеќе детали, погледнете го *Првиот преоден извештај за работата на СЈО* на Мисијата на ОБСЕ во Скопје од 2018 година, стр. 71-77.
[165] Предмет *Труст*, на 14 ноември 2017 година.

на одбраната постојано и непрекинато ги повторуваа своите тврдења и аргументи, а застапниците на СЈО мораа да одговараат на истите приговори.

Точно е дека давањето доволно време на странките да ги презентираат своите аргументи во однос на предметот е од суштинска важност, меѓутоа, судиите би можеле својата раководна улога да ја протолкуваат на еден повеќе проактивен начин, со цел, да се избегнат сите причини за неефикасност и одлагања. Ова е особено точно кога станува збор за прашања поврзани со претходната постапка. Претседателите на советите треба во целост да ги искористат раководните алатки што им ги нуди ЗКП, и да ги повикуваат странките во судот за да се расчистат одредени прашања во претходната постапка согласно Членот 347, став 2 од ЗКП. Како што беше објаснето во точката 3.5.2., опфатот на оваа одредба би можел да се прошири и да се покријат сите можни прашања во претходната постапка, така што кога истите веќе еднаш ќе се расчистат, судењето понатаму нема да се „оптоварува" со прашања кои не се директно поврзани со суштината на предметот. И најважно, воведувањето на механизмот на статусни конференции ќе им дозволи на претседателите на советите однапред да го планираат одвивањето на главната расправа заедно со странките и да се договорат во однос на видот и количеството докази што ќе се изведуваат, со исклучок на оние што се очигледно ирелевантни и непотребни.



### 3.5.5. Доказна постапка во предметите на СЈО

Во временскиот период опфатен со овој извештај, многу од тековните предмети[166] беа сè уште во раната фаза на изведување докази од страна на СЈО. Само во четири предмети – *Тарифа, Тревник, Титаник 3* и *Титаник 2*, постапките беа во фаза на изведување докази од страна на одбраната (која, според законот, се одвива откако обвинителството ќе заврши со изведувањето на сопствените докази). Од таа причина, анализата и наодите содржани во следните неколку точки треба да бидат прифатени и разбрани на начин кој го има предвид ваквото ограничување.

#### 3.5.5.1. Пресретнати комуникациии

Во временскиот период што е предмет на разгледување во овој извештај, СЈО предлагаше снимки од прислушувани разговори како докази во речиси сите свои предмети.[167] Во судниците беа преслушани речиси 2.000 снимки од прислушуваните разговори (аудио снимките се преслушуваа преку лаптоп со два звучници). Повеќе од една половина од снимените материјали се преслушуваа во предметот *Титаник 1*, во кој поранешниот премиер и некои други високи владини функционери беа обвинети за наводни дела против изборите. Со вкупно 315 снимки, *Траекторија* беше вториот случај во кој се преслушуваа многу од прислушуваните разговори – предмет во кој беше обвинет поранешниот премиер и неколку други високи владини функционери, за наводна злоупотреба на нивната положба при изборот на најдобар понудувач за изградба на две делници автопат. Во три предмети – *Титаник 1, Траекторија* и *ТНТ* – во листата на докази,

[166] До ноември 2018 година, првостепени пресуди беа донесени во пет предмети (*Тврдина 2, Тенк, Тифани, Триста и Труст*), а судењата за останатите 15 предмети беа сè уште во тек.
[167] Освен за предметите *Тврдина 2, Таргет-Тврдина, Транспортер и Центар.*

СЈО приложи и над 1.000 пресретнати кратки текстуални пораки (СМС), кои беа изведувани така што истите беа проектирани на екран, додека застапникот на СЈО ја читаше нивната содржина на записник.

Во сите предмети, СЈО не понуди информации во однос на контекстот во кој се одвивале овие разговори и се разменувале текстуалните пораки и/или нивната поврзаност со обвинението. Во одредени случаи,[168] пред да ги пушти аудио снимките во судница, СЈО не ги откри ниту имињата на прислушуваните лица,[169] по што судиите и присутната јавност од самите снимени гласови и темите на разговор мораа самите да претпоставуваат за кои лица се работи. Во најмалку два предмети,[170] ова беше сторено на барање на одбраната, која сметаше дека не е правично да се нагаѓаат имињата на лицата што учествуваат во снимените разговори, имајќи предвид дека СЈО не беше во состојба да го докаже идентитетот на лицата од прислушуваните разговори.



Оваа метода на изведување докази не е најефективна. Во отсуство на какво било објаснување од СЈО, за судиите и присутната јавност беше тешко да ја разберат содржината на многу од прислушуваните разговори. Во некои ситуации, целата расправа минуваше во преслушување на снимените прислушувани разговори без никаква информација за нивното значење или поврзаност со клучните факти во конкретниот предмет. Впечатокот на набљудувачите на ОБСЕ е дека во СЈО не извршиле соодветен избор само на инкриминирачките разговори, туку предложиле и релевантни и ирелевантни доказни материјали. Ситуацијата беше уште повеќе конфузна во ситуациите каде не беа посочени имињата на лицата што учествуваат во разговорот.

Истото може да се каже и за кратките текстуални пораки. Во најмалку еден предмет, цели три часа непрекинато, обвинителите од СЈО читаа речиси 260 текстуални пораки.[171] Иако во случајот на текстуалните пораки СЈО ги посочи имињата на испраќачите и примателите на пораките, многу од нив содржеа кратенки или шифрирани зборови што не беа објаснети.

#### 3.5.5.2. Материјални докази

Под материјални докази се подразбираат какви било докази што можат да се изведуваат во форма на документи (како на пример, договори, потврди за исплати, урбанистички планови итн.), како и какви било медиуми на кои можат да се снимат и чуваат различни информации (како на пример, фотографии, аудио и видео снимки). Во временскиот период опфатен со овој извештај, во текот на различните судски процеси, СЈО изведе над 4.000 материјални докази. Предметот со најголем број материјални докази беше *Труст*, со вкупно 1.560 документи,[172] следен од *ТНТ,*[173] *Трезор*[174] и *Тендери*[175], со повеќе од 600

[168] *Тенк, Труст, Траекторија и Титаник 1.*
[169] СЈО ги изведуваше овие докази само со читање на телефонските броеви од кои се направени повиците и со наведување на датумот и времето на разговорот.
[170] *Траекторија и Титаник 1.*
[171] Во предметот *Траекторија*, на 26 октомври 2018 година.
[172] Расправа одржана на 23 ноември 2017 година.
[173] Расправи одржани на 3 јули, 10 септември, 25 октомври и 30 октомври 2018 година.

документи. Обвинителите од СЈО ги изведуваа овие докази на записник, така што за секој документ го читаа бројот на доказниот предмет и неговиот наслов (односно, читајќи ја листата на предложени докази во судница). Имајќи го предвид големиот број документи, во сите предмети, странките се согласија содржината на самиот документ да се чита (или делови од истиот) само во оние случаи кога одбраната смета дека тоа е неопходно.[176] Дури и на овој начин во некои од предметите читањето на листата на докази на СЈО траеше со часови.[177] Во некои предмети, покрај со читање на глас, обвинителите од СЈО ги проектираа самите документи на ѕидот во судницата и ја читаа нивната содржина на записник.[178]

Истите коментари и наоди што ги дадовме во однос на изведувањето на снимките од прислушуваните разговори се однесуваат и на материјалните докази. СЈО не понуди никакви дополнителни информации за појаснување или за утврдување на контекстот на доказите што ги изведуваше, или пак за нивната поврзаност со предметот. Обвинителите од СЈО не објаснија на кој начин овие документи се поврзани со останатите докази во конкретните предмети (прислушуваните разговори и исказите на сведоците). Од вербалните размени помеѓу судиите и странките во судниците беше јасно дека СЈО и судиите сметаат дека таквите објаснувања и дополнителни информации не се потребни, затоа што „сè ќе се разјасни во текот на завршните зборови“.[179] Како резултат на тоа, следењето на изведувањето на материјалните докази на СЈО беше исклучително тешко за присутните претставници на јавноста. Веројатно истото е точно и за судиите кои, согласно реформираниот ЗКП, имаат само ограничени познавања за материјалните докази што странките ги изведуваат во текот на судењето.



Во два од своите предмети, односно во *ТНТ* и *Тортура*, СЈО изведуваше и видео снимки. Во *Тортура*, во текот на три расправи беа прегледани вкупно 51 видео снимка.[180] Како што отворено признаа и претставниците на СЈО, некои делови од видео материјалите што беа изведувани како доказ беа целосно ирелевантни за случајот. Од таа причина СЈО побара дозвола од судот да ги пушта само релевантните делови (односно, по една до две минути од вкупно 45). Одбраната вложи приговор на ваквото барање барајќи СЈО да ги пушта сите снимени видео материјали во целост, тврдејќи дека „одбраната ги гледа тие видео снимки по прв пат“ и од таа причина мора да се увери дека остатокот од снимките не содржи други релевантни информации. Останува нејасно зошто СЈО однапред не ги одбрало само релевантните делови од видео материјалите, туку се реши пред судот да изведува и докази, кои, по нивно сопствено признание, се излишни и непотребни во предметот. Како и да е, се чини дека основниот проблем беше во фактот што одбраната

[174] Расправи одржани на 10 септември, 27 септември, 2 ноември, 15 ноември и 29 ноември 2018 година.
[175] Расправи одржани на 14 мај и 20 јуни 2018 година.
[176] Согласно Членот 392, став 4 од ЗКП, сите докази што се внесуваат во записникот за главна расправа се читаат, освен ако странките не се договорат поинаку.
[177] На 24 април 2018 година, во предметот *Триста*, обвинителите од СЈО го читаа списокот на докази цели пет часа. Истото се случи и во предметот *Тендери* на 14 мај 2018 година.
[178] Во предметите *ТНТ, Тендери, Тревник* и *Топлик*.
[179] Меѓу другите, на расправите во предметите *Труст,* на 23 ноември 2017 и *Тендери на 29* октомври 2018 година.
[180] На 3 октомври, 1 ноември и 20 ноември 2018 година.

не беше претходно запознаена со снимките и нивната содржина. Имајќи предвид дека овие материјали не биле претходно споделени со одбраната, за неа беше сосема оправдано да бара прегледување на снимките во целост. Ефикасноста на постапката ќе беше максимално зголемена доколку сите докази беа споделени однапред и доколку одбраната се согласеше да се прегледуваат само одредени релевантни делови од истите.

3.5.5.3. Искази на сведоци[181]

Во текот на периодот на известување, во судските предмети на СЈО сведочеа вкупно 350 сведоци. Предмет со најголем број сведоци е *Титаник 1*, каде СЈО предложи испитување на 191 сведок.[182] Во најмалку осум од предметите, голем број од сведоците што беа предложени од СЈО беа, исто така, предложени и од страна на одбраната како сведоци на одбраната.[183] Поради ова се поставуваше прашањето дали и кога на одбраната ќе ѝ биде дозволено да врши директно испитување на сопствените сведоци, кои истовремено беа сведоци и на СЈО. Во некои од предметите, претседателите на судечките совети носеа одлуки за спојување на доказната постапка во делот на обвинението и одбраната, дозволувајќи ѝ на одбраната да врши директно испитување на сведоците, веднаш откако ќе завршеше со нивното вкрстено испитување.[184] Во други предмети, пак, претседателите на судечките совети носеа одлука да ги повикуваат истите сведоци повторно, при изведувањето на доказите од страна на одбраната.[185] Во секој случај, во сите овие случаи, претседателите на советите ги почитуваа правата на одбраната и им дозволуваа на адвокатите на одбраната да вршат директно испитување на сведоците што ги повикале.



Фактот што и обвинителството и одбраната често се потпираа на сведочењето на истите сведоци е донекаде невообичаен. Во одредени ситуации СЈО имаше повикано сведоци кои беа очигледно „непријателски“ расположени, при што нивниот исказ одеше повеќе во прилог на теоријата на случајот на одбраната, наместо на онаа на СЈО. Како резултат на ова, одбраната често се откажуваше од правото да врши нивно вкрстено испитување или ги повлекуваше нивните имиња од листата на предложени сведоци, затоа што при нивното директно испитување тие даваа одговори што им одеа во прилог на обвинетите лица. Ова беше особено забележливо во предметите *Триста* – каде обвинет беше еден помошник на поранешната министерка за внатрешни работи, поради наводна злоупотреба на неговата службена положба при набавката на 300 службени возила преку постапка за јавна набавка и *Тенк* – во кој беше обвинет поранешниот премиер, поранешната министерка за внатрешни работи и еден од нејзините помошници, а во врска со наводната злоупотреба на постапката за јавни набавки при набавката на едно

[181] Во оваа група се вклучени вештаците.
[182] Во моментот на пишување на овој извештај, предметот сѐ уште не беше стасан во фаза на испитување сведоци.
[183] Во предметите *Центар*, *Транспортер, Труст, Триста, Топлик, Тенк, Титаник 3* и *Титаник 2*. Само во предметите *Тенк, Триста, Труст, Тарифа* и *Тревник*, одбраната имаше повикано дополнителни сведоци, освен оние што беа повикани и од СЈО. Поконкретно, во предметот *Тенк*, одбраната повика 26 сведоци, двајца сведоци во предметот *Триста*, четири сведоци во *Труст*, 19 сведоци во *Тарифа* и еден дополнителен сведок во *Тревник*.
[184] Во предметите *Тенк*, *Титаник 3*, *Центар*, *Транспортер*, *Труст* и *Триста*.
[185] Во предметите *Топлик* и *Титаник 2*.

луксузно возило.[186] Во обата случаи, некои од сведоците на СЈО изјавија дека спорната постапка за спроведување јавна набавка била целосно во согласност со законот.[187] Токму затоа, не може а да не се запрашаме зошто СЈО воопшто одлучило да ги повика токму тие сведоци и притоа, која била неговата теорија за целиот случај.

Во други случаи сведоците на СЈО не беа од голема корист затоа што истите тврдеа дека не можат да се сетат на ништо во врска со случувањата, или пак тврдеа дека не биле присутни, или дека не биле во положба да го знаат она за што се испитувани. На пример, во предметот *Транспортер* – во врска со изигрувањето на постапката за јавна набавка на транспортни услуги за потребите на учениците во Општина Битола – четирите сведоци на СЈО што сведочеа на расправата одржана на 27 април 2018 година,[188] не можеа да одговорат на голем број од прашањата на обвинителството затоа што истите се однесуваа на процедури што се вон нивна надлежност или пак на настани на кои тие не присуствувале. Уште повеќе, во некои од предметите, некои од исказите на сведоците се чинеа дека се непотребни и излишни.



Во отсуство на какви било индикатори за тоа дека овие сведоци ги промениле изјавите што претходно ги имале дадено во текот на истрагата (обвинителите од СЈО не изгледаа посебно изненадени од начинот на кој сведочеа сведоците и од судот не бараа на сведоците да им се предочат нивните претходни изјави согласно Членот 388, став 4 од ЗКП[189]), би било разумно да се заклучи дека СЈО не беше секогаш успешно во изборот на најсоодветните сведоци во поддршка на обвинението. Повикувањето сведоци кои во најдобар случај немаат да понудат корисни информации за судот и во најлош случај не нудат потврда на теоријата на случајот на обвинителството, не придонесува кон течното и ефикасно одвивање на постапката.

Постои уште еден проблем што беше забележан во врска со испитувањето на сведоците. Во многу од предметите, обвинителите од СЈО го започнуваа директното испитување со прашањето „кажете ми сè што знаете за...“[190], што е од мошне отворен карактер и не му помага на сведокот да го фокусира својот одговор на она што е важно во предметот. Во одредени случаи ваквото прашање им овозможуваше на сведоците да даваат многу долги одговори кои во голем дел и не беа поврзани со конкретната тема на дискусија. Општ

186 Обата предмети беа завршени во прв степен во текот на периодот што е предмет на нашето известување. Судењето во предметот *Тенк* беше завршено и во втор степен против двајца од обвинетите, чии пресуди станаа правосилни (погледнете Поглавје 1, точка 1.3).

187 Во предметот *Тенк* на 10 април 2018 година, кога сведочеа тројца сведоци на СЈО. Поконкретно, еден советник од Одделот за јавни набавки во МВР, раководителот на истиот оддел од МВР и еден вработен од компанијата во чија полза беше изиграна постапката за доделување на договорот за јавна набавка. Во предметот *Триста* на 23 март 2018 година, каде сведочеа четири сведоци на СЈО (сите вработени во МВР).

188 Еден вработен во Општина Битола (служба за сметководство), директорот на една транспортна компанија од Битола, еден вработен во Министерството за финансии и раководителот на секторот за образование во Општина Битола.

189 Согласно Членот 388, став 4 од ЗКП, доколку по започнувањето на главната расправа се појават индиции врз основа на кои може да се заклучи дека сведокот бил изложен на насилство, закани, ветување на пари или друга корист, за да не сведочи или лажно да сведочи на главната расправа, исказите на сведокот дадени пред јавниот обвинител во претходната постапка може со одлука на судот да се изведат како доказ.

190 Во предметот *Тенк*, директно испитување на пет сведоци на СЈО на одржаната расправа на 20 март 2018 година.

заклучок е дека и обвинителите од СЈО и адвокатите на одбраната имаа тешкотии со техниките што се применуваат при директното и вкрстеното испитување.

### 3.6. Заклучок

Во периодот помеѓу ноември 2016 и ноември 2018 година, стапката на одлагање на расправите во 20-те судски предмети по кои постапуваше СЈО и кои се предмет на разгледување во овој извештај, изнесуваше 33% (1/3). Структурата на овие податоци покажува значително подобрување во динамиката на одвивање на судењата, ако се спореди 2017 (стапка на одлагање на расправите од 56.5% во 10 тековни предмети), со 2018 година (стапка на одлагање на расправите од 29% во 19 тековни предмети).[191] Благодарејќи на напорите на сите учесници во постапките, на крајот од 2018 година бројот на одложени расправи повеќе не се сметаше за структурен проблем.



Во секој случај, во ова поглавје посочивме на некои од останатите причини за одлагање на судските расправи во предметите на СЈО кои имаа негативно влијание врз севкупната ефикасност на постапките. Овие причини можат да се групираат во две главни категории, поврзани со раководењето на расправите од страна на претседателите на судечките совети и начинот на кој странките ги изведуваат доказите во текот на главната расправа.

Како прво, неуспехот во адресирањето и решавањето на спорните прашања во текот на претходната постапка (на пример, приговори во однос на дозволеноста на одредени докази или жалби во однос на процесот на споделување докази), пред отпочнувањето на главната расправа, беше причина за значителни одлагања на почетокот на доказните постапки. Најсоодветното решение во однос на адресирањето и разрешувањето на поднесените предлози и барања во текот на претходната постапка би било одржувањето на статусна конференција согласно Членот 347 од ЗКП. Во отсуство на еден таков механизам, одбраната вложуваше приговори во врска со прашања на претходната постапка на самиот почеток на главната расправа, што предизвикуваше дискусии кои траеја со часови.

Второ, во ова поглавје го анализиравме модалитетот согласно кој СЈО ги изведуваше снимките од прислушуваните разговори (скоро 2.000 аудио снимки), материјалните докази (околу 4.000 документи) и исказите на сведоците (350 сведоци) во текот на главните расправи. Општ заклучок е дека, во многу случаи, СЈО не изврши соодветен избор на доказните предмети што ќе ги изведува пред судот и не понуди соодветно објаснување за релевантноста на конкретните докази и нивната поврзаност со обвинението. Знаејќи колкава е сложеноста на предметите на СЈО и нивната важност од аспект на пројавениот јавен интерес за истите, од исклучителна важност е клучните факти и докази во поединечните предмети, на судиите (и на општата јавност, до степен до кој истото е можно) да им се презентираат на јасен, логичен и усредоточен начин. Згора на тоа, се чини дека обвинителите од СЈО, како и адвокатите на одбраната, имаат еднакви тешкотии во однос на примената на техниките за директно и вкрстено испитување.

---

[191] Во 2016 не беа забележани никакви одлагања.

## 4. Постигнување рамнотежа помеѓу ефикасноста и правичноста

### 4.1. Право на соодветно време и услови за подготовка на одбраната

Експедитивноста и ефикасноста се важни компоненти на правото на фер и правично судење. Сепак, тие не можат да послужат како оправдување за отстапување од законот и евентуални повреди на правата на обвинетите.[192] Ефикасноста на судската постапка мора да биде урамнотежена наспроти правото на обвинетиот да има доволно време и услови за подготовка на сопствената одбрана. Ова право е предвидено во Членот 6, став 3, алинеја б од ЕКЧП,[193] кој го штити обвинетиот од избрзани судења.[194] Активностите за материјална одбрана во корист на обвинетиот можат да го содржат сето она што е „неопходно“ за подготовка за главната расправа. На обвинетиот мора да му се даде шанса да ја организира својата одбрана на соодветен начин и без никакви ограничувања во однос на можноста за изнесување на релевантните аргументи, во негова или нејзина одбрана пред судот и на тој начин да се обиде да влијае врз конечниот исход на судската постапка.[195]

#### 4.1.1. Соодветни услови: Пристап до списите во судскиот предмет



Можностите што треба да им бидат на располагање на сите лица обвинети за сторено кривично дело треба да ја вклучуваат и можноста за запознавање со резултатите од спроведената истрага низ целата постапка, заради подготовка на нивната одбрана.[196] Токму затоа, должноста на обвинителството за споделување на собраните докази е од суштествена важност за гарантирање на правото на обвинетите за фер и правично судење. Благодарејќи на самата природа на кривичните истраги, пред судењето, за разлика од одбраната, обвинителството има на располагање повеќе време и ресурси за подготовка за судскиот процес. Освен тоа, обвинителството има и привилегиран пристап до одредени информации. Од таа причина, споделувањето на доказите од страна на органите на прогонот е од суштинска важност за гарантирање на еднаквоста на оружјето во кривичните постапки.

Во европско-континентален правен модел, споделувањето на доказите ја презема формата на право на пристап до истражното досие, што се случува најдоцна до самиот крај од истрагата.[197] ЕСЧП има воспоставена судска пракса според која на крајот на истрагата одбраната мора да добие целосен и неограничен пристап до сите предметни списи на обвинителството, доволно рано пред отпочнувањето на судскиот процес.[198] Правото на

192 „Иако е важно постапката да се одвива со добра брзина, ова не треба да се прави на сметка на процесните права на било која од странките“, Погледнете ЕСЧП, *ОАО Нафтена Компанија Јукос против Русија*, Тужба бр. 14902/04, став 540 (од 15 декември 2014 година).

193 ОБСЕ-ОДИХР, *Правна ревија за меѓународни права за фер и правично судење,* стр. 121 и 128.

194 ЕСЧП, *Борисова против Бугарија,* Тужба бр. 56891/00, став 40 (од 21 март 2007 година); ЕСЧП, *Малофејева против Русија*, Тужба бр. 36673/04, став 115 (од 30 август 2013 година).

195 ЕСЧП, *Коронев и Карпенко против Украина*, Тужба бр. 17444/04, став 66 (од 21 јануари 2011 година).

196 Истиот извор.

197 Микел Чајаниело, *Пристап и ограничувања во пристапот до доказите и предметните списи во системите со европско-континентален правен систем*, Оксфордски прирачник за кривичниот процес, Уреден од Дерил К. Браун, Јенна Алонтчева Тарнер и Бетина Вајсер, 2019, стр. 564.

198 М. Чајаниело, погледнете ја фуснотата 197 погоре, стр. 575-576, повикувајќи се на случајот Очалан, каде ЕСЧП утврди повреда на правото на фер и правично судење затоа што одбраната добила пристап до предметните списи само неколку недели пред почетокот на судскиот процес, а истрагата била многу

пристап до предметните списи се однесува на *сите материјали со кои располага обвинителството,* вклучувајќи ги и сите докази во полза на одбраната. Ваквиот целосен и безусловен пристап може да биде ограничен единствено за легитимни цели. На пример, со цел, да се заштитат основите права на некои други лица, како на пример, сведоци во ризик од одмазда, или заради заштита на некои важни јавни интереси, како на пример, случаи во кои таквиот пристап би можел да има влијание врз тековната истрага или да предизвика сериозно загрозување на националната безбедност.[199] Одлуката за одбивање пристап до одредени материјали не смее да биде донесена еднострано од страна на јавно обвинителските или истражни органи, туку истото мора да го стори соодветен судски орган (или во најмала рака, таквата одлука мора да биде предмет на судска контрола). Во предметот *Роу и Дејвис против Обединетото Кралство*, ЕСЧП утврди дека доколку „самото обвинителство се обидува да ја оцени важноста на прикриените информации за одбраната и таа важност ја мери со јавниот интерес за чување на тајноста на информациите", тоа значи повреда на правото на фер и правично судење. [200] Поконкретно, обвинителството е должно засегнатите информации да му ги презентира на судот, за тој да може да одлучува по прашањето за нивно споделување.[201] Од овој аспект, судијата, „во текот на целокупниот судски процес, има должност да ја гарантира правичноста во однос на одлуките за споделување или прикривање на доказите". [202] Притоа, судијата мора да го процени јавниот интерес во полза на прикривањето на доказите од одбраната, наспроти интересите на обвинетиот и мора на одбраната да ѝ даде можност да учествува во процесот на одлучување до највисок можен степен.[203] Важно е да се посочи дека ваквата оценка мора да биде резултат на една добро обмислена и образложена одлука.[204]

При спроведувањето на одредени истражни или процесни активности, на одбраната може да ѝ се дозволи да изврши увид во досието на обвинителството дури и пред конечното завршување на истрагата. Една од тие ситуации е случајот кога осомничениот е лишен од слобода и во притвор го очекува почетокот на судскиот процес. Поради „драматичниот ефект што лишувањето од слобода го има врз основните права на засегнатото лице",[205] на неговиот бранител мора да му се обезбеди пристап до оние *документи во истражното досие, кои се од суштинска важност*, за да може на ефективен начин да ја оспори законитоста на притворот определен за неговиот или нејзиниот клиент.[206] Следствено, што се однесува до притворот во претходната постапка, пристапот до предметните списи е ограничен само на доказите што се од „суштинска важност" за ефективно оспорување на решението за притвор.



сложена и продуцирала огромно количество докази. Погледнете и ЕСЧП, *Очалан против Турција*, Тужба бр. 46221/99, ставови 30 и 36, 138-149 (од 12 мај 2005 година).

[199] ЕСЧП, *Досет против Обединетото Кралство,* Тужба бр. 39482/98, став 42 (од 24 јуни 2003 година).

[200] ЕСЧП, *Роу и Дејвис против Обединетото* Кралство, Тужба бр. 28901/95, став 63 (од 16 февруари 2000 година).

[201] Истиот извор, став 66.

[202] ЕСЧП, *П.Г. и Ј.Х. против Обединетото* Кралство, Тужба бр. 44787/98, став 71 (од 25 септември 2002 година).

[203] ЕСЧП, *Мирилашвили против* Русија, Тужба бр. 6293/04, став 205-206 (од 11 декември 2008 година).

[204] Истиот извор.

[205] ЕСЧП, *Фодале против Италија,* Тужба бр. 70148/01, став 42 (од 23 октомври 2006 година).

[206] Истиот извор, став 41.

Покрај судската пракса на ЕСЧП, ЕУ има развиено и сопствен комплет правила во однос на пристапот до предметните списи. Членот 7 од Директивата 2012/13 на ЕУ за Правото на информации во кривичните постапки, го регулира „пристапот до материјалите во предметот“, како одраз на јуриспруденцијата на ЕСЧП по ова прашање.[207]

4.1.2. Соодветно време

Што се однесува до барањето за овозможување соодветно време, најголемиот дел од пресудите од судската пракса на ЕСЧП се поврзани со прашања што се однесуваат на времето потребно за да се изврши увид во едно судско досие, временскиот период помеѓу известувањето за поднесеното обвинение и одржувањето на првата расправа или други „случувања“, по кои на одбраната мора да ѝ се даде одредено време за утврдување на сопствен став, за подготовка на барање или за вложување приговор.[208] Таквите „случувања“ можат да вклучуваат промени во обвинителниот акт,[209] предлагање нови докази од страна на обвинителството,[210] или пак ненадејни и драстични промени во стручното мислење на одреден вештак за време на главната расправа.[211] Во најголем,дел, судската пракса на ЕСЧП врши оценка на адекватноста на времето во однос на одредени прашања и фази од постапката, кои се однесуваат на истиот предмет. Со други зборови, Судот не ги разгледува и не ги зема предвид другите фактори, како на пример, севкупното време кое адвокатите на одбраната можат да го одвојат за подготовка на предметот, наспроти нивните останати професионални обврски.



## 4.2. Национална правна рамка во однос на пристапот до списите во судскиот предмет

Општото право на обвинетиот на соодветно време и услови за подготовка на неговата или нејзината одбрана, е гарантирано со Членот 70 од ЗКП, каде е пропишано дека ова право ја вклучува и можноста за увид во списите и „запознавање со доказите против него и во негова корист“, како и да комуницира со бранител по сопствен избор. Соодветната обврска на обвинителот, „да го запознае обвинетиот со доказите што во истражната постапка ги прибавил против него, како и да му ги открие доказите за кои дознал, а кои можат да бидат од полза за одбраната“, е предвидена во Членот 302, став 5 од ЗКП.

ЗКП пропишува „пасивен“ процес за споделување на доказите, во смисла на тоа дека законот не наметнува активна обврска за обвинителот согласно која тој би морал да прави копии од доказите и истите да ги доставува до одбраната, туку законот предвидува една пасивна обврска, при што јавниот обвинител е должен на адвокатот на одбраната да му овозможи увид во предметните списи. Согласно Членот 302 од ЗКП, јавниот обвинител е должен на осомничениот и на бранителот да им достави известување за завршување на истражната постапка. Согласно Членот 302, став 3, таквото известување содржи

[207] Погледнете https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32012L0013&from=EN. Погледнете и М. Чајаниело, фуснота 197 погоре, стр. 576-579.
[208] ЕСЧП, *Миминошвили против Русија,* Тужба бр. 20197/03, став 141 (од 28 јуни 2011 година).
[209] ЕСЧП, *Пелисие и Саси против Франција,* Тужба бр. 25444/94, став 62 (од 25 март 1999 година).
[210] ЕСЧП, *Г.Б. против Франција,* Тужба бр. 44069/98, ставови 60-62 (од 2 јануари 2002 година).
[211] Истиот извор, ставови 69-70.

информација дека сите предметни списи се наоѓаат во архивата на јавното обвинителство и дека осомничениот и неговиот бранител имаат право да ги прегледуваат списите и доказите и да прават копии (да составуваат *препис)* од истите. Целта на оваа одредба, е на осомничениот да му се даде шанса за прв пат да се запознае со доказите што биле собрани против него или неа во текот на истрагата. Ваквата можност за увид во доказите е од суштинско значење за одбраната, за истата да може да подготви стратегија за понатамошната постапка, под услов да биде потврден обвинителниот акт и закажан датум за почеток на судењето.

Во англиската верзија на ЗКП, зборот „*препис*“ е преведен со зборот „копија“. Меѓутоа, земајќи ја предвид вообичаената локална практика, во дадениот контекст, зборот „*препис*“ веројатно повеќе се однесува на еден концепт кој на англискиот јазик подобро би се превел како „фаќање забелешки“. Со други зборови, на одбраната мора да ѝ се дозволи увид во списите, меѓутоа одбраната нема експлицитно право да прави фотокопии од документацијата во канцелариите на обвинителството ниту пак смее да изнесе кој било од доказите надвор од канцеларијата на обвинителството за да направи копии од истите на друго место. Затоа, евентуалното обезбедување копии од доказниот материјал содржан во предметните списи за потребите на одбраната зависи само од добрата волја на обвинителството. Законската рамка не ги задоволува во целост стандардите на најдобрата практика во овој дел, затоа што не нуди доволна гаранција за целосен пристап и увид во списите за одбраната, особено кога се работи за сложени предмети со големи количества докази. Дополнително, како што е наведено и во Коментарот на ЗКП, зборот „*препис*“ не е соодветен, имајќи ги предвид најразличните видови докази кои би можеле да се дел од предметните списи на обвинителството.[212] Освен „традиционалните“ документи, списите на обвинителството можат да содржат и различни видови дигитални докази, како на пример електронски пораки, дигитални фотографии, видео и аудио фајлови снимени на компакт дискови или мемориски уреди. Од тие причини, на зборот „*препис*“ треба да му се даде едно пошироко толкување со кое би ѝ се дозволило на одбраната да прави копии од сите видови докази, без разлика во кој формат се наоѓаат тие.[213] Единствениот можен начин да се постигне ова е да им се дозволи на адвокатите на одбрана да ги користат апаратите за фотокопирање во самото обвинителство, како и на нивно барање, да им се обезбедуваат копии од доказите во дигитална форма.

Ставот 2 од Членот 302 од ЗКП – кој ја регулира обврската за известување на осомничениот за завршувањето на истражната постапка, вели дека пред завршувањето на истражната постапка јавниот обвинител „е должен да го испита осомничениот“.[214] Тоа значи дека обвинителството треба да го повика осомничениот на разговор, најдоцна во моментот кога и го известува за завршувањето на истрагата. Оваа одредба не наведува дали пред разговорот осомничениот и неговиот адвокат би имале пристап до предметните списи. Во секој случај, Членот 206, став 1, алинеја 5 од ЗКП, кој е поместен во општите



212 Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Коментар на Законот за кривичната постапка*, 2018, стр. 663.
213 Истиот извор.
214 Член 302, став 2 од ЗКП. Природно, осомничениот може да одбие да одговара, повикувајќи се на начелото против само инкриминација и пошироко, како дел од нејзината или неговата стратегија за одбрана. Правото за бранење со молчење е јасно пропишано во Членот 206, став 1, точка 2 од ЗКП.

одредби на Законот и насловен како „поука за правата на обвинетиот" дефинира дека пред распитот на обвинетиот, тој ќе биде поучен за (...) „правото да оствари увид во списите и да ги разгледува предметите кои се одземени". Распитот на осомничените кон крајот на истрагата му дава на осомничениот „последна шанса" да ја опише неговата или нејзината верзија на фактичката состојба, пред подигнувањето на обвинителниот акт. Имајќи предвид дека во таа фаза истрагата е (речиси) завршена, распитот на осомничениот во текот на оваа фаза нема некоја истражна цел и намена, туку истата е од одбранбена природа. Со цел да се гарантира суштинското право на обвинетиот да биде сослушан, на обвинетиот и на неговиот бранител мора да им се даде доволно време за увид во списите, така што обвинетиот ќе може да се информира за состојбата во која се наоѓа и да одлучи дали на надлежниот јавен обвинител ќе му даде изјава или не.

### 4.3. Процес на споделување на доказите во предметите на СЈО

Во сите свои предмети, СЈО целосно си ја исполнуваше обврската за повикување на осомничените лица на разговор, пред конечното затворање на истрагата. Пред да се случи тоа, СЈО ги канеше осомничените, заедно со нивните бранители, да извршат увид во списите од предметот во канцелариите на СЈО. Како што е предвидено со законот, на бранителите им беше дозволено да прават писмени белешки во однос на содржината на документацијата, меѓутоа, не им беше дозволувано да прават копии од истите. Имајќи го предвид големото количество докази собрани во врска со предметите на СЈО (односно, илјадници документи и аудио снимки), оваа метода, иако во согласност со постојните законски одредби, не е во согласност со меѓународната најдобра практика во врска со правото на одбраната да се запознае со доказите што го товарат обвинетиот, пред да се донесе одлука дали обвинетиот ќе даде изјава на обвинителството или не.



На крајот на секоја од истрагите, СЈО на адвокатите на одбраната им даваше компакт дискови, кои ги содржеа сите докази што обвинителството имаше намера да ги користи во поддршка на обвинението, со исклучок на аудио снимките од прислушуваните разговори и нивните преписи. Сепак, адвокатите на одбраната беа канети во канцелариите на СЈО, каде имаа можност да ги преслушуваат снимените разговори. Во ниту еден од предметите, адвокатите на одбраната не се одлучија да ја искористат ваквата можност (погледнете го следниот пасус за повеќе информации во врска со ова). Следствено, СЈО ги поднесе сите списи кои ги содржеа и материјалните докази и аудио снимките до судот, за потребите на потврдување на обвинителните акти. Откако обвинителните акти беа потврдени предметните списи беа предадени на соодветните судечки совети, согласно Членот 344 од ЗКП.

На почетокот на судењата, одбраната бараше од судечките совети да му наредат на СЈО да им даде копии од аудио снимките од прислушуваните разговори, како и да им даде доволно време за да ги преслушаат и да ја оценат нивната автентичност преку спроведување независни вештачења. Според мислењето на тимовите на одбраната, фактот што СЈО не им доставило копија од спорните аудио фајлови претставува сериозна повреда на правото на еднаквост на оружјето, како и повреда на правилата за споделување на доказите. СЈО се спротивстави на овие барања во сите предмети. Во предметот

*Траекторија,* СЈО објасни дека 315-те снимки од прислушуваните разговори за кои СЈО имаше намера да ги користи како докази во тој конкретен предмет биле предадени само до судот, со цел да се избегнат сите ризици од евентуално менување или удвојување на материјалите, а особено знаејќи дека јавноста дотогаш го немаше слушнато најголемиот број од нив.[215] Во сите предмети, судот ги одби барањата на одбраната за добивање копии од прислушуваните разговори. Сепак, судот им ја понуди на адвокатите на одбраната можноста снимките да ги преслушуваат во самиот суд и кога тоа го бараше одбраната, судот издаваше наредба до СЈО за доставување на преписите од разговорите. Треба да се посочи дека судот не понуди образложение за својата одлука, да не ѝ овозможи на одбраната да добие копии од снимените прислушувани разговори.

## 4.4. Приговори на одбраната во предметите на СЈО

### 4.4.1. Отсуство на опрема за тонско или визуелно-тонско снимање во судниците



Согласно ЗКП, мора да се врши тонско или визуелно-тонско снимање на судските расправи, а записникот од расправата мора да биде поврзан со Системот за автоматско управување со судски предмети (АКМИС).[216] Во отсуство на неопходните технички услови за вакво снимање, записникот го води судски записничар.[217] Истовремено, веројатно од причини поврзани со ограничениот судски буџет, многу од судниците сè уште не се опремени со уреди за тонско или визуелно-тонско снимање, а ниту една од нив не поседува стенографски машини за пишување. Поради овие причини, во најголемиот број судења во земјата, стандарден начин на водење записник е преку записничар присутен во самата судница[218] задолжен за водење не-стенографски записник.

Бележењето на случувањата во судницата во текот на расправата од страна на судски записничар, сигурно не е најефективниот можен начин за водење на судските записници. Оваа метода бара од судијата и странките на записничарот да му го диктираат она што го зборуваат. Како резултат на тоа, се губи моменталноста и ефикасноста на судскиот процес. Уште повеќе, судијата мора да ги прекинува странките и сведоците додека зборуваат, со цел да му овозможи доволно време на записничарот да го внесе на записник сето она што било кажано. Затоа, може да се каже дека во основа се работи за проблем на неефикасност. Од друга страна, постоењето на прецизен записник од главната расправа е, исто така, од суштинска важност и за правичноста на постапката. Во сложените предмети со долги сведочења, секогаш постои ризик дека записничарот нема да успее во записникот на најсоодветен и прецизен начин да го одрази сведочењето на одредени

[215] Фокус, *Груевски и Јанакиески во СЈО не сакале да слушаат 315 „бомби“ кои се доказ во предметот Траекторија, но сега тоа го бараат од судот*, 18 декември 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://fokus.mk/gruevski-i-janakieski-vo-sjo-ne-sakale-da-slushat-315-bombi-koi-se-dokaz-vo-traektorija-no-sega-toa-go-baraat-od-sudot/.
[216] Член 374, став 1, алинеја 5 од ЗКП.
[217] Член 374, став 3 од ЗКП. Согласно следниот став 4 кој вели: „стенографскиот записник, во рок од 48 часа од одржувањето на главната расправа ќе се дешифрира и прегледа, ќе се потпише од лицето кое го составува, странките, судијата поединец, односно Претседателот на советот и ќе се приклучи кон предметот“.
[218] Судскиот записничар води детален записник на компјутер.

сведоци, затоа што нивните искази често се парафразираат и резимираат. Тоа на судот не му дава можност за соодветна оценка на кредибилитетот на самиот сведок.[219]

Започнувајќи од 6 декември 2017 година, во предметот *Траекторија*, адвокатите на одбраната во предметите на СЈО почнаа со вложување приговори во однос на ваквиот метод за водење записник, посочувајќи дека истиот е спротивен на ЗКП.[220] Ваквиот нивни потег беше изненадувачки, како за судиите, така и за обвинителите од СЈО, затоа што адвокатите на одбраната никогаш порано не приговараа на не-стенографскиот начин на водење на записниците (како во предметите на СЈО, така и во сите останати). Во некои предмети судот ја одлагаше расправата со цел да се преземат мерки и судницата да се опреми со преносна видео камера. Во некои други предмети пак, судиите ги одбиваа приговорите на одбраната. Дури и во случаите кога ваквите приговори беа одбивани, судиите издаваа наредба за снимање на понатамошните расправи (со помош на една или две преносни камери). Така, може да се каже дека со одредени исклучоци,[221] вршено е аудио и видео снимање на сите судски процеси на СЈО. Треба да се посочи дека преносните камери не беа поврзани со АКМИС системот, па така и понатаму мораше да се користи записничар. Како резултат на сето ова, за поголемиот број судски постапки на СЈО постојат аудио и видео снимки од одржаните расправи, како и рачно воден записник.



### 4.4.2. Барања за изземање на членови на судечките совети

Второто прашање се однесува на барањата на одбраната за изземање на одредени судии од судечките совети согласно Членот 33, став 1, алинеја 1 од ЗКП – односно, поради тоа што судијата бил оштетен со кривичното дело – како и согласно Член 33, став 2 од ЗКП - односно, поради околности кои предизвикуваат сомневање во непристрасноста на судијата. Ваквите барања на одбраната произлегоа од интервју на раководителот на СЈО, Катица Јанева, дадено за Телевизија 24 на 21 март 2018 година, каде таа изјави дека некои од судиите што постапуваат по нејзините предмети се наоѓаат меѓу лицата чии разговори биле снимени во пресретнатите комуникации.[222] После ова интервју, помеѓу крајот на март 2018 и почетокот на мај 2018 година, одбраната поднесе барања за дисквалификација на судечкиот совет во седум предмети.[223] Во сите овие случаи, претседателите на советите ја

---

[219] Овој проблем беше забележан и во кривичните постапки што се водат на Косово; погледнете Мисија на ОБСЕ во Косово, *Преглед на спроведувањето на новиот Закон за кривична постапка на Косово*, од јуни 2016 година, стр. 34, достапен на следнава интернет адреса: https://www.osce.org/kosovo/243976.

[220] По *Траекторија*, истиот приговор беше повторен и во предметите *Центар* и *Тотал* (на 7 декември 2017 година), во *Транспортер* (на 13 декември 2017 година), во *Триста* (на 28 декември 2017 година) и во *Тенк* (на 30 јануари 2018 година).

[221] Единствените предмети кои започнаа пред јануари 2018 година, а во кои одбраната не вложи приговори во однос на модалитетот на снимањето беа *Тврдина 2*, каде постапката во прв степен заврши на 8 ноември 2017 година и Труст, каде постапката во прв степен заврши на 20 јули 2018 година. Од тие причини, нема аудио и видео снимки од постапките во овие предмети.

[222] Целото интервју можете да го погледнете на следнава интернет адреса: https://www.youtube.com/watch?v=mWQn1doFMEM.

[223] *Топлик*: на 30 март 2018 година; *ТНТ:* на 5 април 2018 година; *Тенк*: на 10 април 2018 година; *Титаник 1*: на 12 април 2018 година; *Транспортер*: на 13 април 2018 година; *Траекторија:* на 17 април 2018 година; *Центар*: на 19 април 2018 година. Во два предмети, *Тенк* и *Титаник 3*, одбраната побара и дисквалификација на обвинителите од СЈО што постапуваат по предметот, како и на раководителот на СЈО Катица Јанева, поради фактот што, како корисник на државниот буџет, СЈО би можело да се јави како „оштетена страна во постапката". Во предметот *Титаник 3* одбраната се повика на уште една дополнителна причина, односно на

прекинуваа расправата и ваквите барања ги доставуваа до Претседателот на судот, кој, согласно законот, е овластен да одлучува по ваквите барања.[224] Имајќи предвид дека СЈО одби да ги објави имињата на засегнатите судии, одбраната тврдеше дека е принудена да бара изземање на сите судии кои би можеле да носат каква било одлука во предметите. Затоа, тие поднесоа и барање за изземање на Претседателот на судот и судиите од Апелациониот суд, кои пак, според законот, се овластени да одлучуваат по барањата за изземање на Претседателот на судот.[225] Во еден предмет, прашањето се разгледуваше и пред Врховниот суд.[226] Барањата на одбраната беа постојано одбивани. Сепак, истите предизвикуваа нарушувања на расправите кои траеја со часови, а во три случаи предизвикаа одлагање на расправата во очекување на одлука.

И покрај тоа што откритието на Јанева во текот на интервјуто беше акт на невнимателност, во отсуство на поконкретни индикатори, една невнимателна изјава дадена во некое интервју не би требало да биде единствената причина за поднесување барање за изземање на судија. Доколку снимките од прислушуваните разговори, кои ги поседува СЈО, фрлаат било каква сенка врз непристрасноста на судиите во еден или повеќе од предметите, должноста да бара изземање на овие судии ќе му припаѓаше на СЈО, согласно Член 35 од ЗКП.[227] Доколку СЈО ја имаше и не ја исполнеше ваквата обврска, тоа ќе значеше повреда на Етичкиот кодекс на јавните обвинители.[228] Од таа причина, се чини дека поднесените барања од страна на одбраната беа преуранети и служеа единствено за одолговлекување на постапката. Освен тоа, треба да се потсетиме дека на 15 септември 2018 година, СЈО го поднесе Специјалниот извештај за судиите кои ја злоупотребувале нивната функција до Собранието,[229] во кој откри дека снимените разговори со кои располага, укажуваат на сериозни дела на злоупотреба од страна на четворица судии, при што ниту еден или една од нив не е член во судечките совети кои постапуваат по гореспоменатите предмети.



### 4.5. Динамиката на судските расправи на СЈО и правата на одбраната

До март 2018 година, речиси сите 20 судења беа во тек и секој ден во неделата се закажуваа по една или повеќе расправи за различните предмети. Адвокатите на одбраната беа доста гласни[230] во критиките и тврдењата дека нивното право за соодветно застапување на клиентите е повредено и тоа поради две причини: 1) голем број од расправите беа закажувани во исто време, па така, во неколку наврати тие се наоѓаа во позиција да треба

фактот дека Јанева ј запрела истрагата против две осомничени лица, кои подоцна станале сведоци во предметот. Во обата предмети, барањата на одбраната беа поднесени на расправата одржана на 8 мај 2018 година, а беа одбиени лично од раководителот на СЈО Јанева.

[224] Член 36, став 1 од ЗКП.

[225] Член 36, став 2 од ЗКП.

[226] *ТНТ*, на 5 април 2018 година.

[227] Согласно Членот 35, став 6 од ЗКП, странката е должна во барањето да ги наведе околностите поради кои смета дека постои некој од законските основи за изземање.

[228] Членови 1 и 4 од Етичкиот кодекс на јавните обвинители, кој ја пропишува обврската за професионализам, независност и непристрасност.

[229] Веб страница на СЈО: https://bit.ly/2WZ1vjN.

[230] Телма, *Адвокатите се жалат поради честите расправи*, 29 август 2018 година, достапно на следнава интернет адреса: https://telma.com.mk/advokatite-se-zhalat-na-prechesti-rochishta/.

да изберат на која расправа ќе присуствуваат; 2) расправите беа закажувани многу близу една до друга. Адвокатите тврдеа дека фактот што тие мораат да се присутни во судница сите пет дена во неделата значи повреда на нивното право да имаат на располагање доволно време за подготовка на одбраната.
Од овој аспект, вреди да се спомене дека мнозинството обвинети во предметите на СЈО се застапувани од истата група на адвокати (околу 12 од нив). Секој од нив е ангажиран од најмалку на три, до најмногу на седум случаи. Освен тоа, некои од адвокатите во предметите на СЈО беа исто така, ангажирани и во друг предмет од голем јавен интерес пред Основниот суд во текот на истиот временски период,[231] со по две закажани расправи секоја недела. Оваа околност, заедно со фактот дека одредени лица беа обвинети во повеќе од еден предмет на СЈО, значеше дека адвокатите на одбраната се исклучително зафатени.

Што се однесува до наводниот недоволен период помеѓу поединечните расправи, жалбите на бранителите се однесуваа на времето што го имаат на располагање помеѓу расправите за различни предмети. Всушност, расправите во истите предмети вообичаено се закажуваат со доволно време меѓу нив. Во текот на временскиот период опфатен со овој извештај, најголемиот број расправи закажани во текот на еден месец беше регистриран во предметот *Тенк* (со шест расправи закажани во текот на април 2018 година) и *Титаник 1* (со шест расправи закажани во текот на ноември 2018 година). Во сите други предмети, бројот на закажани расправи во текот на еден месец ретко беше повеќе од три. Вкупниот просечен број на закажани расправи во текот на еден месец во предметите на СЈО беше една месечно (за секој предмет).



Се чини дека наводите на адвокатите на одбраната немаат соодветен основ, од аспект на меѓународните стандарди за човекови права. Како што беше посочено во точката 4.1.2., судската пракса на ЕСЧП се однесува на времето кое поминува помеѓу поединечните фази во рамки на една иста постапка (на пример, временскиот период на располагање за споделување на доказите по завршувањето на истрагата, или пак временскиот период помеѓу известувањето за подигнатото обвинение и одржувањето на главната расправа), меѓутоа, судот не ја мери (и не може да ја мери) соодветноста на времето што е потребно за подготовка на одбраната, наспроти севкупниот работен ангажман и зафатеност на адвокатот на одбраната. Секој адвокат на одбраната има должност да не зема повеќе предмети од оние со кои може да се справи и/или од оние за кои работата евентуално може да ја подели со своите помошници. Иако се чини дека Кодексот на професионална етика на адвокатите во Северна Македонија ја ограничува можноста за одбивање на правната помош во кривични предмети само во исклучителни околности,[232] постои едно нашироко распространето начело на професионална етика според кое бранителите треба

[231] „Случајот на терористички упад во Собранието на 27 април“, поврзан со упадот на 35 демонстранти во собраниската зграда на 27 април 2017 година, кои беа подоцна обвинети за терористичко загрозување на уставниот поредок.
[232] Согласно Членот 6 на Етичкиот кодекс за адвокатурата, бранителот може да одбие да даде адвокатски услуги во кривични предмети „само во особено исклучителни околности од објективна и субјективна природа, како на пример, во случај на болест, кога обвинетиот не ги платил адвокатските трошоци и наградата во некои од претходните предмети и слично“; погледнете ја веб страницата на Адвокатската комора на Република Северна Македонија на следнава интернет адреса: https://www.mba.org.mk/index.php/mk/akti/kodeks-etika.

да ги прифаќаат само оние случаи во кои можат да обезбедат ефикасно и квалитетно застапување. Согласно *Повелбата за основните начела на европската правна професија и Кодексот на однесување за европските правници* на Советот на адвокатски комори и здруженија на Европа, „адвокатите не треба да прифаќаат други ангажмани, освен доколку се способни истите да ги исполнат навремено, имајќи ја предвид нивната оптовареност со други предмети“.[233] Слично на ова, Американската адвокатска комора (ААК) има развиено јасни и прецизни стандарди во однос на соодветното работно оптоварување, согласно кои, „адвокатите на одбраната не треба дополнително работно да се ангажираат, доколку таквиот дополнителен ангажман, поради својот прекумерен обем или сложеност, има негативно влијание врз обезбедувањето на квалитетни адвокатски услуги, ги загрозува интересите на клиентите во однос на нудењето независни, темелни и навремени адвокатски услуги или пак има сериозен потенцијал да предизвика неисполнување на преземените професионални обврски. Адвокатите на одбраната чиј обем на професионални ангажмани ги спречува да понудат соодветна адвокатска услуга не треба да прифаќаат дополнителни ангажмани, сè додека не се намали нивната работна оптовареност, а во меѓувреме се должни да обезбедат стручни и соодветни адвокатски услуги во предметите по кои веќе постапуваат“.[234]



### 4.6. Заклучок

Главниот наод во ова поглавје се однесува на законската рамка и праксата на споделување на доказите. Како што видовме во точката 4.1.1., стандардите што ги воведува ЕСЧП во однос на споделувањето докази пред одржувањето на јавната расправа се јасни: по завршувањето на истражната постапка пристапот на одбраната до списите може да се ограничи само доколку тоа е потребно за да се заштитат основните права на трети лица (на пример, сведоци во ризик од евентуална одмазда) или да се заштити некој важен јавен интерес (на пример, националната безбедност). Оценката за исполнетоста на овие услови не може еднострано да ја врши обвинителството, туку тоа мора да го прави судија, преку добро образложена одлука, односно решение. Во предметите на СЈО овие стандарди беа само делумно исполнети. СЈО не само што се придржуваше кон обврската да ѝ даде на одбраната можност за увид во списите, веднаш по завршувањето на истрагата, туку отиде и чекор понатаму и надвор од она што строго е предвидено со законот, давајќи им на адвокатите на одбраната компакт дискови со доказите собрани во поддршка на обвиненијата. Ваквата пракса е за пофалба и е во согласност со највисоките стандарди за фер и правично судење. Сепак, СЈО на одбраната не ѝ даваше копии од снимките од прислушуваните разговори, од причини кои не беа соодветно објаснети. Треба да се знае дека СЈО не се противеше на можноста одбраната да се запознае со содржината на

---

233 CCBE (Совет на адвокатски комори и здруженија на Европа), *Повелба за основните начела на европската правна професија и Кодекс на однесување за европските правници*, Начело 3.1.3., стр. 17, достапно на следнава интернет адреса:
https://www.ccbe.eu/NTCdocument/EN_CCBE_CoCpdf1_1382973057.pdf. Погледнете и Мајкл Г. Карнавас, *Правничка етика*, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2016, стр. 71, достапно на следнава интернет адреса: https://www.osce.org/mission-to-skopje/315081?download=true.
234 ААК, *Кривично правни стандарди за адвокатите на одбраната*, Стандард 4-1.8, достапен на следнава интернет адреса:
https://www.americanbar.org/groups/criminal_justice/standards/DefenseFunctionFourthEdition/.

разговорите, затоа што ги канеше адвокатите на одбраната да ги преслушуваат аудио снимките во нивните канцеларии како дел од процесот на споделување на доказите. Она што СЈО одби да го стори, е на одбраната да ѝ даде копии од снимените разговори, тврдејќи дека истото го прават со цел да ја спречат одбраната да врши какви било измени или да ги умножува снимките. Ваквото оправдување не успева да појасни, зошто овие аудио снимки би требало да се поинакви, во споредба со сите други докази во предметите. Освен тоа, судот не ги објасни причините поради кои одлучи да го уважи барањето на СЈО. Конечно, на крајот на поглавјето се осврнавме на жалбите од страна на адвокатите на одбраната во однос на недоволното време за подготовка на одбраната, поради бројните расправи кои се закажуваат во текот на неделата. Мнозинството обвинети во предметите на СЈО ги користат услугите на една иста група адвокати, при што секој од нив е ангажиран на најмалку три, а некои од нив работат и на седум поединечни предмети. Имајќи предвид дека расправите во поединечните предмети се закажуваат со доволно време помеѓу нив, поплаките на адвокатите на одбраната се однесуваат на временското растојание на закажаните расправи во различни предмети. Имајќи ги предвид меѓународните стандарди за човекови права, се чини дека ваквите поплаки не се основани. Согласно јуриспруденцијата на ЕСЧП, соодветното време што е потребно за подготовка на одбраната се мери меѓу поединечните фази на една иста постапка, а не наспроти севкупниот работен ангажман и зафатеност на адвокатот на одбраната. Според нашироко распространетото начело на професионална етика, бранителите треба да ги прифаќаат само оние случаи за кои можат да обезбедат ефикасни и квалитетни адвокатски услуги.

## 5. Право на судење пред независен и непристрасен суд

### 5.1. Начело на неменливост на судиите

Правото на судење пред независен и непристрасен суд е предвидено во Членот 6 од ЕКЧП. Независноста на судството бара соодветна општа институционална рамка и гаранции што овозможуваат нејзино ефективно спроведување. Неменливоста на судиите е една од тие гаранции. Како таков, овој концепт е признат и присутен во законските акти на европско ниво, како на пример во Препораката (94)12 на Комитетот на министри на Советот на Европа, која се бави со прашањето на независноста, ефикасноста и улогата на судиите,[235] Мислењето бр. 1 (од 2001 година) на Консултативниот совет на европските судии (КСЕС) за стандардите за независноста на судството и неменливоста на судиите,[236] како и Европската повелба за статусот на судиите (од 1998 година).[237] Неменливоста на судиите е концепт што е признат и во меѓународните инструменти, како на пример во Основните начела на Обединетите нации за независност на судството (од 1985 година).[238]



Како логична последица на независното судство, начелото за неменливост на судиите значи дека нивната функција им е гарантирана, сè до моментот на пензионирање или крајот на мандатот за кој биле назначени. Европската повелба за статусот на судиите го потврдува фактот дека неменливоста на судиите е концепт што е применлив и во процесот на нивниот избор и назначување на друга функција или во друг суд без нивна согласност (односно, судиите не може да се префрлаат во други оддели или на други функции без нивна согласност).[239]

Сепак, правилото за неменливост може да се дерогира доколку постојат објективни причини за тоа, поврзани со потребата за најдобро функционирање на судовите, јавниот интерес или со одредени дисциплински санкции. Во својот извештај за минималните стандарди за оценката на професионалните задолженија и неменливоста на вработените во правосудниот сектор, Европската мрежа на судски совети (ЕМСС), објаснува дека постојат и прифатливи исклучоци во однос на општото правило за неменливост. На пример, кога во текот на дисциплинска постапка ќе биде утврдено несоодветно/незаконско постапување на одреден судија на конкретна функција, или во случај на присуство на објективни законски околности кои можат да ја доведат во прашање непристрасноста во извршувањето на судската функција (на пример, лични односи или роднински врски со адвокати или други судии кои постапуваат по истите

[235] Комитет на министри на Советот на Европа, Начело 1.3 од Препораките (94)(12), 1994.
[236] КСЕС (Консултативен совет на европските судии), Мислење број 1 од 2001 година, став 57-60.
[237] Европска повелба за статусот на судиите од 1998 година, став 3.4.
[238] Основни начела на ОН за независноста на судството (1985), став 12.
[239] Европска повелба за статусот на судиите од 1998 година, став 3.4.

предмети).[240] Според мислењето на ЕМСС , „неменливоста на судиите треба да се сфати и применува во согласност со јавниот интерес или јавната служба на правдата, целите на професионалната евалуација и политиките за човечки ресурси поврзани со правосудството“.[241] Во секој случај, од исклучителна важност е „јасно и прецизно да се утврдат основите за трансфер на судиите и дека за задолжителните трансфери се одлучува во рамки на една транспарентна постапка, спроведена од независен или надлежен орган, без никакви надворешни влијанија, со носење одлуки што ќе можат да бидат оспорени или обжалени“. Затоа, судиите треба да бидат прераспределувани само во случај на постоење на специфични околности предвидени со закон или утврдени на друг општ или теоретски начин,[242] со цел надлежните органи да се спречат да го користат прераспределувањето на судиите „како средство за закани против судската автономија или независноста при одлучувањето“.[243]

Уште една важна гаранција за судската независност е процесот на распределба на предметите меѓу судиите во еден суд. Согласно акцискиот план на Советот на Европа за зајакнување на судската непристрасност, распределбата на предметите во рамки на судот треба да се одвива согласно однапред воспоставени објективни критериуми. Предметите не треба да се одземаат од конкретни судии без оправдани причини, а самите одлуки за одземање на предметите треба да се носат врз основа на претходно дефинирани критериуми, утврдени согласно една транспарентна процедура.[244] Кажано на еден поширок начин, мора да се усвојат соодветни прописи со цел да се осигура дека претседателите на судовите и повисоките судови ќе ја почитуваат независноста на поединечните судии. За таа цел, овластувањата на претседателите на судовите и повисоките судови треба да бидат јасно дефинирани, на начин кој ја штити надлежноста на поединечните судии за носење одлуки.[245]



### 5.2. Национална законска рамка во однос на неменливоста на судиите

Начелото на неменливост на судиите е вградено во Членот 99 на Уставот на Република Северна Македонија и согласно истото, „судијата се избира без ограничување на траењето на мандатот“ и „судијата не може да биде преместен против својата волја“.[246] Ова начело ќе го најдете и во Членот 39, ставови 3 и 6 од Законот за судовите.[247] Истиот закон му дава овластување на Претседателот на судот да носи годишен распоред за работа, со кој врши и распоредување на судиите во различните оддели во рамки на

[240] ENCJ (Европска мрежа на судски совети), Развој на минимални судски стандарди *III – Минимални стандарди за оценката на професионалните задолженија и неменливоста на вработените во правосудниот сектор*, 2012-2013, стр.19-20.
[241] Истиот извор, стр. 20.
[242] Истиот извор, стр.19.
[243] Истиот извор, стр. 20.
[244] Совет на Европа, *Акциски план за зајакнување на судската непристрасност*, 2016, стр. 23, достапно на следнава интернет адреса: https://rm.coe.int/1680700285.
[245] Истиот извор.
[246] Устав на Република Северна Македонија, Член 99, став1, алинеја 2.
[247] Членот 39, став 3 од Законот за судовите гласи: „судијата не може да биде прераспореден од еден во друг суд спротивно на неговата волја; Членот 39, став 6 од Законот за судови гласи: „судијата не може да биде прераспореден од еден во друг оддел од истиот суд спротивно на неговата волја“.

судот, по претходно прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд.[248] Важно е да се спомене дека Претседателот на судот, мора да ја земе предвид и специјализацијата на поединечните судии во одредени релевантни правни области (граѓанско, кривично, управно или трговско право).[249] Судиите што се преместуваат согласно годишните распореди за работа можат да вложат приговор на одлуката на претседателот до Врховниот суд.[250] Согласно Членот 113 од Судскиот деловник, претседателот има право на „измени и дополнувања“ или на „интеграција“ на годишниот распоред на работа, доколку настапат промени на условите под кои е донесен годишниот распоред за работа во судот и тоа се одразува на успешното работење на судот.

Само во исклучителни случаи, судијата може да биде распореден во друг судски оддел против негова волја со одлука на Претседателот на судот, кога тоа го бара зголемениот обем и предметот на работа во судот, но најдолго за време од една година.[251] Таквата одлука на претседателот мора да биде во писмена форма и да содржи соодветно образложение.[252] Преместувањето на судиите од еден во друг суд е ретка појава, која е временски ограничена, а за која мора да одлучува Судскиот совет, повикувајќи се на причините предвидени со законот (замена на судија, зголемен обем на работа, причини на ефикасност и сложеност на тековните предмети).[253] Против одлуката на Судскиот совет може да се вложи приговор до истиот орган.[254]



Кога станува збор за распоредувањето на предметите, релевантната законска одредба е Членот 7 од Законот за судовите, согласно која, предметите што доаѓаат во судот на одлучување, се распределуваат меѓу судиите на електронски начин, преку Системот за автоматско управување со судски предмети (АКМИС), „со исклучување на секакво влијание врз начинот на распределба од страна на Претседателот на судот, судијата или судската администрација“.

### 5.3. Прераспределба на судиите во предметите на СЈО

На 20 декември 2017 година, новоназначениот претседател на Основниот суд Скопје 1[255] објави нов годишен распоред за работа на судот (применлив од 1 јануари 2018 година), согласно Членот 39, став 4 од Законот за судовите. Со новиот распоред за работа, Одделот за организиран криминал и корупција (ООКК) во рамки на Основниот суд – чии судии се надлежни да постапуваат по предметите на СЈО – беше значително реорганизиран. Некои од судиите кои претходно судеа во рамки на ООКК, беа

[248] Член 39, став 4 од Законот за судовите; Судски деловник, Член 112.
[249] Истиот извор.
[250] Член 39, став 11 од Законот за судовите.
[251] Член 39, став 8 од Законот за судовите. Ваквата одлука мора да се заснова и врз позитивно мислење добиено од Врховниот суд.
[252] Истиот извор.
[253] Член 39, став 9, алинеја 10 од Законот за судовите.
[254] Член 39, став 12 од Законот за судовите.
[255] Сегашниот Претседател на Основниот суд Скопје 1, Иван Џолев ја презеде оваа функција на 10 ноември 2017 година.

префрлени во Одделот за прекршоци во Основниот суд (вклучувајќи го и поранешниот претседател на Судот);[256] некои други судии, кои претходно беа дел од Одделот за прекршоци и Одделот за општ криминал, беа префрлени во ООКК. Основниот суд не објави никакво јавно или официјално соопштение во врска со прераспределбата на судиите во 2018 година.[257] Новиот годишен распоред за работа имаше влијание врз сите предмети на СЈО, со исклучок на два од нив.[258] Иако во тоа време само осум од предметите на СЈО беа во тек, преостанатите десет предмети веќе беа распоредени по судечки совети пред месец јануари 2018 година и во голем број од нив веќе беа закажани и првите расправи. Со други зборови, на 1 јануари 2018 година, се изврши промена на судиите, кои претходно беа одредени да постапуваат по 18 од предметите на СЈО и во осум од нив таквата промена се случи на самата средина од судскиот процес. Во отсуство на какво било објаснување за јавноста, одредени медиуми шпекулираа со информацијата дека промените биле политички мотивирани. Поконкретно, според наводите на овие медиуми, новопоставениот претседател ги заменил судиите кои биле критички настроени кон СЈО (и покажувале симпатии кон опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ, дел од чие високо раководство беше обвинето во предметите на СЈО), со некои поподобни судии, поблиски до новата власт.[259]



Треба да се забележи дека прераспределбата на судиите во 2018 година следеше по две претходни реорганизации на работата на Основниот суд во февруари и март 2017 година, за што одлуките ги носеа двајца последователни вршители на должност претседател на судот.[260] Овие претходни прераспределувања беа предмет на уште посилни критики во јавноста, затоа што во тоа време се сметаше дека реорганизацијата на судот се прави со цел да се попречи работата на СЈО.[261] Во обата случаи, Основниот суд издаде соопштение

---

256 Дејан Б., *ЕКСКЛУЗИВНО: Владимир Панчевски префрлен во одделот за прекршоци!*, Судство, 15 ноември 2017 година, достапно на следнава интернет страница: https://bit.ly/2WRuJBe.

257 На веб страницата на судот можете да ги погледнете само годишните распореди за работа за 2014 и 2015 година (https://bit.ly/2KnBZDx). Сепак, реорганизацијата која ја воведе Претседателот на судот беше предмет на бројни медиумски извештаи како во специјализираните, така и во неспецијализираните медиумски куќи, за што ќе се говори во овој дел од извештајот. Погледнете Мета.мк., *Џолев донел нов распоред во кривичен – дел од предметите на СЈО ќе добијат нови судии*, достапно на следнава интернет адреса: http://meta.mk/dholev-donel-nov-raspored-vo-krivichen-del-od-predmetite-na-sjo-ke-dobijat-novi-sudii/.

258 *Тврдина 2,* завршен во ноември 2017 година, пред да стапи во сила новиот распоред за работа и *Труст*.

259 С. К. Делевска, *Џолев ги прераспредели сите судии за кои имал информација и доказ дека биле послушници на претходната власт и кои ја блокираа работата на Специјалното јавно обвинителство во одделот за прекршоци во судот*, Сакам да кажам, 20 декември 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://sdk.mk/index.php/makedonija/nov-raspored-vo-krivichniot-sud-mihajlova-petrovska-ke-sudat-prekrshotsi-zaedno-panchevski/; Дејан Б., *ЕКСКЛУЗИВНО: Владимир Панчевски е префрлен во одделот за прекршоци!*, Судство, 15 ноември 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://bit.ly/2WRuJBe; Нова ТВ, *Нов годишен распоред на судиите во Кривичниот суд*, 20 декември 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://novatv.mk/nov-raspored-na-sudii-vo-krivichniot-sud/.

260 По завршувањето на мандатот на Владимир Панчевски, кој беше Претседател на Основниот суд Скопје 1 од 2012 до 2016 година, беа назначени двајца вршители на должност Претседател на судот, во очекување да биде назначен нов Претседател од страна на Судскиот совет: Татјана Михајлова (од 5 декември 2016 до 7 март 2017) и Стојанче Рибарев (од 13 март до 25 октомври 2017 година).

261 Маја Ивановска, *Заза Николовска: Одлуката на судијката Михајлова укажува на непочитување на стандардите на независното судство!* Цивилмедиа.мк, 21 февруари 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://civilmedia.mk/zaza-nikolovska-odlukata-na-sudikata-michalova-ukazhuva-na-npotchituva-na-standardit-na-nzavisnoto-sudstvo/?print=print; Фокус, *Чистка во Кривичниот суд: Предметите на СЈО не смеат да паднат во раце кај „непослушни“ судии*, 21 февруари 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://fokus.mk/chistka-vo-krivichniot-sud-predmetite-na-sjo-ne-smeat-da-padnat-v-ratse-kaj-neposlushni-sudii;

за јавност, појаснувајќи дека вршителите на должноста Претседател на судот постапувале согласно нивните законски овластувања и дека новиот годишен распоред за работа се усвојува со единствена цел, да се обезбеди ефикасно работење на Судот. Поконкретно, објаснувањето дадено во соопштението за јавност од 21 февруари 2017 година гласеше: „прераспределбата на судиите во различните оддели на судот е законско право на претседателот или вршителот на должност претседател на судот и затоа тврдењата дека прераспределбата е направена со цел да се наградат или казнат одредени судии се целосно неосновани.[262] Слично на ова, во соопштението за јавност објавено на 29 март 2017 година, се појаснуваше дека реорганизацијата била направена од објективни причини, односно, со цел, да се намали бројот на заостанати предмети, да се спречи истекувањето на процесните рокови предвидени со законот или за да се намали работната оптовареност на судиите.[263] Некои од судиите што беа засегнати со реорганизацијата во 2017 година, вложија приговори до Врховниот суд согласно Членот 39, став 11 од Законот за судовите. Иако во најголем дел, Врховниот суд ги прифати приговорите во врска со извршената прераспределба на судиите во февруари 2017 година,[264] најголемиот дел од оние што беа резултат на реорганизацијата во март 2017 година беа одбиени.[265] Не постојат јавно достапни информации во врска со поднесените приговори на судиите во однос на последната прераспределба во 2018 година, ниту пак за причините за овие приговори.



### 5.4. Измени во составот на судечките совети во текот на самото судење

Во текот на 2018 година беа извршени промени во составот на судечките совети во четири од предметите на СЈО, поради измените во годишниот распоред за работа во Основниот суд и од други причини. Во предметот *Транспортер*, еден од судиите

С. К. Делевска, *Контра бомба во судството – Унапредени судиите што го кочат СЈО, чистка во Кривичниот суд*, Сакам да кажам, 21 февруари 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://sdk.mk/index.php/makedonija/kontrabomba-vo-sudstvoto-unapredeni-sudiite-shto-go-kochat-sjo-chistka-vo-krivichniot-sud; Сведок, *Рибарев направи скандалозен годишен распоред на судиите во одделот на Панчевски и Михајлова*, 29 март 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: http://svedok.org.mk/mk/record.php?id=789; MKD.mk, *Новиот годишен распоред на судиите повторно контроверзен*, 28 март 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://www.mkd.mk/makedonija/noviot-godishen-raspored-na-sudiite-povtorno-kontroverzen; С. К. Делевска, *Најмалку 17 судии незадоволни од новиот распоред во Кривичниот суд поднесоа приговори до Врховниот суд,* Сакам да кажам, 5 април 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://sdk.mk/index.php/makedonija/najmalku-17-sudii-nezadovolni-od-noviot-raspored-vo-krivichniot-sud-podnesoa-prigovori-vrhovniot-sud.

[262] Соопштението за јавност во целост можете да го погледнете на Академик.мк, *Кривичниот суд издаде соопштение во врска со годишниот распоред за работа на судот,* 21 февруари 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://www.akademik.mk/krivichniot-sud-objavi-soopshtenie-vo-vrska-so-godishniot-raspored-za-rabota-na-sudot/.

[263] Соопштението за јавност во целост е пренесено во Сведок, *Рибарев направи скандалозен годишен распоред на судиите во одделот на Панчевски и Михајлова*, 29 март 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: http://svedok.org.mk/mk/record.php?id=789.

[264] Во еден од медиумските написи се шпекулираше дека ова мора да е резултат на фактот што вршителот на должност Претседател објавил нов годишен распоред, без притоа да побара мислење од Врховниот суд, како што тоа е предвидено со закон; Погледнете Сведок, *Врховниот суд го одби годишниот распоред на Михајлова: Тоа не е вообичаен распоред*, 3 март 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: http://svedok.org.mk/mk/record.php?id=738.

[265] С. К. Делевска, *Најмалку 17 судии незадоволни од новиот распоред во Кривичниот суд поднесоа приговори до Врховниот суд,* Сакам да кажам, 5 април 2017 година, достапно на следнава интернет адреса: https://sdk.mk/index.php/makedonija/najmalku-17-sudii-nezadovolni-od-noviot-raspored-vo-krivichniot-sud-podnesoa-prigovori-vrhovniot-sud.

поротници беше заменет на 28 септември 2018 година поради истекот на нејзиниот мандат. Во предметот *Таргет-Тврдина*, вториот судија беше заменет на 13 септември 2018 година од причини кои останаа нејасни за јавноста.[266] Во предметот *Тревник*, еден од судиите поротници беше заменет на 10 септември 2018 година од необјаснети причини. Во предметот *Титаник 3*, составот на судечкиот совет се менуваше во два наврати. На 11 мај 2018 година, Претседателот на советот ги информираше странките дека е променет вториот судија во предметот, како резултат на одлука која ја донел Претседателот на судот. На 12 октомври 2018 година, странките беа информирани дека поради здравствени причини, повторно се менува вториот судија во предметот, како и двајца судии поротници.

Согласно Членот 371 од ЗКП, секогаш кога се менува составот на судечкиот совет, судењето мора да започне од почеток. Тоа и се случи во сите предмети каде што беше неопходно.[267] Повторното отпочнување на овие судски процеси не предизвика прекумерни одлагања поради фактот што речиси во сите предмети странките се согласија да ги прифатат веќе изнесените воведни зборови и/или искази на сведоците и истите да се внесат на записник, наместо да се повторува целата постапка (односно, повторно да се даваат воведни зборови и/или повторно да се повикуваат сведоците за да повторно се земе нивниот исказ пред судот).



### 5.5. Заклучок

Во ова поглавје се навративме на процесот на назначување на судиите што ќе постапуваат по предметите на СЈО од страна на Претседателот на судот. Како што можевме да видиме, Членот 39 од Законот за судовите му дава право на Претседателот на судот, секоја година да изготвува нов годишен распоред за работа, со кој, врз основа на претходно дадено мислење од страна на Врховниот суд, може да врши распределба на судиите во различните оддели, имајќи ги притоа предвид нивните специјализирани знаења во определени области. Во периодот помеѓу декември 2016 и јануари 2018 година, годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје 1 се менуваше три пати, со одлука на три различни претседатели на судот. Ова беше причина, медиумите да започнат со шпекулации дека внатрешната реорганизација на судот има за цел или да му оди во полза или, пак, да му наштети на СЈО, во зависност од моменталната политичка ситуација. Како такви, овие прераспределби предизвикаа негативна перцепција во јавноста во однос на независноста и непристрасноста на судството и покрај тоа што претседателите на судовите имаат полно законско право за носење на ваквите одлуки.

Во октомври 2017 година, на барање на Министерството за правда, беше извршена експертска проверка и контрола на функционирањето на Системот за автоматско

---

[266] Сепак, голема е веројатноста дека ова се има случено затоа што конкретниот судија постапувал во повеќе различни предмети на СЈО и други предмети.

[267] Во предметите *Таргет-Тврдина, Тревник* и *Траекторија*, судењето воопшто соодветно не започна пред измените во составот на судечкиот совет. Од таа причина немаше потреба за формализирана одлука согласно Членот 371 од ЗКП.

управување со судски предмети (АКМИС). Притоа беа утврдени „сериозни повреди на постапката за усвојување годишни распореди за работа на судот. Започнувајќи од 25 декември 2015 година, па сè до моментот на вршење на контролата, годишните распореди за работата на судот за 2016 и 2017 година биле менувани премногу често и притоа не се почитувала процедурата за нивно усвојување. Очигледно е дека одредени предмети биле намерно прераспределувани за постапување од еден судија на друг.“[268]

Загрижува леснотијата со која судиите можат да бидат прераспределувани од еден во друг оддел во судот и тоа не е во согласност со меѓународните најдобри практики/минимални стандарди за неменливост на судиите и распоредување на судските предмети. Членот 39 од Законот за судовите не треба да се користи секоја година, како правен основ за реорганизација на судот и прераспределба на судиите по волја на Претседателот на судот (а уште помалку по волја на вршителите на должност претседател на судот).[269] Во согласност со начелото за неменливост на судиите, загарантирано со Уставот и најдобрите европски практики, законот треба прецизно да ги утврди „посебните околности“ во кои Претседателот на судот има право да врши преместување на судиите во различните оддели преку годишниот распоред за работа на судот, како што тоа го прави преку одредбата со која се регулира можноста за преместување на судиите во текот на годината (погледнете ја точката 5.2. погоре во текстот). Единствената функција на годишниот распоред за работа што го носи Претседателот на судот, треба да биде давањето одговор во однос на ефективните потреби поврзани со обемот на работа, односно бројот на предмети за постапување и нивната распределба меѓу судиите. Уште поважно, годишниот распоред за работа, како и причините за какви било измени во него, мораат секогаш да бидат јавно достапни. Во оваа смисла, во извештајот бележиме дека Основниот суд Скопје 1 не објавуваше официјални информации за причините за промените во годишниот распоред за работа, а на неговата веб страница не можат да се најдат најнови информации во однос на важечкиот годишен распоред за работа што е моментално во примена.



[268] Министерство за правда, *извештај за извршената контрола на функционирањето на АКМИС системот и спроведувањето на одредбите од Судскиот деловник на Основниот суд Скопје 1, Апелациониот суд во Скопје и Врховниот суд,* 7 декември 2017 година, стр. 1, достапно на следнава интернет адреса: http://justice.gov.mk/Upload/Documents/%D0%90%D0%9A%D0%9C%D0%98%D0%A1%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98.pdf.

[269] Иако согласно законот на вршителите на должност Претседател на суд не им е забрането да издаваат нови распореди за работа, се препорачува тие да се воздржат од таквата активност за време на нивниот привремен мандат.

# ЗАКЛУЧОК

Во овој извештај анализиравме одредени прашања поврзани со постапувањето по 20 предмети на СЈО во временскиот период помеѓу ноември 2016 и ноември 2018 година. По воведот, во второто поглавје извршивме анализа на законодавството и праксата во однос на присуството на обвинетите на судењата. Иако стапката на отсуство меѓу обвинетите не е прекумерно висока (14%), нивното отсуство е сепак главната причина за одлагање на судските расправи. Сегашната законска рамка не предвидува соодветни алатки за судот за да се справи со ситуациите во кои обвинетите самоволно одлучуваат да не присуствуваат на нивното судење. Кога еден обвинет, кој е редовно повикуван на расправите, не се појавува пред судот законот ја дозволува можноста за непрекинато и постојано одлагање на расправите, сè  додека обвинетиот доставува оправдување за своето отсуство преку својот бранител. Уште повеќе во периодот на известување, тројца обвинети ја напуштија земјата и побегнаа пред лицето на правдата, вклучувајќи го и поранешниот премиер Никола Груевски, кој е обвинет во пет различни предмети, а во еден од нив му е изречена и правосилна осудителна пресуда. Законите овозможуваат да мине значително време помеѓу изреката на конечната правосилна осудителна пресуда и моментот кога осуденото лице треба да се пријави за извршување на затворската казна (или да биде лишено од слобода од страна на надлежните државни органи), така што осудените лица имаат шанса да избегаат.



Во третото поглавје од овој извештај ги анализираме прашањата на ефикасност и експедитивност. Во извештајот бележиме значително подобрување во однос на динамиката на одвивање на судските процеси помеѓу 2017 година (со стапка на одложени расправи од 56,5% за десет тековни предмети) и 2018 година (со стапка на одложени расправи од 29% за 19 тековни предмети).[270] Во текот на периодот за кој известуваме, стапката на одложени расправи во предметите на СЈО изнесуваше 33% (1 од 3). Од друга страна, во поглавјето се потенцира и дека во сите предмети, со исклучок на еден, не се почитувани роковите што ЗКП ги пропишува во однос на започнувањето на главната расправа по потврдувањето на обвинителниот акт.[271] Просечното изминато време од потврдувањето на обвинението до почетокот на судскиот процес во предметите на СЈО беше подолго од 60 дена. Освен тоа, во извештајот ги анализиравме и другите причини за одлагање на судските расправи во предметите на СЈО кои влијаат врз севкупната ефикасност на постапките. Таквите причини може да се групираат во две главни категории. Првата е претставена преку неподготвеноста на судиите да преземат активна улога во процесот на управување со предметите. Поконкретно, неуспехот во адресирањето и разрешувањето на спорните процесни прашања во претходната постапка (на пример, приговори во однос на дозволеноста на одредени докази или жалби во врска со процесот на споделување на доказите), пред почетокот на главната расправа, резултира со долги дискусии во врска со овие прашања за време на главните расправи, со што се одлага

[270] Во 2016 година се постапуваше само по два предмети, а во обата од нив се одржа само по една расправа. Расправите не беа одложени.
[271] Согласно Членот 345, став 2 од ЗКП, Претседателот на советот е должен да ја закаже главната расправа во рок од 30 дена од приемот на обвинителниот акт. За кривични дела од сферата на организираниот криминал, овој рок изнесува 60 дена.

почетокот на доказната постапка. Второ, сметаме дека изборот на сведоците и материјалните докази што се изведуваат во текот на судењата не е доволно стриктен. Во текот на периодот на известување, како доказни предмети во текот на судењата, СЈО изведе речиси 2.000 аудио снимки, над 4.000 документи и повика околу 350 сведоци. Општиот наод е дека, во голем број од предметите, СЈО не понуди соодветно објаснување за релевантноста на употребените докази и нивната поврзаност со обвиненијата, ниту пак за меѓусебната поврзаност меѓу различните видови изведувани докази (пресретната комуникација, документи, сведоци). Во отсуство на такви објаснувања, впечатокот на набљудувачите на ОБСЕ беше дека странките ја сфаќаат доказната постапка како момент, во кој од нив се очекува да го презентираат пред судот „сето она што го поседуваат" без детална оценка за поврзаноста на доказните предмети со фактичката состојба која се обидуваат да ја докажат. Истовремено, судиите немаа секогаш целосна контрола врз процесот на утврдување на дозволеноста на предложените докази во текот на судењата, меѓутоа, во основа дозволуваа изведување на сите докази што беа предлагани од странките, без да вршат посебна оценка на нивната релевантност.



Во четвртото поглавје од овој извештај разгледувавме некои од приговорите што одбраната ги вложуваше во предметите на СЈО. Главниот наод е поврзан со домашната законодавна рамка за споделување на доказите по завршувањето на истрагата која не обезбедува доволно гаранции за суштински пристап на одбраната до предметните списи. Поконкретно, важечката законска рамка му дава можност на обвинителството по сопствена волја да одлучува дали на одбраната ќе ѝ даде копии од доказните предмети содржани во предметните списи или не. СЈО не само што се придржуваше кон обврската да ѝ даде на одбраната можност за увид во списите веднаш по завршувањето на истрагата, туку отиде и чекор понатаму и надвор од она што строго е предвидено со законот, давајќи им на адвокатите на одбраната компакт дискови, со доказите собрани во прилог на обвиненијата. Ваквата пракса е за пофалба и истата е во согласност со највисоките стандарди за фер и правично судење. Сепак, СЈО на одбраната не ѝ даваше копии од снимките од прислушуваните разговори, од причини кои и понатаму остануваат необјаснети. Иако одбраната имаше можност да го посочи ова прашање за време на судењата и на тој начин се овозможи судска контрола над одлуката на СЈО да не ги споделува ваквите докази, судот не понуди квалитетно образложена одлука за одбивање на ваквите барања од одбраната. Дополнително, во ова поглавје се осврнавме и на жалбите на адвокатите на одбраната за немањето доволно време за подготовка на одбраната, поради големиот број расправи што се закажуваат во текот на една недела.

Во петтото поглавје се навративме на процесот на распоредување судии во предметите на СЈО од страна на Претседателот на судот. Во периодот помеѓу декември 2016 и јануари 2018 година, годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје 1 се менуваше три пати, со одлука на тројца различни претседатели на судот (при што, двајца од нив всушност беа *вршители на должност* претседател на судот). Тоа беше причина, медиумите да започнат со шпекулации дека внатрешната реорганизација на судот има за цел или да му оди во полза или, пак, да му наштети на СЈО, во зависност од моменталната политичка ситуација. Како такви, овие прераспределби предизвикаа негативна перцепција во јавноста во однос на независноста и непристрасноста на судството. Загрижува леснотијата со која

судиите можат да бидат прераспределувани од еден во друг оддел во судот и тоа не е во согласност со меѓународните најдобри практики/минимални стандарди за неменливост на судиите и распоредување на судските предмети. Членот 39 од Законот за судовите не треба да се користи секоја година, како правен основ за реорганизација на судот и прераспределба на судиите по волја на Претседателот на судот. Единствената функција на годишниот распоред за работа што го носи Претседателот на судот, треба да биде давањето одговор во однос на ефективните потреби поврзани со обемот на работа, односно бројот на предмети за постапување и нивната распределба меѓу судиите. Уште поважно, годишниот распоред за работа, како и причините за какви било измени во него, мора секогаш да бидат јавно достапни. Во оваа смисла, во извештајот бележиме дека Основниот суд Скопје 1 не објавуваше официјални информации за причините за промените во годишниот распоред за работа, а на неговата веб страница не може да се најдат најнови информации во однос на важечкиот годишен распоред за работа што е моментално во примена.

# ПРЕПОРАКИ



**<u>За СЈО</u>**

Имајќи ја предвид сложеноста на предметите по кои постапува СЈО и нивното значење за јавниот интерес, важно е судиите и јавноста на јасен и ефективен начин да бидат запознаени со теоријата на случајот која СЈО се обидува да ја докаже. За таа цел СЈО треба:

- **Да обезбеди навремено и целосно споделување** на доказите против обвинетиот и доказите во прилог на одбраната на обвинетиот, обезбедувајќи копии за адвокатите на одбраната од сите видови докази содржани во предметните списи, без разлика во кој формат се наоѓаат;
- **Да врши прецизна селекција на доказите што ќе ги изведува на главната расправа,** предлагајќи ги до судот само оние доказни материјали што одат во прилог на обвинението и ја докажуваат неговата теорија на случајот;
- **Да ги подобри вештините на презентација на своите обвинители во текот на судскиот процес**: јасно објаснување на релевантноста на доказите што ги предлага обвинителството (односно, нивната поврзаност со обвинението), како и објаснување за меѓусебниот однос меѓу различните видови докази што се изведуваат (односно, пресретнати комуникации, документи, сведоци).

**<u>За адвокатите на одбраната</u>**

- Во согласност со европските најдобри практики за професионална етика, адвокатите треба да ги прифаќаат само оние случаи за кои можат да обезбедат ефикасно и квалитетно застапување.

**<u>За Основниот суд Скопје 1</u>**

- **Прекинување на расправите само кога тоа е во полза на обвинетите кои навистина не се способни да присуствуваат**, на пример, поради сериозно влошена здравствена состојба или причини што се вон нивна контрола. По таа логика, работните обврски или службените патувања на обвинетите не треба да се сметаат за легитимна причина за одлагање на расправите. Кога работните обврски на обвинетиот произлегуваат од неговата или нејзината официјална функција предвидена со Уставот, на пример, кога станува збор за обвинет пратеник кој мора да присуствува на собраниска седница, временскиот распоред на рочиштата треба да се дефинира однапред, земајќи ги предвид агендата и распоредот на собраниските седници, за да се избегне евентуалното преклопување помеѓу закажаните судски расправи и собраниски седници;
- **Почитување на роковите предвидени во ЗКП при закажувањето на главната расправа по потврдата на обвинителните акти;**
- **Преземање активна улога во управувањето со предметите:**

- Судиите треба да ја користат алатката за управување со постапките предвидена во Членот 347, став 2 од ЗКП, со цел навреме да ги адресираат прашањата кои имаат потенцијал да го нарушат или оптоварат одвивањето на судскиот процес;
- Судиите треба да вршат активна контрола и надзор врз прифаќањето на предложените докази во текот на постапката, со одбивање на сите излишни или ирелевантни докази;

- **Толкување на законската рамка во врска со споделувањето докази во согласност со меѓународните стандарди:** судиите треба да го надгледуваат процесот на споделување докази, носејќи соодветно образложени одлуки по предлозите и барањата на странките и обезбедувајќи суштински пристап до предметните списи за правните застапници.
- Претседателот на судот треба да го носи **годишниот распоред за работа со единствена цел да одговори на ефективните потреби поврзани со обемот на работа, односно бројот на предмети за постапување и нивната распределба** меѓу судиите. Причините со кои се објаснуваат евентуалните промени во годишниот распоред за работа од една до друга година треба секогаш да бидат јавно достапни преку веб страницата на судот.



<u>**За законодавната и извршната власт**</u>

- **Зајакнување на законската рамка во делот на присуството на обвинетите на судските расправи:**
  - во ЗКП треба да бидат наведени причините за отсуство што се прифатливи, како и оние што не се прифатливи. Поконкретно, би било корисно доколку во ЗКП се воведе и една општа одредба согласно која единствено „легитимните“ и „апсолутните“ пречки ќе бидат прифатливи за судиите како причина за одлагање на расправата;
  - би било корисно во ЗКП да се воведе и една дополнителна одредба согласно која судијата ќе може да издаде наредба за посебно независно медицинско вештачење во сите оние ситуации кога судијата има причини да се сомнева во неможноста на обвинетиот да присуствува на судењето.
- **Усогласување на законската рамка за судењата во отсуство со меѓународните стандарди:** доколку обвинетиот недвосмислено се откаже од своето право да присуствува на сопственото судење, (на пример, давајќи се во бегство), тој или таа не би требало да има право на повторно судење во иднина;
- **Измени и дополнувања на законската рамка за извршување на санкциите со цел максимално да се намали можноста за бегство по осуда:** законот мора да обезбеди период помеѓу носењето на конечна и правосилна осудителна пресуда и моментот на лишување од слобода на осуденото лице од страна на надлежните органи, кој нема да биде прекумерно долг, за да максимално се намали ризикот од евентуално бегство;
- **Следење на примерот на Босна и Херцеговина и воведување на механизмот на „статусни конференции“ во ЗКП** со цел да се дефинира начинот на кој ќе се

одвива судскиот процес и ќе се дефинира временскиот распоред за доказната постапка во рамки на главната расправа;

- Во согласност со начелото на неменливост на судиите, вградено во Уставот и најдобрите европски практики, **законот треба прецизно да ги утврди „посебните околности“ во кои Претседателот на судот има право да врши преместување на судиите во различните оддели преку годишниот распоред за работа на судот**.

Follow OSCE

**OSCE Mission to Skopje**
Bulevar 8-mi Septemvri No. 16
1000 Skopje

e-mail: info-MK@osce.org
website: http://www.osce.org/mission-to-skopje